УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

Васко Митевски

# СТРАНСКИТЕ ТЕРОРИСТИЧКИ БОРЦИ КАКО СОВРЕМЕНА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА ЕВРОПА,ЗАПАДЕН БАЛКАН И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**(магистерска теза)**

Скопје, Октомври 2024

**Ментор:**

Проф. Др. Злате Димовски
редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Членови на комисија**:

1. Проф. Д-р Марјан Николовски
редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
2. Проф. Д-р. Фросина Ташевска-Ременски
редовен професор на Факултетот за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

Датум на одбраната: ______________________

Датум на промоцијата: _____________________

Наука на која што се стекнува магистеристерското звање:
**Кризен менаџмент** (II Циклус – кризен менмаџмент **)**

# СТРАНСКИТЕ ТЕРОРИСТИЧКИ БОРЦИ КАКО СОВРЕМЕНА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА ЕВРОПА,ЗАПАДЕН БАЛКАН И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**

Експанзијата на тероризмот ,милитантниот исламизам и екстремизам во регионот на Европа , Западен Балкан и Република Северна Македонија , како и големиот број на странски терористички борци од овој регион , во последните две децении ја нагласи неодложната потреба од проучување на идеологијата и на религиското убедување како движечка сила на овој феномен кој прерасна во главна безбедносна закана, не само за регионалната туку и за глобалната безбедност.

Формирана врз основа на најекстремните форми на исламот коишто промовираат верска и етничка омраза, несогласување со современите демократски процеси, човекови права и слободи, милитантно-исламистичките структури во регионот и СТБ-повратници ,претставуваат дел од планот за остварување на крајната цел на милитантно-исламистичката идеологија.

Во тој контекст, основната интенција на ова научно истражување е идентификување на факторите што влијаат врз експанзијата на странските терористички борци , милитантниот исламизам и екстремизам и дефинирање на неговите специфични методи на дејствување како потенцијална закана по регионалната безбедност на Европа,Западен Балкан и Р.С.Македонија .

**Клучни зборови**: *странски терористички борци, закана, Европа,ЗБ,РСМ, , глобална безбедност.*

**FOREIGN TERRORIST FIGHTERS AS A MODERN SECURITY THREAT TO EUROPE, THE WESTERN BALKANS AND THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**


## Abstract

The expansion of terrorism, militant Islamism and extremism in the region of Europe, the Western Balkans and the Republic of North Macedonia, as well as the large number of foreign terrorist fighters from this region, in the last two decades emphasized the urgent need to study ideology and religious conviction as a driving force. strength of this phenomenon that has grown into a major security threat, not only for regional but also for global security.

Formed on the basis of the most extreme forms of Islam that promote religious and ethnic hatred, disagreement with modern democratic processes, human rights and freedoms, the militant-Islamist structures in the region and FTFs-returnees, represent part of the plan to achieve the ultimate goal of the militant-Islamist ideology.

In that context, the main intention of this scientific research is to identify the factors that influence the expansion of foreign terrorist fighters, militant Islamism and extremism and to define its specific methods of action as a potential threat to the regional security of Europe, the Western Balkans and the Republic of North Macedonia.



Keywords: *foreign terrorist fighters, threat, Europe, WB, R.N.Macedonia , global security.*

Факултет за безбедност Скопје

# ИЗЈАВА

Од Васко Митевски

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил: Васко Митевски

СОДРЖИНА

Попис на табели ....5

Вовед .... 10

Introduction....11

Теоретски основи на истражувањето и Формулирање на проблемот на истражување....12

Цел на истражувањето....18

Начин на истражување....19

Научна и општествена оправданост на истражувањето....20

Глава 1. Карактеристики , цели и форми на манифестирање на тероризмот и

Феноменот на странски терористички борци....22

1.1.Современи форми на тероризам....22

1.1.1..Карактеристики на современиот тероризам ....26

1.1.2.Цели на современиот тероризам ....26

1.1.3.Форми на манифестирање на тероризмот....27

1.2. Што опфаќа терминот „странски терористички борец“....31

1.3. Типологија и мотивација ....33

1.3.1. Кои се странските терористички борци....33

1.3.2. Како се наоѓаат- врбуваат....34

1.3.3. Зошто поединците стануваат странски терористички борци....35

1.4. Жени и деца ....38

1.5.Еволуција на феноменот ....41

1.6. Тероризмот на светско ниво во 2023 ....47

Глава 2 . Странски терористички борци: меѓународни и регионални правни рамки....49

2.1 Меѓународна правна рамка...49

2.2. Резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации 1373 (2001), 2178 (2014) и 2396 (2017) ...49

2.3. Глобална стратегија на ОН за борба против тероризмот...54

2.4. Регионална рамка...57

2.5. Стратегија на Советот на Европа за борба против тероризмот за 2018-2022 г...58

2.5.1.Правни инструменти на Европската унија за борба против тероризмот...59

2.5.2.Стратегија на Европската унија за борба против тероризмот (2005) ...60

2.6. Национална стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризам (2018-2022 , и 2023-2027) ...65

2.6.1.Регионално ниво ...67

2.6.2.Државно ниво ...68

2.6.3.Општинско/локално ниво ...69

Глава 3 .Исламска Држава на Ирак и Сирија-Да-еш ... 71

3.1.Организациски преглед на ИСИС ...72

3.1.1. Главна Идеологија и цели...73

3.1.2. Извршени напади од страна на ИД( или нејзините претходни филијали-ограноци )...76

3.2.Ситуацијата во светот со борците -ФТФ на ИСИС...85

3.3. Иднината на ИД (Да-еш)...87

3.3.1.Што се случуваше со борците после падот на ИД ...88

Глава 4 . Историска перспектива на феноменот на СТБ за ЈИЕ и Западен Балкан...90

4.1. Проценети бројки на контингенти со СТБ од ЈИЕ и Западен Балкан...91

Табела бр. 1 Број на лица кои патувале за Сирија од државите на Западен Балкан...91

4.2.Причини за радикализација и високите бројки на ФТФ од ЈИЕ и Западен

Балкан......................................................................................................................96

4.3.Радикализацијата во Р.Северна Македонија........................................................100

4.4.Верски заедници..................................................................................................103

4.5. СТБ (ФТФ ) повратници во Југоисточна Европа и Западен Балкан ..................105

Табела бр. 2 .Број на вратени граѓани од Западен Балкан од конфликтните зони во Сирија и Ирак.......................................................................................................................................104

4.6.Примери за случаи на СТБ од РСМ и начини на делување ................................107

4.7. Изречени (вкупно )пресуди во Р.С. Македонија за кривични дела тероризам, терористичка организација, учество во странска војска, полиција или паравоени формации и служба во непријателска војска до 2023 година .............................................................111

Табела бр.3 Правосилни пресуди кои се однесуваат на сторени кривични дела тероризам, терористичка организација, учество во странска војска, полиција или паравоени формации и служба во непријателска војска...........................................................................................107

**Глава 5 . Војни и миграции и нивната поврзаност со ФТФ** ..........................................114

5.1.Раселени лица во светот..........................................................................................114

5.2.Африка.......................................................................................................................114

5.3. Левант .......................................................................................................................115

5.4. Сирија.........................................................................................................................116

Табела бр.4 Бегалци и внатрешно раселени лица во Сирија, период 2001-2015................115

5.5. Ирак.............................................................................................................................117

Табела бр.5 Бегалци и внатрешно раселени лица во Ирак, период 2001-2015....................117

5.6. Авганистан.................................................................................................................118

Табела бр.6 Бегалци и внатрешно раселени лица во Авганистан, период 2001-2015.........118

5.7. Украина........................................................................................................................120

5.8. Палестина и Израел...........................................................................................................121

5.8.1.Ескалацијата на Блискиот Исток може да го „потпали“ и регионот............................123

Глава 6. Институции за спроведување на законите во РСМ во справувањето со тероризмот, екстремизмот и СТБ.........................................................................................................126

6.1. Агенција за Национална Безбедност –АНБ ..................................................................126

6.2. Агенција за разузнавање(АР )...........................................................................................127

6.3.МВР – Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам..........................128

6.4.  Гранична Полиција.............................................................................................................129

6.5. Управа за Финансиско Разузнавање (УФР )....................................................................131

6.6.  Управа за финансиска полиција .......................................................................................132

6.7. Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница...............................133

Глава 6. Заклучоци и препораки.............................................................................................134

Користена Литература ..............................................................................................................137

# Вовед

Живееме во свет кој што се менува со огромна брзина  и динамичност. Последните две  децении, а особено последните  години ,тековната 2024 , 2023 –та и 2022 –та  година, видовме монументални настани и предизвици кои влијаеја на безбедноста и благосостојбата на целиот свет, а особено на Европскиот континент и на сите Европејци.

Воедно настаните  ја трансформираа и  целата слика за безбедноста, за управувањето со границите,за миграцијата према  Европската Унија[1] и земјите од Западен Балкан, помеѓу кои и нашата земја Р.С.Македонија за многу години што доаѓаат.

Војните и тероризмот во земјите од Азискиот и Афричкиот континент, мигрантската криза, КОВИД-19 кризата,  инструментализација на миграцијата,па сè до инвазијата на Украина од страна на Русија, носејќи милиони бегалци низ границите на Европа и земјите од Западен Балкан – сите овие настани ни го променија животот, правејќи го управувањето со кризи постојана карактеристика на управувањето со границите на земјите од ЕУ и Западен Балкан.

Во суштина, станува збор за глобални проблеми кои не го одминуваат нашето општество.Овој труд ќе разработува една од таквите теми, која своето заслужено внимание го има во последниве години а тоа се современите закани во 21 век за земјите од ЕУ и Западен Балкан , опишувајќи ги истите (современите закани)во целост, вклучувајки ги тука војните ,кои војни предизвикуваат миграциии економски кризи, Тероризмот и милитантниот исламизам , појави  кои  привлекуваат странски терористички борци (отвараат нови ќелии , создаваат т.н.“волци самотници” и сл)или регрутираат нови борци, помеѓу нив и повратници од боиштата (со нова  мисија , кои се враќаат во матичните земји, низ  миграциските текови или сл, и се спремни за превземање на терористички акции).

[1]во понатамошниот дел од текстот ЕУ

## Introduction

We live in a world that is changing with great speed and dynamism. The last two decades, and especially the last years, the current year 2024, 2023 and 2022, we saw monumental events and challenges that affected the security and well-being of the whole world, and especially the European continent and all Europeans.

At the same time, the events transformed the whole picture of security, of border management, of migration towards the European Union and the countries of the Western Balkans, including our country RN. Macedonia for many years to come.

Wars and terrorism in the countries of the Asian and African continents, the migrant crisis, the COVID-19 crisis, the instrumentalization of migration, up to the invasion of Ukraine by Russia, bringing millions of refugees across the borders of Europe and the countries of the Western Balkans – all these events they have changed our lives, making crisis management a permanent feature of EU and Western Balkan border management.

In essence, we are talking about global problems that do not go beyond our society. This paper will elaborate one of such topics, which has received its deserved attention in recent years, namely the modern threats in the 21st century for the countries of the EU and the Western Balkans, describing the same (contemporary threats) in their entirety, including wars, which wars cause migrations and economic crises, Terrorism and militant Islamism, phenomena that attract foreign terrorist fighters (open new cells, create so-called "lone wolves", etc.) or recruit new fighters, among them, returnees from the battlefields (with a new mission, who return to their home countries, through migration flows or similar, and are ready to undertake terrorist actions).

## Теоретски основи на истражувањето

## Формулирање на проблемот на истражување

Во денешниот свет насилниот екстремизам и тероризам претставуваат комплексни, повеќестрани предизвици кои не се ограничени само во рамки на границите на една земја. Терористичките групи и насилните екстремистички движења сè помалку се кохезивни што придонесува заканата да може потешко да се разбере и да се предвиди. Сведоци сме на директни напади што се извршуваат од страна на терористички групи, но исто така, сведоци сме и на акти на насилство од страна на инспирирани поединци . Некои терористички актери се странски борци,кои учествувале претходно во воени дејствија во други земји , а други, пак, никогаш претходно не ги напуштиле своите заедници. Целите, мотивите и оправдувањето за насилство се различни, како што се различни и самите идеи на кои тие се потпираат. Ваквата реалност бара сеопфатен, нијансиран и меѓународно координиран одговор.

Предмет на истражување на магистерскиот труд со наслов „Странските терористички борци како современа безбедносна закана за Европа, Западен Балкан и република Северна Македонија , се Странските Терористички Борци (Foreign terrorist fighters , или ФТФ ) , терористичката организација -Исламска Држава на Ирак и Сирија и нејзината идеологија и опасноста која доаѓа од овие лица кои војувале за неа или ја прифатиле нејзината идеологија и се радикализирале, или војувале за Ал Каеда и други актуелни терористички групи кои денес постојат.

Темата е повеќе од актуелна и многу значајна за разработување и во трудот ќе настојуваме да утврдиме (преку соодветни методолошки постапки)кои се безбедносните предизвици за Европа и Западен Балкан, а во тој склоп и нашата земја. Преку анализа на идентификуваните закани, ќе дојдеме до предметот на ова истражување: Странските Терористички Борци кои војувале за Исламска Држава на Ирак и Сирија(Да-еш)[2] и нејзината идеологија, насилниот екстремизам, радикализацијата, репатријацијата и

[2]Во понатамошниот дел од текстот ИСИС

ресоцијализацијата на истите, превземените мерки и активности досега од страна на нашата држава и потребните постапки кои би се превземале во иднина.

Во правец на детекција и постапување по идентификуваните закани, ќе ги разработиме постапките на инволвираните институции од безбедносната сфера во нашата држава- Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Управа за Финансиско Разузнавање, Управа за финансиска полиција, Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница ,Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал – Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Министерството за внатрешни работи , како и улогата на граничната полиција.

Објаснување на поимите :

**Тероризам** : Општо е познато дека нема една унифицирана дефиниција за тероризмот , туку постојат повеќе обиди за негово дефинирање.Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна употреба на сила изразена со примена на оружје ( биолошко, хемиско, радиолошко,нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување, заплашување или средство за постигнување политичка, етничка религиозна или идеолошка цел[3].

**Исламизам:**Политичка идеологија што се стреми кон создавање држава и општество врз основа на религијата и шеријатскиот закон.Сепак, исламизмот не претставува хомогена и монолитна форма. Напротив, исламизмот се состои од повеќе правци што се разликуваат во однос нацелта и средствата за негово остварување. Многу мал број исламисти го поддржуваат насилството како средство за остварување на целта. Најголемиот дел од нив се фокусирани на промовирање на глобалната „Дава“ (Da’wa) чија цел е заштита на муслиманскиот идентитет и вера од влијанието на неверниците. Третата форма на исламизам се фокусира на остварување на целта преку политички активности во структурата на воспоставениот политички систем на државите во коишто исламистите дејствуваат.

[3]Димовски З. и Илијевски И, Меѓународен тероризам ,Графикон 2011

**Исламист:**Поединец што го поддржува исламизмот, односно поединец што ги користи религиските аргументи во функција на остварување одредена политичка цел.

**Милитантен исламизам**: термин што се однесува на група или поединци што користат насилство во функција на остварување политички цели инспирирани од исламистичката идеологија. Милитантниот исламизам повикува на најстрого толкување на Куранот, делата и учењето на пророкот Мухамед. Таквото строго толкување на исламот е подеднакво спротивно како на верувањата на муслиманите, така и на немуслиманите. Милитантните исламисти се против западните демократии, блискоисточните влади и институции и исламистичките политички партии кои во изборните процеси во земјите во кои се активни учествуваат без употреба на насилство. И покрај тоа што милитантните исламисти се залагаат за формирање исламска држава, сепак тие се карактеризираат со недостаток од социоекономска агенда и нагласена употреба на сила против другите муслимани и немуслимани.[4]

**Странски терористички борци- СТБ ,**или на англиски **Foreign terrorist fighters-ФТФ**: се лица кои одат во земји што не им се матични земји со цел планирање,подготовки или учество во терористички акти или терористички тренинзи или да спроведат тренинзи вклучувајќи ги во врска со вооружен конфликт.

**Екстремизам:** Постојат различни правни, политички и академски дефиниции и сфаќања за тероризмот, радикализацијата и насилниот екстремизам. Овие дефиниции имаат различни цели и не секогаш се усогласени, што понекогаш претставува предизвик за напорите за подобрување на добрите практики и градење на меѓународна соработка.

Генерално, **насилниот екстремизам** се однесува на акти на насилство што се должат или се поврзани со таква идеологија што е екстремно верска, социјална или политичка.

Обично, насилниот екстремизам концептуално се смета како поекспанзивен и понијансиран за разлика од тероризмот. Акцискиот план на генералниот секретар на Организацијата на Обединетите нации за спречување на насилниот екстремизам укажува

---

[4] Чамински Б. -– специјалистички труд – Милитантниот исламизам како закана по регионалната безбедност на Југоисточна Европа, 2015 , стр.13

дека „насилниот екстремизам опфаќа поширока категорија на манифестации и постои ризик дека евентуален конфликт помеѓу двата поима може да доведе до оправдување на прекумерна примена на контратерористички мерки, вклучително и такви мерки против разни видови на однесувања што не треба да бидат оквалификувани како “терористички акти“.

Постојат значителни семантички и концептуални предизвици во терминологијата што се поврзани со насилниот екстремизам и тероризам, особено од перспектива на човековите права. Насилниот екстремизам и тероризам во основа претставуваат отфрлање на демократските вредности како што се толеранцијата, почитувањето, инклузијата и диверзитетот.

**Насилниот десничарски екстремизам**[5] **-** Експертите и практичарите користеле различни термини за да го обликуваат НДЕ. Меѓутоа не постои универзална дефиниција. Во 2021 година, група земји-членки на Европската унија кои учествуваа во Проектна соработка за насилен десничарски екстремизам (Бугарија, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Ирска, Шведска) одлучија да ја усвојат следната правно необврзувачка работна дефиниција:

- Насилниот десничарски екстремизам се состои од дела на поединци или групи кои користат, поттикнуваат, се закануваат со, легитимизираат или поддржуваат насилство и омраза за да ги унапредат своите политички или идеолошки цели, мотивирани од идеологии засновани на отфрлање на демократскиот поредок и вредностите како и основните права, а се фокусирани на исклучувачкиот национализам, расизам, ксенофобија и/или поврзана нетолеранција“.[6]

**Радикализацијата** се однесува на процесот во кој едно лице сѐ повеќе поддржува или се заложува за екстремистички идеи. Тоа претставува концепт за кој постојат различни толкувања. Понекогаш овој поим се користи на начини што имплицираат имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Таквите толкувања се проблематични, не само поради

[5]во понатамошниот дел од текстот НДЕ. Соработките засновани на проекти се проекти предводени од земјите на ЕУ, со поддршка на Европската комисија, запоттикнување размена и соработка на приоритетни теми за спречување на радикализација. https://ec.europa.eu/home-affairs/policies/internal-security/counter-terrorism-and-radicalisation/preventionradicalisation/project-based-collaborations_en

[6]Буљубашиќ М.,Насилен десничарски екстремизам во Западен Балкан,2022 ( стр.4 )

тоа што не сите кои имаат радикални идеи нема да се впуштат или да поддржат насилна активност, туку и поради способноста да се има идеја - независно од нејзината природа, а тоа претставува заштитено основно човеково право.

Правото на слобода на изразување, исто така, ги заштитува погледите што некој може да ги смета за радикални или екстремни, на пример, за некои идеи со кои се „навредува, шокира или се вознемирува државата или одреден дел на популацијата". На пример, поддржувачите на универзалното право на глас и укинување на ропството некогаш се сметале дека се залагаат за радикални идеи бидејќи имале спротивен став од нормите што на времето преовладувале.[7]

**Насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ) -** „Радикализација што води кон тероризам" се однесува на „ динамичниот процес во кој едно лице на крајот прифаќа терористичко насилство како возможно, па дури и легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување. Овој поим ја нагласува важноста за правење на разлика помеѓу криминална активност и активност извршена во согласност со закон.[8]

**Спречувањето и спротивставувањето на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ)**- Се однесува на спектар на политики, програми и интервенции насочени кон спречување и спротивставување на екстремизам поврзан со терористичка радикализација. Повторно, рамката што Организација за безбедност и соработка на Европа[9] ја има усвоено ја нагласува врската помеѓу радикализацијата/екстремизмот и актите на насилство и криминализираниот тероризам, па така со истата експлицитно се нагласува важноста за зачувување на основните слободи кога се преземаат активности од областа на спречување на овие безбедносни закани.[10]

[7]https://www.osce.org/mk/secretariat/424892 ( стр.21 )
[8]Ibid( стр..21,22)
[9]во понатамошниот дел од текстот ОБСЕ
[10]https://www.osce.org/mk/secretariat/424892 ( стр.22 )

**Разузнавање**

Потребата од разузнавање ја наметнува самата оперативна активност да се добијат информации за одреден настан, тие информации да се доведат во корелација со други и низ процесот на разузнавачка анализа се добијат разузнавачки информации кои ќе говорат за настанот во целост. Собраните информации не се разузнавање додека не се проценат и анализираат [11].

Разузнавањето грубо се дели на два дела ; стратегиско разузнавање и оперативно разузнавање. Стратегиското разузнавање се информации кои помагаат во и при раководењето на нивото на донесување на одлуки (како на пример каде да се отвори канцеларија , колку луѓе да се одредат за едно одделение , како да се планираат буџетите за следните години и сл.)

Накратко , стратегиското разузнавање ја покажува „Големата слика “ .

Оперативното разузнавање (исто така наречено тактичко или истражно разузнавање) се информации кои им помагаат на инспекторите во тековните истраги. Оперативното разузнавање обично се спроведува од истиот истражен кадар кој ќе го употреби разузнавањето за спроведување на истрагата .

При спречување на терористи или терористички акции некои примери за стратегиско разузнавање би билетрендови на тероризмот, меѓународни движења на терористичките идеологии и финансиски шеми за финансирање на терористичките ќелии. Стратегиското разузнавање потекнува од многу извори, како Обединети нации ,ОБСЕ , меѓународни конференции , невладини организации и др.

Кога се работи за оперативно разузнавање тоа се информации кои ќе допринесат или влијаат на непосредните или тековните акции на службите како на пример,кое интернет кафе го користат терористите кога испраќаат електронска пошта,кои банки ги користат или на кој начин испраќаат парични средства, кои лица им се блиски соработници итн.[12]

---

[11] Димовски З.,Тероризам , издавач Графотранс Скопје, 2007

[12]Ibid

## Цел  на истражувањето

Општа цел на научното истражување е да се стекнат (продлабочат) конкретни сознанија за факторите што влијаат/влијаеле на експанзијата на екстремизмот, на тероризмот, на СТБ да се вклучат во редовите и акциите на тероризмот и Исламска Држава и милитантниот исламизам. Да се добие научна дескрипција/објаснување на феноменот, како и  да се дефинираат специфичните методи на дејствување на оваа закана во функција на загрозување на регионалната безбедност на Западен Балкан, а воедно и нашата земја, Република Северна Македонија.

Тероризмот веројатно е многу поширок историски феномен од она што денес ни го сугерира користењето на терминот тероризам. При современи услови тероризмот ќе добива светски димензии како општо човечко зло, а токму затоа и преставува предмет на проучување на повеќе науки и научни дисциплини.Тероризмот е актуелен во теориите на филозофијата, социологијата, социјалната психологија, криминолошките, криминалистичките и безбедносните науки.

**Главна хипотеза**:

Активната пропаганда за ,,помалата,,  интеграција во општеството на одредена популација и чувството на маргинализираност генерира  лесно прифаќање на екстремистички идеи на пропагандата на ИД, особено кај муслиманската популација во земјите од Западен Балкан и Република Северна Македонија, а преку тоа се зголемени ризиците и заканите по безбедноста.

**Помошни хипотези** ;

- пропагандата заснована на дезинформации кон одредени целни групи наметнува одреден интерес за погрешно разбирање на состојбите;

- активните мерки на подгревање на авантуристичко-идеолошки идеи завршуваат со голем број на потенцијални борци во паравоени и параполициски групи;

- социјалните услови- сиромаштијата и ниското образование се фактор за лесно прифаќање на радикализацијата;

- психолошките влијанија на одредени поединци и групи, без изграден вредносен систем, ги потенцира можните сфери на влијание на екстремните и радикални елементи;

- интерперсоналните и интергрупните односи се добра основа за прифаќање на идеи и ставови од екстремната сфера;

- религиската исклучивост и неизградениот систем на резилиентност од екстремни ставови, поддржани од религијата која „повикува на обврски “, се фактор на влијание за терористички ставови и дејствија.

Како **независна варијабла** во овој труд се јавува начинот на дејствување на терористичката организација ИСИС или ИД, преку милитантниот исламизам кој во најопшта форма може да се дефинира како „правец на исламизмот што се залага за остварување на целите на исламистичката идеологија преку употреба на сила“.

Како **зависна варијабла** во трудот се јавува регионалната безбедност што се дефинира како „дел од хиерархијата на безбедносниот проблем, поставен помеѓу националната и меѓународната безбедност“.

Како **индикатори** на овој научен труд ќе бидат земени настаните поврзани со појавата, текот, ширењето и дејствувањето на милитантниот исламизам и екстремизам во земјите од Европа, Западен Балкан и Република Северна Македонија.

## Начин на истражување

Истражувањето ќе биде направено согласно следната истражувачка методологија:

1. **Хипотетичко-дедуктивниот метод**-Првиот дел ќе биде оној кој што ќе биде заснован на хипотетичко-дедуктивниот метод, и истиот ќе има за цел да ги опише условите, факторите и состојбите кои погодуваат на појавата и развивањето на појавата.
2. **Статистичкиот метод**- Истражувањето на моменталната состојба се заснова врз анализата напостоечките документи за политики, стратегии, политичката агенда на

Владата, јавни извештаи,статистички извори итн. Главната идеја е да се идентификуваат и мапираат документите.

Понатаму , ќе се разгледаат и Статистички податоци како ;

- покренатите обвиненија од Основно Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје
- пресуди од Основен кривичен суд Скопје
- статистички податоци од Граничната Полиција која ја опфаќа јужната граница ,(особено во делот на миграциите, илегална миграција и трговија со луѓе), како извор на можно финансирање и вклучување на лица во терористичките групи.

3. **Компаративниот метод** – Споредба на податоците, научните сознанија и градење на сопствени ставови по однос на разработената тема.

- Политичка волја и поддршка во однос на реинтеграцијата, ресоцијализацијата ирехабилитацијата на странските терористички борци повратници и членовите на нивнитесемејства
- Законска рамка: подигнување на свеста за прашањата поврзани со реинтеграција, ресоцијализација,реинтеграција и рехабилитација на странските терористички борци повратници и членовите на нивните семејства.

**Научна и општествена оправданост на истражувањето**

Главната цел на истражувањето е разбирање на проблемот современите безбедносни закани и предизвици кои се опишани и опфатени во трудот, а особено инволвираноста на нашите државјани во екстремизмот и тероризмот, припаѓањето на терористички организации како што е ИСИС,односно Исламска Држава е голем проблем и закана за безбедноста на 21 век со кој треба да се справува секоја земја. Треба да се разбере идеологијата и доктрината на ИД и зошто дерадикализацијата на борците повратници не е воопшто лесна.

Науката секогаш е жедна за повеќе и повеќе. Дури и она со кое нема сите да се согласат, утре ќе биде основа за нова надоградба. Токму заради тоа надоградувањето на

расположливите сознанија за појавите кои тенденциозно разоруваат е секогаш добредојдено. Меѓутоа она што можеме да го истакнеме како најбитно во поглед на научната оправданост е тоа што науката ова прашање досега не го истражувала онака како што тоа го налага сериозноста на самата појава. Овој труд во оваа смисла ќе придонесе за соодветно научно третирање на појавата на екстремизмот и учеството во странски војски (СТБ), за справување со нив, борбата против екстремизмот и тероризмот, радикализацијата и дерадикализацијата .

**Општествена оправданост**

Економската и општествената кршливост во постконфликтните држави од Западен Балкан, какои во државите надвор од регионот, предизвика државите и заедниците да останат ранливи на надворешните движечки сили на нестабилност и несигурност .

Во Република Северна Македонија, екстремизмот и СТБ веќе не се мит, туку реалност .Тоа ни го покажаа изминатите години од последната деценија. Постои општо мислење дека странските терористички борци повратници и олеснувачите претставуваат голем ризик за пошироката заедница. Процесите за реинтеграција,ресоцијализација и рехабилитација сеуште се недоволни и постои и предизвик за гарантирање на општата безбедност.

Иако се преземени чекори за постигнување на стандардите за РРР[13] на странските терористички борци повратници во Република Северна Македонија, тие треба да се подобрат со оглед на сите предизвици со кои се соочува општеството.

Превземените мерки, како што е неодамна промовираниот Национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на странските терористички борци повратници инивните семејства, треба да бидат под лупа на јавноста, а граѓанскиот сектор треба да биде партнер со институциите во справувањето со овие предизвици.

Со незанемарување на проблемот и превземање на соодветни мерки ќе имаме постабилно општество, ќе се намали степенот на радикализација и ќе се влијае на реинтеграцијата на борците-повратници.

[13]репатријација, ресоцијализација и реинтеграција

**Глава 1.**

## Карактеристики , цели и форми на манифестирање на тероризмот и Феноменот на странски терористички борци

### 1.1.Современи форми на тероризам

Тероризмот е појава која не се ограничува на територијата на една држава. [14]Во оваа смисла корисно би било да се наведат некои посебни видови тероризам кои покрај класичните форми, присутни и во РСМ, се евидентирани во светот. Преку нивното запознавање и проучување ќе станеме способни да преземаме превентивни, а по потреба и репресивни мерки и активности. За таа цел, во овој дел ќе бидат анализирани самоубиствениот тероризам и тероризмот со примена на оружје за масовно уништување, како најсовремени форми на практицирање на тероризам, кој многу го користат терористичките организации и нивните членови. Нападот со гасот сарин во подземната железница на Токио во 1995 година беше пресвртница којашто наведе многу земји ширум светот да го преиспитаат својот пристап кон борбата против тероризмот. На 20 мај 1995, членови на култот Аум Шинрикјо поставија контејнери со гасот сарин во течна форма на неколку вагони од подземната железница на Токио. Со испарувањето, гасот почна да се шири низ вагоните, при што предизвика смрт на десетина лица, а неколку илјади беа повредени. Овој напад доведе до големо пореметување и страв низ целата земја, при што на светот му укажа на потребата од подготовки за спречување на други такви страшни терористички дела. Овој напад исто така ја покажа и способноста на терористичките групи да добијат и да применат оружје за масовно уништување против цивилни цели. Од тој ден, бројните напади – како што беше нападот во САД од 2001, нападот на основното училиште во Русија во 2004, нападите на подземните железници со бомби во Шпанија и во Англија, во 2004 и 2005, како и бомбашките напади на одморалиштата во Египет — и понатаму ја потврдуваат тенденцијата на терористите да одберат цели коишто ќе им овозможат да предизвикаат многу жртви. Со анализа на тековните трендови се гледа дека терористите се многу повеќе

[14] Димовски З., Тактика на примена на стандардни процедури пост терористички напади,Скопје 2021, издавач -Комора на Република Северна Македонија за обезбедување, стр.3-8

подготвени да изведуваат масовни напади на цивилни цели. Овие „меки цели“ се многу поинакви од заштитените воени или цивилни објекти. Станбени објекти, транспортни центри, кина, деловни центри, хотели, банки, места за рекреација, па дури и места за верски обреди – цркви, синагоги или џамии – коишто биле цел на терористите, се места што гарантираат голем број на жртви и голема симболична вредност.[15]

Највообичаени терористички дела се бомбашките напади, атентати, киднапирања, земање на заложници, заземање на возила, киднапирање на авиони, вооружени напади, сакатења и подметнување на пожари.  Особено се популарни киднапирањата, вооружените напади и примената на поставување на експлозивни направи и бомби.

Бомбашки напади

Најраспространет и најомилен метод на напади се нападите со бомби. Бомбите се евтини, лесно се прават и поставуваат, а веднаш добиваат голем публицитет. Освен тоа што обезбедуваат вести на насловните страници, бомбите создаваат страв, а исто така уништуваат човечки животи и материјални вредности. Повеќето бомби кои ги користат терористите се импровизирани, односно не се стандардна воена муниција. Терористите некогаш користат неексплодирана муниција како основно полнење што се активира со импровизирана направа за далечинско управување или со други видови средства што се активираат на команда. Бомбите можат да се постават со помош на возила, рачно, со проектил (или преку фрлање со механичка направа, или со експлозив), или преку поштенските служби и службите за други пратки. Лажни бомби – односно лажни закани со бомби се користат за да предизвикаат узбуна, независно од направата што се користи. Терористите практицираат и соодност на лажни закани и стварни напади со бомби со цел да им се одземе многу време и внимание на безбедносните сили.

Атентат

Атентатот е убиство, обично со бомба или со оружје, на претходно одбрана жртва која има некаква функција во општеството. Ова е најстарата терористичка тактика во историјата, а

[15] Ibid , стр.4

ја користат сите денешни терористички групи. Техниките за изведување на нападот можат да варираат од еден напаѓач или бомба, до добро испланиран напад, заседа или упад.

Киднапирање

Киднапирањето е фаќање и задржување на некои лица со цел да се преговара околу некои цели. При операциите од овој вид мора да има доволно безбедност во фазата на преговорите, што не мора да биде случај кога се земаат заложници. Преговорите се изведуваат преку тајни канали и обично траат подолго време, со цел да се издејствува исполнување на барањата на терористите, ослободување на нивни затворени соработници или плаќање на уцената. Со успешно киднапирање терористите можат да издејствуваат добивање на пари, ослободување на затворени соработници и публицитет. Земање на заложници Земањето на заложници настанува кога се зазема еден објект каде што се наоѓаат луѓе. Ова се разликува од киднапирањето затоа што киднаперите ги сокриваат своите жртви, додека лицата што земаат заложници обично ги конфронтираат силите за одговор со заложниците. [16]

Киднапирање на авиони

Киднапирањето на авиони се разликува од заземањето на возила по тоа што се работи за воздухопловни возила. И покрај тоа што безбедносните мерки се ceгa построги од кога и да е порано, киднапирањата на авиони и понатаму се случуваат.

Вооружени напади

Вооружените напади може да ги изведе или поединец со оружје, или група напаѓачи. Обично нападот се изведува или од непосредна близина како атентат, од блиску или од безбедна далечина со прецизно оружје или со голема убиствена сила од воено оружје. Добро планираните заседи, посебно терористичките заседи коишто користат разни диверзии и коишто се соодветно извежбани и прецизно изведени, речиси секогаш успеваат. Терористот може да смета на времето и на елементот на изненадување, односно, тој може да подготвува ваков напад со недели однапред. Целта на заседата е киднапирање или усмртување на

[16] Ibid , стр.5

жртвите. Убиствениот напад може да се изведе со поставени експлозиви, со напад со огнено оружје од заседа, или со напад од возило во движење.

Сакатење

Терористите честопати го користат сакатењето како средство да ја спроведат правдата, и тоа против членови на својата организација коишто ги повредиле принципите на организацијата, избегале или станале соработници на безбедносните сили. Сакатењата се многу ефективни затоа што оставаат зад себе жив пример на терористичките методи кој е видлив и предизвикува страв кај останатите.

Пожари

Обично пожарите ги подметнуваат групи што не се толку добро обучени или организирани. Подметнувањето на пожари можат релативно да го изведат и почетнички групи за да стекнат поголема самодоверба. Пожарите се нуспојава кај нападите со експлозиви и бомби.[17]

Самоубиствен тероризам

Два века претходно искуство зборува дека терористите, иако се подготвени да ги рискираат своите животи, сепак сакаат да преживеат за да ги уживаат плодовите на своите дела. Но, новиот вид тероризам е во спротивност со тоа верување. Квалитативно поинаков, многу смртоносен, скоро натприроден, се чини дека овој нов вид тероризам не може да се сопре. Досегашните искуства покажуваат дека сите антитерористички мерки се бескорисни во борбата со овој облик на тероризам. Списанието „Times“ објави: „Ниеден експерт за безбедност не мисли дека мерките се доволни да го спречат решениот муслимански терорист кој мисли дека ќе му се приближи на Алах ако убие Американец“. Во средината на дваесеттиот век, самоубиствените напади беа поретки поради понапредната технологија, што значи дека не беше неопходно да се жртвува член на терористичка организација. Претпочитани терористички методи беа однапред поставени експлозиви или експлозиви со далечинско детонирање, земање на заложници и напади на авиони. Иронично, како што антитерористичките методи започнаа да се подобруваат, така се развиваа и начините на

---

[17] Ibid, стр.6

терористичките напади. Соочени со детектори за метал на аеродромите, зголемени безбедносни периметри околу значајните цели и многу други мерки против тероризмот, терористичките организации започнаа со тактички иновации. Еден од резултатите беше повторно воведување на употребата на самоубиствени напади.[18]

### 1.1.1..Карактеристики на современиот тероризам

Со цел да се дефинираат карактеристиките на тероризмот, потребно е соодветно да се појасни одредена структурна целина поврзана со неговата теоретска компонента, како и со реалната страна која преку одредени примери се среќава во современото постоење. Тероризмот се карактеризира со неколку особини меѓу кои посебно треба да се истакнат следните: таинственост, конспиративност, селективност, криминална поврзаност, ефективност, насоченост кон сопствено истакнување во јавноста. [19]

### 1.1.2.Цели на современиот тероризам

Целите на тероризмот се најчесто поврзани со крајниот ефект што треба да се постигне со дејството, односно она што претходно било планирано и прогнозирано од страна на извршителите на актот. Најчест случај е кога терористичкиот акт е насочен кон постигнување на две или повеќе цели истовремено. Како најчести цели можат да се набројат следниве: добивање целосна светска национална и регионална поддршка на целта на извршителите на терористичкиот акт, провокација на власта и нејзините органи и предизвикување на ситуација каде е неизбежна потребата од брза, одлучна и строга акција на безбедносните органи, а потоа создавање атмосфера на наклоност кон терористите, преку директен напад со директни вооружени дејства да се постигне слабеење на безбедносните сили и ефект на недоверба кај населението во сопствените безбедносни органи, отуѓување со цел да се добијат пари, средства, оружје и опрема,уништување на стратегиски и тактички цели, како и на инфраструктура потребна за непречено егзистирање,одвраќање на странски инвестиции и национални планови за развој,остварување на влијание врз решенијата на

[18] Ibid , стр.7
[19] Димовски З,Тактика на примена на стандардни процедури пост терористички напади,Скопје 2021, издавач -Комора на Република Северна Македонија за обезбедување, стр.2

владата, законодавството, независните државни институции и наметнување на насилни решенија во текот на изборни кампањи или тековни национални избори и други демократски процеси,одмазда и репресии; промена на исходот или поддршка на веќе започнати герилски, диверзантски или бунтовнички дејства на некоја држава, подготовка на теренот за идни поконкретни и поизразени дејства,поддршка и одбрана на разни криминогени операции и фактори.

Тероризмот мошне брзо го менува својот карактер, но и своите цели, кои се многу поамбициозни, подраматични и веќе добиваат глобални димензии. Тој е „флуиден непријател", но со јасно поставени цели кои секојдневно предизвикуваат шок, ужас, бес, страв, желба за одмазда, убивање и нов психолошки и безбедносен амбиент во кој луѓето во светот почнуваат да се чувствуваат како да се во војна. Една од главните причини за брзото проширување на овој современ феномен како смртоносен вирус насекаде во светот е фактот дека тероризмот се покажа како евтина, ниско ризична метода која брзо донесува многу корисни резултати во борбата на разните групи и режими. Тероризмот е рак-рана на новото време. Овој феномен бил присутен низ повеќе етапи од човековото егзистирање, но во поновиот период, благодарение на најновите техничко-технолошки достигнувања, добива застрашувачки размери за светскиот мир. Во секој случај, најголем придонес за неговиот развој и опасностите е токму користењето на најновите типови оружје, недозволената трговија со оружје, муниција и експлозивно-распрскувачки материи и оружје за масовно уништување.[20]

### 1.1.3.Форми на манифестирање на тероризмот

Деструктивната моќ на тероризмот, религиозниот радикализам и насилниот екстремизам се манифестираат во повеќе форми. Тероризмот се манифестира во конвенционална и неконвенционална форма. Во денешно време конвенционалниот начин преовладува во сите свои форми (самоубиствени напади, активирање експлозивни направи, киднапирања, убиства и сл.). Неконвенционалниот тероризам претставува форма што се карактеризира со политичко насилство без употреба на оружје, многу комплексна и тешко

[20] Ibid ,стр.3

препознатлива форма за безбедносните служби. Составен дел на примена на нековенционалниот тероризам се: психолошко-пропагандните активности, злоупотребата на разни информации, користењето на социјалните медиуми (Интернетот) за пропагандни цели, но и како алатка за радикализација, финансирање и сл.[21]

Со користењето на вакви форми на терористички закани се предизвикува страв кај населението, поттикнување непослушност, создавање радикални поединци- идеолошки мотивирани, од кои подоцна се создаваат терористички групи и организации кои се користат за остварување на политички, идеолошки, религиозни, социјални или економски цели на одредени држави. Ова подоцна доведува повторно до конвенционален тероризам и обиди за рушење на легално избрани секуларни влади кои својата идеологија ја темелат на панарапскиот национализам или нелегално избрани режими и креирање религиозен радикализам и насилен екстремизам кои водат кон тероризам.

На стратешко ниво религиозниот радикализам зазема сѐ поголем замав преку: насилна експанзија/ ширење на екстремни религиозни доктрини; погрешно толкување на исламот за да се оправда употребата на насилство; трансформација на терористичките групи/ структури; подобрување на соработката меѓу терористичките групи и организирани криминални мрежи; подобрување на способноста на терористичките организации за употребата на Интернет и нови комуникациски технологии; инфилтрирање во исламските верски заедници, и посебна безбедносна дилема – радикализирање уште од предучилишна возраст.

Религиозниот радикализам се манифестира преку нетолерантно и тоталитарно толкување на исламот. Се потпира на една глобална исламска држава и исламски закон (шеријат) како единствен религиозен и политички систем. Крајна цел на религиозните екстремисти е „конечно спојување на џамијата и државата под шеријатски закон“.

Религијата систематски почна да се злоупотребува за да се легитимизира насилството од исламските екстремисти инволвирани во конфликти во странски земји, легитимирајќи го своето насилно однесување со религиозни аргументи. Во нивните напори

[21]Ѓуровски М, Николовски М, Герасимовски С. - Безбедносни ризици и закани –третман,феноменологија и мапирање -2020,стр.28

да го оправдаат насилството, екстремистите користат идеологии,особено религиозни доктрини. Заеднички именител во сите случаи е погрешно толкување на религијата за да се легализира насилството. Тоа доминира во стратешката логика на денешните терористички организации.Политичката идеологија на овие екстремистички групи е политички ислам. Промоторите на политичкиот ислам веруваат дека тоа е религиозна доктрина со јасни аргументи за политички и општествен поредок во модерниот муслимански свет, добро опремена и со агенда за имплементација. Религиозниот радикализам базично е ориентиран кон потрага и интерпретација по муслиманските корени. Тоа често е ограничено во рамки на муслиманските општества, со внатрешна и неекспанзионистичка природа. Но, во некои случаи може да добие и политички димензии, каде овие радикални идеи се трансформираат во политичка агенда на некои групи со цел – борба за моќ.[22]

Во регионот на Балканот, во изминатиот период се појавија обиди, главно од недржавни актери за употреба на религијата за гео(политички) интереси. Религиозниот радикализам доби силна основа благодарение и на големите финансии добиени од исламските земји, кои привлекуваат внимание и серија загрижености (присуство и активности во рамки на пошироката муслиманска заедница, новите верски обичаи непознати од претходно, опасните идеи за политички ислам и сл.).

Влијанието на религијата стана безбедносен предизвик за Балканот поради можноста од ризик за трансформација/поларизација на општеството (подривање на општествените норми и вредности), стигматизација на одредени заедници, создавање антагонизам меѓу различните верски заедници, со можност за манипулација од одредени надворешни фактори за создавање нестабилност во регионот.

Проблемот со религиозниот екстремизам е увезен од земјите од Средниот Исток , кој најде плодна почва и се заканува на регионалната стабилност. Од тие причини борбата со религиозниот радикализам е јасна индикација дека соработката и понатаму останува единствениот пат за да се постигнат конкретни резултати. Потребата од стабилен и безбедносен регион стана уште поитна со серијата безбедносни предизвици со кои се соочуваат Балканот и останатите европски земји. Актуелен проблем претставува враќање

[22]Ibid, стр.29

на странските борци кои учествувале во конфликтот во Сирија и Ирак, од причини што се работи за крајно фанатизирани и опасни лица со воено искуство, кои се закануваат да го пренесат тоа искуство и радикални идеи во своите матични држави, а тоа дополнително ги засилува заканите од религиозен радикализам.

Влијание за ширење на **исламскиот радикализам** во Европа и извршување на терористички напади од аспект на инспирација и мотивација, покрај социоекономските фактори и военото присуство на Блискиот Исток, се и некои постапки и мерки во/на европските земји кои муслиманите ги сметаат за навредувачки и тенденциозни.

Во овој контекст, внимание привлекува **десничарскиот екстремизам** кој сè повеќе се засилува и е мотивационен фактор за дополнителна радикализација, посебно видлив во Франција, Холандија и Австрија и поделбата и отуѓувањето на муслиманските заедници. Посебно воочлива е радикализацијата во Германија на т.н. „трета генерација емигранти“ кои се со поекстремни погледи, се чувствуваат маргинализирано и се помалку интегрирани во општеството за разлика од, на пр., во Холандија. [23]

Имено, на тлото на Европа дојде до отворен судир меѓу либералните придобивки на европската демократија и конзервативните ставови на муслиманите кои не ги прифаќаат европските вредности, а настојуваат да ги зачуваат своите. Со тоа се создадоа поволни услови за десните популистички партии кои пропагираат загрозеност на националните, верските и етичките вредности од муслиманските доселеници. Религиозниот радикализам се манифестира и преку дејствувањето, пред сè, на младите муслимани кои стануваат сè повеќе конзервативни, а нивни главни референтни точки за духовни и интелектуални водачи, покрај имамите, се и кругот на нивните блиски пријатели и семејството. Клучна улога во овој процес во идниот период може да одиграат и жените, мајки или сопруги на актуелни џихадисти во кризните жаришта и борците-повратници, во зајакнување на улогата во индоктринација и едукација на идни генерации џихадисти.

[23] Ibid, стр.30,31

### 1.2. Што опфаќа терминот „странски терористички борец“

Концептот на „странски борци“ не е современа измислица. Борци од странство учествувале во речиси 100 граѓански војни во изминативе 250 години. Шпанската граѓанска војна (1936-1939),во која имаше 50.000 доброволци од над 50 земји, на двете страни на конфликтот, е одличен пример. Терминот „странски борец“ за првпат беше употребен официјално за борци кои доаѓаат од странство , од надвор , во зоната на конфликтот ,за да се борат за Ал-Каеда во Авганистан. Подоцна, терминот „странски борец“ се користеше во контекст на терористички предводениот бунт кој започна во Ирак во 2003 г. Во отсуство на правна дефиниција, коментаторите му дадоа поинакво значење на терминот.Една од најшироко прифатените дефиниции беше дадена од Женевската академија за меѓународно хуманитарно право и човекови права:

„Странски борец е лице кое ја напушта својата земја на потекло или постојано место на живеење за да се приклучи кон недржавни вооружени групи во вооружен судир во странство, а првенствено е мотивирано од идеологија, религија и/или сродство“.[24]

Феноменот на терористи кои патуваат во други земји заради напади, иако не е нов, зеде замав кога патувањето низ светот стана многу полесно , односно во дваесеттиот век. Првата значајна појава на терминот „Странски Терористички Борци“, или на англиски - Foreign terrorist fighters„ФТФ“, се забележува во Резолуцијата 2170 на Советот за безбедност на Обединетите нации , во 2014 година. Резолуцијата беше усвоена во август 2014г. како одговор на тогашната ескалација на кризата во Ирак и Сириската Арапска Република.

Осудувајќи ги терористичките акти преземени во овие територии кои доведоа до смрт на цивили,Советот за безбедност на ОН ги повика земјите-членки „да го сузбијат протокот на странски терористички борци“ кон насилните екстремистички групи во однос на двете земји.[25]Еден месец подоцна, на 24 септември 2014 г., беше усвоена Резолуцијата 2178 (2014) на Советот за безбедност на Обединетите нации за конкретно решавање на „акутната и растечка закана од странски терористички борци“. Во резолуцијата се

---

[24]Странски терористички борци/Прирачник за институтите за судска обука од Југоисточна Европа/Ажурирано издание 2019 г/КАНЦЕЛАРИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ДРОГА И КРИМИНАЛ –Виена , стр. 8.

[25] Ibid,стр .9

потенцира итноста за решавање на проблемот со СТБ, особено оние кои беа регрутирани и се приклучија на ИСИС (Да-еш),Фронтот ал-Нусра и на ограноци на Ал-Каеда. Исто така, Резолуцијата 2178 (2014) дава корисна дефиниција на СТБ:

Странските терористички борци се „лица кои патуваат во држава која не е нивна држава на престој или државјанство заради извршување, планирање, или подготовка на, или учество во,терористички акти или заради обезбедување или добивање терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт".

Во декември 2017 г., Советот за безбедност на Обединетите нации ја усвои Резолуцијата 2396(2017) за да ја реафирмира дефиницијата за СТБ и за да ги повика земјите-членки да се справат со заканата од СТБ кои се враќаат или се релоцираат од зоните на конфликт. Дефиницијата усвоена од Советот за безбедност на Обединетите нации содржи неколку елементи што треба да се истакнат. Прво, дефиницијата се однесува само на странски борци кои патуваат заради „терористички" активности. Меѓутоа, сите странски борци не патуваат конкретно за терористички цели. Иако овие борци може да бидат виновни за кривично дело во својата држава врз основа на приватно вклучување во вооружен судир во друга земја, не мора да значи дека се „терористи", па така, не може да се третираат како такви.

Освен тоа, дефиниција на Советот за безбедност на Обединетите нации важи без оглед на тоа дали СТБ се вклучени во вооружен конфликт. Сепак, Меѓународниот комитет на Црвениот крст,на пример, предупреди на „потенцијално несакани ефекти" од мешање на вооружениот конфликт со тероризам, како и од погрешно означување на сите недржавни вооружени групикако терористи . Конечно, СТБ, исто така, се разликуваат од платеници, кои се борат во странство во име на влади или приватно финансирани субјекти и се „мотивирани да учествуваат во непријателствата претежно поради желба за приватна добивка. Меѓутоа, кога финансиско- политичките или идеолошки интереси значително ќе се преклопат, овие лица може да потпаднат под дефиницијата за СТБ.[26]

[26] Ibid, стр.9,10

## 1.3. Типологија и мотивација

### 1.3.1. Кои се странските терористички борци

Спроведени се многу студии за да се дознае задднината на бранот на СТБ кои заминале да војуваат за ИСИС,Ал Каеда или други терористички организации. Општиот заклучок е дека не постои стандардизиран профил на СТБ. Напротив, регрутираните доаѓаат од различни старосни групи со различен образовен, стручен и социо-економски статус. Иако поголемиот дел од регрутираните се мажи на возраст од 20 до 30 г., кон ИСИС (Даеш) се приклучуваат и тинејџери и млади, а и луѓе во одмината возраст, накај 60 и плус години. Голем процент од СТБ се млади, економски загрозени мажи од социјално или политички маргинализирани средини. Има и многу други од побогати средини и добро образовани. Во извештајот објавен од УСАИД се наведува дека „некои го напуштиле училиштето, други имаат постдипломски квалификации ... некои СТБ се сезонски работници, но други имаат успешна професионална кариера како лекари, наставници, инженери и државни службеници.“ Многу СТБ имаат проблематично минато, но би имале одлична перспектива доколку не се посветеле на терористичката кауза. Не се ни сите СТБ набожни,како што обично се мисли и се претпоставува. Иако некои имаат криминално досие(најчесто за ситни кривични дела), голем процент претходно не им биле познати на органите на прогонот.[27]

### 1.3.2. Како се наоѓаат- врбуваат

Мрежите во заедницата играат важна улога при мотивирање на поединци да отпатуваат во Ирак или Сириската Арапска Република, при што голем дел заминуваат под влијание на пријатели или роднини. Исто така, верските лидери задоени со екстремистичка идеологија се одговорни за радикализација и наведување на поединци на патот на насилниот екстремизам. Освен тоа,членовите на ненасилни радикални групи и здруженија играат улога при влијанието врз потенцијалните борци. Просечната возраст опадна со регрутирање на СТБ додека сè уште се на училиште или факултет. Универзитетските кампуси се посочени како потенцијални места за врбување од страна на Да’вах (верските теренски) групи. Некои регрути можеби се поранешни СТБ или постоечки членови на

[27] Ibid, стр.10

терористички групи, но многу отпатувале без претходен контакт со терористичките организации за кои сакаат да се борат. Други биле подготвени и потпомогнати при патувањето од врбувачи на интернет, вклучувајќи и СТБ кои веќе заминале во Ирак или Сириската Арапска Република, а потоа ги поттикнале своите пријатели и познајници да го сторат истото.

Извештајот од јуни 2017 г. на Мрежата на Европската унија за свест од радикализација (EU-RAN) укажува на тоа дека: „… Врбувањето за ИСИС (Да-еш) се фокусира врз техники на наговарање при кои се користи збунетоста околу идентитетот со фокус врз убедување, емотивна манипулација и тотална послушност ... врбувачите ги идентификуваат индивидуалните психолошки слабости и вешто ги користат преку онлајн и офлајн техники".Напредокот во средствата за комуникација преку интернет, преку сајтови на социјалните мрежии чет-апликации, одигра голема улога во потпомагање на врбувањето. Дури и кога нема онлајн-контакт, интернет им овозможува на потенцијалните регрути да следат терористичка пропагандаи да откриваат терористички наративи за конфликтот, со што одлуката се зацврстува.

Во извештајот на Извршниот директорат на Обединетите нации за борба против тероризмот(UN CTED) околу спроведувањето на Резолуцијата 2178 на Советот за безбедност на ОН (2014)во државите засегнати со СТБ, UN CTED наведува дека брзината на премин од почетен интерес кон радикализација, заложба, акција, и на крајот, кон приклучување во странска терористичка група, значително е зголемена.

1.3.3. Зошто поединците стануваат странски терористички борци

Мотивите за приклучување кон терористички организации значително се разликуваат. Не постои единствен психолошки профил. Студиите за лица кои отпатувале во Ирак или Сириската Арапска Република откриваат низа фактори, политички, верски и лични, кои се одговорни за вмешаност во ИСИС (Да-еш):

• Живеење во калифат: СТБ може да имаат желба, во комбинација со чувство на должност, да живеат во калифат под владеење на шеријатскиото право на начин за кој веруваат дека бил наложен од самиот пророк. Наративот на ИСИС (Да'еш) вклучува етикетирање на владите во муслиманските земји како неисламски, истовремено

зацврстувајќи ја идејата дека муслиманите треба да живеат на место каде што шеријатот е највисокиот закон според кој се раководат како политичките, така и социјалните аспекти на животот. Калифатот се доживува како утописка дестинација за наводно набожните муслимани.

Праведна војна: особено во раните фази на конфликтот во Сириската Арапска Република, многу СТБ ја доживуваа својата улога како бранители на исламот и заштитници на следбениците на својата религија, сите исполнувајќи го верското барање за „хиџра“ и за борба во светата војна. Некои беа искрено покренати од хуманитарното страдање на сирискиот народ, засилено со ужасни слики за конфликтот и со стории за владините злосторства објавени во џихадистичката пропаганда. Дури при пристигнувањето, многу од овие поединци целосно ја усвоија џихадистичката доктрина и идеологија.

Терминот „хиџра“, првично употребен за да се опише преселбата на пророкот Мухамед од Мека во Медина, се претвори во повик на оружје од страна на Ал-Каеда и ИСИС (Да’еш) и се толкува како обврска за преселба и започнување џихад во одбрана на муслиманските земји. Бројот 3 од списанието Дабик на ИСИС (Да’еш) е насловен како „Повик на хиџра“. Со написи како „Не постои живот без џихад, и не постои џихад без хиџра“, следбениците беа инструирани да одговорат на повикот на својот лидер Ал Багдади и да се движат кон Кхилафах (калифат).

• Успех и легитимитет на ИСИС (Да-еш): победите кои првично ги постигна ИСИС му дадоа аура на моќ и непобедливост. При одбраната на ирачките сили поддржани од Сирија и Запад и при окупирањето големи делови од територијата, ИСИС (Да-еш) постигна повеќе од било кое движење од почетокот на муџахединската војна во Авганистан. Контролата на територијата му овозможи да создаде навидум веродостојна функционална влада, финансирана преку приходите од нафтата и другите заробени богатства. Симболичната моќ на овој успех беше огромна и толкувана од поддржувачите како знак на Божји благослов, во потврда на патот на ИСИС кон создавање на нов светски поредок.[28]

[28] Ibid, стр.10-12

• Пророштва за конечната битка: класичните исламски пророштва предвидуваат дека Армагедон и последната битка на исламот со непријателите ќе се случи во регионот на Шам (Голема Сирија) и ќе ја предводи Махди (наследник на Мухамед).

Овие пророштва станаа основен дел од идеологијата на ИСИС (Да-еш). Според неговата пропаганда, заробениот град Дабик треба да биде местото на оваа конечна апокалиптична битка меѓу муслиманите и христијаните. Многу СТБ го гледаа ова како можност да земат учество во „битката за крај на сите битки“, што ќе доведе до Судниот ден и спасение на праведниците. Борбата се гледа како можност за искупување на минатите гревови и станување маченик.

Финансиски мотив: Привлечноста на ИСИС (Да-еш) се протега и на материјална корист. Некои дезертери од ИСИС споменуваат ветувања за храна, луксузни стоки и автомобили, а и отплатени долгови. Иако религијата и идеологијата обично се третираат како главна причина за регрутирање, многу СТБ врбувани во Европа и Азија, беа привлечени и од „факторот возбуда“ и надразнетост за борба во странски конфликти.

Заедничкиот мотив наведен во интервјуата со СТБ од Европа е чувството на исклученост и недостаток на припадност во својата локална заедница, создавајќи „чувство дека со пристапување кон борбата во Сириската Арапска Република, тие немаат што да изгубат, а ќе добијат сè“. Од друга страна, пропагандата на ИСИС (Да-еш) нуди атрактивна порака на припадност, цел, братство, авантура и почит. Со други зборови, СТБ може да се категоризираат во четири основни типа;

„Трагачи по одмазда “: фрустрирани и лути СТБ кои бараат вентил за ослободување на ваквите емоции кон некоја личност, група или субјект за кои сметаат дека се виновни.

„Трагачи по статус“: овие СТБ бараат признавање и почит од другите.

„Трагачи по идентитет“: примарно водени од потребата да припаѓаат и да бидат дел од нешто значајно, овие СТБ го дефинираат својот идентитет или чувство за себе преку припадност на група.

„Трагачи по возбуда“: СТБ се привлечени кон групата поради изгледите за возбуда, авантура, и слава.

Недостатокот на единствен профил претставува значаен предизвик за државите во обидот да ги идентификуваат потенцијалните СТБ. Исто така, патуваат сè поголем број жени, главно  во придружба на сопругот, или во потрага по брак со СТБ и живот под калифат.

### 1.4. Жени и деца

Една петтина од лицата кои патувале во Сириската Арапска Република од Европа се жени, со уште поголем број жени што патуваат од Азија, земјите од Персискиот залив и Северна Африка. Иако многу жени отпатувале за да ги придружуваат своите сопрузи, биле намамени и немажени жени и млади девојки, често на интернет, со можноста да учествуваат во  воспоставувањето на калифатот и да се омажат со борци на ИСИС (Да-еш) и да бидат херои. Цели семејства мигрирале во желба за подобар живот на територијата под контрола на ИСИС (Да-еш), вклучувајќи деца, баби и дедовци. На пример, во 2015 г., 12 членови од британско-бангладешко семејство, на возраст од 1 до 75 години., отпатувале од Обединетото Кралство во Сириската Арапска Република преку Бангладеш и Турција. Има многу други слични примери.

Ал-Каеда во Ирак, и други слични групи историски користеле жени како борци. Во некои случаи, како што е испоставата на ИСИС (Да-еш) во Нигерија, Боко Харам, жените се распоредуваат како бомбаши-самоубијци.

Но, ИСИС (Да-еш) не смета дека функцијата на жените во калифатот е тие да бидат борци. Напротив, нивната главна улога е да одгледуваат деца и да се грижат за својот сопруг, како што е опишано во списанието Дабик на ИСИС (Да-еш) „сопруга на муџахедин и мајка на лавчиња“.Добрата мајка се обидува да ги индоктринира децата со основните вредности на ИСИС (Да-еш), да ги воспита синовите како борци и потенцијални маченици, и да ги научи ќерките да го следат примерот на мајка си како идни сопруги на борци.[29]

Меѓутоа, во некои случаи, жените може да добијат обука за оружје и да им се дозволи да носат оружје во јавност. Слично на ова, одредени жени добиваат самоубиствени бомбашки елеци, но само заради лична одбрана во случај на напад од непријателски сили. Другпат, женски регрути се приклучуваат кон бригадата Ал Кханса, исклучиво женска

[29] Ibid, стр.14

верска полиција формирана за жените обвинети за „неисламско“ однесување. Припадничките на единицата, наводно, се одговорни за мачење на затворениците и одмерување на казната како на пр., камшикување, на лицата прогласени за виновни поради прекршување на строгиот кодекс на однесување на ИСИС.

Други функции кои ги преземат жените се наставнички или медицински сестри. Но, една од најважните улоги е да радикализираат и да шират пропаганда, користејќи го своето познавање на социјалните медиуми и онлајн-контакти. Вклучувајќи се во онлајн-разговори со семејството, пријателите, други жени и потенцијални борци, жените-СТБ ги поттикнуваат да мигрираат и им го олеснуваат патувањето. Без оглед на улогата што ја преземаат, жените-СТБ активно придонесуваат во водење на терористички организации.

За женските повратници кои извршиле терористички дела и се сметаат за безбедносен ризик,општите кривично-административни опции во голема мера остануваат исти како и за нивнитемашки колеги. Но, конкретниот пристап кон женските повратници варира во различни јурисдикции. Одредени држави ги гонат сопругите на СТБ за тероризам врз основа на нивната секојдневна поддршка за сопрузите. Други држави не сметаат дека ова е кривично дело воотсуство на дополнителни докази за терористичко однесување.

Студија на случај од Европската Унија : Холандија

Лаура Хансен, 22, ја напуштила Холандија во септември 2015 г., заедно со сопругот и двете мали деца за да живеат под ИСИС (Да-еш) во Сириската Арапска Република, каде што нејзиниот сопруг се приклучил кон групата како борец. Тие патувале преку Турција под изговор на семеен одмор. Десет месеци подоцна, Хансен ја преминала ирачката граница со децата, тврдејќи дека избегала откако се разочарала од животот под ИСИС (Да-еш). Со помош на татко си, се вратила во Холандија, каде што била уапсена и обвинета за тероризам. На судењето, Судот констатирал дека Хансен му помагала на сопругот давајќи му покритие за патувањето, а потоа го поддржувала како сопруга додека се обучувал и се борел за ИСИС (Да-еш). Во ноември 2017 г., таа е осудена за „подготовка или потпомагање тероризам“ и добила казна од 24 месеци затвор, со 13 месеци условно за период од 3 години.[30]

[30] Ibid, стр.16

Иако конвенционалниот став е дека жените се вклучуваат во терористичко однесување помалку од мажите, жените-повратници сè уште претставуваат значителен ризик. Истражувачите откриваат дека жените што се приклучуваат кон терористички групи се мотивирани од идеологија. Тие се гледаат себеси како „дел од општествено движење“ и се посветени на каузата во која веруваат. Транснационалните бракови носат потенцијал за идна меѓународната соработка меѓу екстремистите.

Без оглед на забраната за жени-борци во калифатот, некои женски повратници се нафаќаат на преземање или поттикнување напади надвор од калифатот (по своја волја или според упатствата на ИСИС (Да-еш)). Во првата половина од 2017 година, речиси една четвртина од сите терористички заговори во Европа вклучуваат осомничени жени. Терористички ќелии целосно составени од жени се откриени во Франција, Мароко и Велика Британија. Нивните членови потоа биле обвинети за планирање бомбашки напади и напади со нож.

Иако голем број мажи СТБ загинале во борбите во Ирак и Сириската Арапска Република, многу од нивните жени и деца се живи. Во само една битка, во офанзивата за ослободување на Мосул од ИСИС (Да-еш), се предале и се уапсени од ирачките сили над 1.300 жени и деца. Овие жени, како и други од целиот регион, се обидуваат да бидат вратени со своите деца и да продолжат слободно да живеат во матичните земји. Други, како 16-годишната германска девојка заробена во Мосул, се соочуваат со судење за членство во ИСИС (Да-еш).

Просечната возраст на СТБ од Западен Балкан во Сирија и Ирак е 31 г. за мажи и 30 г. за жени. Во споредба со другите европски земји, повеќе жени (36 отсто меѓу Босанците и 27 проценти кај Косоварите, што е речиси двојно повеќе од европскиот просек), се придружиле на мажи кои патуваат во Сириската Арапска Република и Ирак. Во споредба со европскиот просек, жените и децата (неборци) сочинуваат далеку поголем процент (до 55 отсто) од луѓето од Западен Балкан кои патувале во Сирија и Ирак.[31]

---

[31] Ibid, стр.17 (Гохел С.и Азиновиќ В. „Предизвиците со странските терористички борци: регионална перспектива“, документ презентиран на конференцијата на тема „Странските терористички борци и правците на нелегалната миграција: превенција и отпорност“, што се одржа во Драч, Албанија, 13-15 септември 2016 г., стр. 12)

Децата кои ги придружуваат родителите во Сириската Арапска Република или биле родени таму во семејства на СТБ, претставуваат особено загрижувачки проблем. Контрацепцијата наводно е нелегална под власта на ИСИС (Да-еш), додека жените се охрабруваат да родат повеќе деца.

Родените во конфликтните зони ризикуваат апатридија (немање државјанство) доколку двајцата родители загинат или се затворени. Мајките може да се обидат да го побараат државјанството на таткото за своите деца.

Регрутирањето и користењето деца е суштински дел од плановите на ИСИС (Да-еш) за иден опстанок. На територијата окупирана од ИСИС (Да-еш), децата одат на училиште почнувајќи од околу шест години, при што, покрај предмети како англиски, арапски и математика, тие се индоктринираат во идеологијата на ИСИС (Да-еш).

Машките на возраст од околу девет години, наречени „младенчиња на калифатот", се обучуваат да користат оружје и да убиваат. Се верува дека меѓу 2014 и 2016 година, ИСИС (Да-еш) регрутирал и обучил над 2.000 момчиња на возраст од 9 до 15 години. Наставата опфаќала милитаризација и индоктринација. Обуката за оружје и експлозиви била надополнета со веронаука. Откако ќе се обучат, децата вршат придружни улоги како на пр., лекување на ранетите. Инаку, може да дејствуваат како шпиони, снајпери и фронтални борци. Една студија за децата и младите величани во пропагандата на ИСИС (Да-еш) како маченици открива дека една третина од загинатите при нападите во 2015 година биле од други земји, а не од Ирак и Сириската Арапска Република. Во 2016 г., 12-годишно индонезиско момче, кое отпатувало во Сириската Арапска Република за да се бори со ИСИС (Да-еш) е пријавено како загинато во воздушен напад.

ИСИС (Да-еш) е единствен меѓу терористичките групи познат по безобѕирното користење на деца-војници, кои добиваат значајна улога во пропагандните видео-снимки. Млади момчиња, вклучувајќи ги и синовите на СТБ, се снимени како егзекутираат затвореници со детонирање експлозиви, застрелување или обезглавување. Најмалото дете познато до денес е момче од четири години, одведено во Сириската Арапска Република како бебе од неговата британска мајка, кое е прикажано во видео како детонира автомобил-бомба, убивајќи тројца затвореници.

Благосостојбата и психичкото здравје на децата кои се враќаат во земјата на потекло или во земјата на своите родители мора да биде приоритет број еден при било каков мултиагенциски одговор. Тие најверојатно ќе бидат сериозно трауматизирани и нечувствителни на бруталност и насилство. Многу од децата малку ќе се сеќаваат на поинаков живот и ќе имаат тешкотии да се интегираат во заедниците дома.

Постарите деца индоктринирани од наставниците на ИСИС (Да-еш), најверојатно ќе имаат поминато воена обука и ќе бидат научени да убиваат како дел од обуката. Затоа, треба да се елиминираат сите остатоци од радикализацијата за да се спречат проблеми во наредните години. Децата над возраст на кривична одговорност може да бидат предмет на кривично гонење, дури и ако обвинителските одлуки се избалансирани со степенот на вклученост на младото лице поради принудата што ја доживеало.

Од првите три групи депортирани лица од Турција во Индонезија во 2017 г., од вкупно 137 лица, 79 отсто се жени или деца под 15-годишна возраст. Не само што децата биле одведени во зоните на конфликт, туку и голем број биле родени како деца на СТБ. Мал број жени несомнено биле присилени или излажани да отпатуваат во ИСИС (Да-еш). Други, пак, доживеале присилно превоспитување, а можеби биле и жртви на сексуално ропство и насилство. Жените, децата и другите ранливи лица може да имаат потреба од поинаков третман по враќањето, прилагоден кон нивните индивидуални околности. Во многу случаи, обвинителите ќе се соочат со дилема дали да гонат. При овие одлуки, можеби ќе треба да се земат предвид други кривични дела освен тероризмот, како на пр., загрозување на деца со нивно одведување во зона на конфликт.[32]

### 1.5. Еволуција на феноменот СТБ

Пред да избие Арапската пролет во 2011 г., околу 30.000 муслимански странски борци веќе учествувале во 18 различни конфликти, почнувајќи од Босна и завршувајќи во Кашмир и на Филипините“.[33]

[32] Ibid, стр.18
[33]Ibid, стр.19

Муџахединската војна во Авганистан во 1980 година беше првиот современ конфликт каде имаше големо учество на странски борци. При овој конфликт, бевме сведоци на формирање на глобална заедница на борци, преполнета со мрежи за финансирање, веродостојност и владеење на бојното поле. Проценките за тоа колку лица отпатувале во Авганистан за да се борат во конфликтот се движат од 10.000 до 35.000. Кога конфликтот конечно заврши во 1989 г., многу од странските борци, познати како „Авганистански дипломци", се вратија во матичните земји. Некои се вратија за да продолжат со нормален живот, додека други и натаму продолжија со милитантни активности и се вклучија во формирање на терористички организации. Истовремено, голем број од оние кои останаа во Авганистан беа регрутирани во новоформираната терористичка организација предводена од Осама бин Ладен: Ал-Каеда. Со крајот на дваесеттиот век, голем дел од странските борци остана во Авганистан, каде што Ал-Каеда обезбеди кампови за обука на борци како грабнувачите од терористичките напади на 11 Септември. Лицата кои се изјасниле дека имаат поминато обука таму се:

Мухлис Јунос: лидерот на Специјалната оперативна група на Моро Исламскиот Ослободителен Фронт (МИЛФ) на Филипините ,и експерт за експлозиви. Јунос беше осуден за улогата во серија координирани бомбашки напади, вклучувајќи го и нападот во јавниот транспорт, кога загинаа 22 лица и беа повредени голем број патници во Метро во Манила на денот Ризал во декември 2000 г. За него се пријавува дека добил воена обука во Авганистан во 1990-тите.

• Ремзи Јусуф: осуден за организирање на нападот врз Светскиот трговски центар во Њујорк во 1993 г., со помош на камион-бомба во кој загинаа шест лица, но кој требаше да убие стотици други. Тој беше осуден и за заговор, планиран на Филипини, за ставање бомби на патнички летови. Јусуф се борел во муџахединската војна во Авганистан.

• Д-р Азахари бин Хусин: пријавен како главен творец на бомбата и одговорен за направите во серијата напади на Џемаах Исламијах, вклучувајќи ги и нападите на ноќни клубови на Бали во 2002 г., во хотелот Мериот во Џакарта во 2003 г. и на Австралиската амбасада во Џакарта во 2004 г., што предизвика смрт на 245 лица. За него се наведува дека добил обука за експлозиви во Авганистан во 1999 г.

Нападите од 11 Септември во Њујорк и Вашингтон, планирани од Авганистан, ѝ дадоа на Ал- Каеда огромен кредибилитет во очите на насилните екстремистички заедници. Додека претходните конфликти се сметаа за одбранбени војни во име на локалното муслиманско население, Ал-Каеда умееше да ја прикаже претстојната Глобална војна против тероризмот како војна против исламот и да ги повика муслиманите да ја извршат својата верска должност и да се кренат против „Западот“. При инвазијата на Авганистан, веќе беа присутни околу 10.000-20.000 странски борци. Ним им се придружија други, главно од Блискиот Исток, Северна Африка, Кина и од поранешниот Советски Сојуз, за да се борат во име на Ал-Каеда и Талибанците.

Инвазијата на Ирак во 2003 година повторно беше искористена од Ал-Каеда за да се прикаже дека муслиманскиот свет е нападнат. Набргу по инвазијата, во земјата почнаа да пристигнуваат странски борци. Дури 4.000-5.000 СТБ одговорија на повиците на Ал-Каеда и се приклучија кон локалните сунитски милитанти. Овие СТБ сочинуваа околу 5 отсто од вкупниот број ирачки бунтовници. Претежно во своите 20-ти години и од Блискиот Исток, регрутите ја претставуваа новата генерација на борци.

Ал-Каеда во Ирак (АКИ) започна екстремно брутален и крвав поход со самоубиствени бомбашки напади и обезглавувања, насочувајќи се не само кон коалициските сили и Западот,туку и кон ирачката шиитска популација. СТБ доброволно учествуваа во повеќето самоубиствени бомбашки напади. АКИ почна да ја губи моќта во 2006 г., по смртта на својот лидер во воздушен напад, па сунитските племенски лидери формираа ново движење за протерување на терористичката група. Многумина од водачите на АКИ беа убиени или затворени, но групата и натаму продолжи со напади.

По избувнувањето на граѓанската војна во Сириската Арапска Република во 2011 г., еден од командантите на АКИ основа официјална испостава на Ал-Каеда во земјата, наречена Фронтот Ал-Нусра. Истовремено, остатоците од АКИ бараа засолниште во Сириската Арапска Република. И двете првично беа дел од вооружена опозициска група во Сириската Арапска Република со околу 1.000 лица, којашто наскоро беше зајакната со прилив на странски борци, од кои на почетокот многумина беа мотивирани да ги заштитат своите сунитски „браќа и сестри“ од навидумната бруталност на сириската влада. АКИ и Фронтот ал Нусра ги регрутираа поголемиот дел од овие нови борци, или се споија со

милитантните групи кон кои тие се приклучија, што доведе до мултинационален состав на борци.

Во 2013 година, тогашниот лидер на АКИ, Абу Бакр ал Багдади, ја презеде власта и ја преименува АКИ во Исламска држава на Ирак и Левант, доведувајќи до одвојување од Ал-Каеда и од Фронтот ал Нусра. Потоа, групата заседе големи делови од територијата во Ирак и Сириската Арапска Република, при што Абу Бакр ал Багдади во јуни 2014 г., го прогласи создавањето на калифат, а групата беше преименувана во „Исламска држава“. Муслиманите од целиот свет беа повикани да ја исполнат верската должност и да мигрираат во новата „држава“.

Целта на групата беше да воспостави исламски калифат во Ирак и Сирија и на крајот да го прошири своето влијание на глобално ниво.

И покрај екстремната употреба на насилство, убедливата употреба на пропаганда од страна на ИСИС (Да-еш), (прикажување на своите воени успеси и придобивките од животот под калифат) доведе до невиден прилив на доброволци од целиот свет кои отпатува да живеат под власта на терористичката група. Ова опфати не само машки СТБ, туку и самотни жени и семејства. Додека очите на светот се врз Ирак и Сириската Арапска Република, СТБ се вклучени и во терористички активности на други испостави или подружници на ИСИС (Да-еш) и Ал-Каеда, а и во бунтовнички групи, како на пр., на авганистанските Талибанци. Обично составени од лица од ист континент или од заедници на дијаспората на вклучените држави, сите тие претставуваат потенцијален ризик за иднината. Она што е уникатно се бројките и мултинационалниот состав на лицата привлечени кон сирискиот конфликт.[34]

### 1.6 .Тероризмот во 2023 година на светско ниво

Според Глобалниот индекс на тероризмот за 2024 година ,издаден од Институтот за економија и мир во Сиднеј , [35]Во многу земји во 2023 година имаше пораст на смртоносни терористички напади, иако вкупното ниво на терористичка активност опадна.Смртните случаи од тероризам се зголемија за 22 отсто , или - 8.352 жртви,а смртните случаи од

[34] Ibid, стр.19,20

[35] Institute for Economics & Peace. Global Terrorism Index 2024: Measuring the Impact of Terrorism, Sydney, February 2024. Available from: http://visionofhumanity.org/resources (accessed Date Month Year).

тероризам сега се на највисоко ниво од 2017 година . Сепак, вкупниот број на терористички напади падна за 22 проценти , до 3.350 жртви , што е најмал број инциденти евидентирано од 2009. Бројот на земји кои доживеале најмалку еден терористички напад, исто така, падна од 60 земји во 2022 година на 50 земји во 2023 год. Зголемената смртност на нападите може да се припише напоголеми и пософистицирани напади и е особено евидентно меѓу борбите меѓу различни исламски милитантни групи,вклучувајќи ги Боко Харам, Исламска Држава и Џамаат Нусрат Ал Ислам вал Муслиман.

Примарниот двигател на зголемувањето на смртните случаи од тероризам беше терористички напад извршен од Хамас во Израел во октомври 2023 год. Ова беше најголемиот терористички напад од почетокот на излегувањето на списанието ,,Индекс на тероризмот во светот(Global Terrorism index )" , во 2007 година и најголем од после нападот на кулите близначки ,во САД , на 11 септември 2001 г. Нападот и последователниот одговор на Израел имаше значителни реперкусиикои се заканувaат да го дестабилизираат Блискиот Исток. Сепак, дури и ако овој напад беше исклучен од индексот, смртните случаи од глобален тероризам сепак би забележале мал пораст.

Утврдување кои терористички групи се најактивни и одговорни за најмногу смртни случаи може да биде тешко, затоа што многу групи имаат регионални филијали и други групи кои работат во партнерство или делумно под истата команда. Терористичките групи често не го прават тоа преземање одговорност за напади, предизвикувајќи предизвикување на атрибуцијата,особено во области со високо ниво на активни конфликти.

Од 3.350 терористички напади регистрирани во 2023 година, 54 % биле припишани дека се извршени од терористичка група. Ова се споредува со 48 % во 2022 година и 45% во 2021 година. Земјите со најголем број на напади кои не се припишуваат на одредена терористичка група беа Мјанмар, Буркина Фасо,Мали и Пакистан.

Терористички напади кои предизвикуваат голем број на жртви во конфликтни средини, како и предизвикување напади со многу малку смртни случаи, имаат тенденција да останат анонимни. На едниот крај од спектарот, терористичките групи имаат мал поттик да тврдат дека се мали акти на насилство кои би можеле да се гледаат како неуспешни. На другиот,Терористичките групи кои нанесуваат најмногу масакр може да се плашат од

реакција од владата и локалното население, отежнувајќи ги нивните напори за регрутирање и предизвикување контра ефект против самите нив.

Како најопасна терористичка група , според Глобалниот индекс на тероризмот , за 2024 и за 2023 година ,и терористичка група која воопшто привлекла најмногу странски терористички борци е Исламска Држава на Ирак и Сирија( или само Исламска Држава –Даеш).[36]

## Глава 2.

## Странски терористички борци: меѓународни и регионални правни рамки

### 2.1 Меѓународна правна рамка[37]

Тероризмот е на агендата на меѓународната заедница од 1930-тите. Во изминатите 50 години, усвоени се вкупно 19 меѓународни конвенции и протоколи со осврт на тероризмот. Овие конвенции се занимаваат со различни тематски области поврзани со тероризмот, како на пр., спречување на финансирање тероризам, тероризам поврзан со транспортот (поморски транспорт и цивилно воздухопловство), нуклеарен и радиолошки тероризам, земање заложници, како и заштита на меѓународен персонал. Овие инструменти се дополнети со резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации за спречување и борба против тероризмот. Заедно, овие инструменти создаваат обврски за земјите-членки според меѓународното право, при што земјите-членки мора да ги спроведуваат во рамките на националните закони.

За имплементацијата на овие конвенции, протоколи и резолуции, информации се добиваат преку насоките дадени во Глобалната стратегија на Обединетите нации за борба против тероризмот, заедно со резолуциите на Генералното собрание на Обединетите нации. Иако листата со овие правни инструменти е богата, најрелевантните за истрага и судење на кривични дела поврзани со ФТФ во меѓународен и европски контекст се дадени во оваа глава.

---

[36] Institute for Economics & Peace. Global Terrorism Index 2024: Measuring the Impact of Terrorism, Sydney, February 2024. Available from: http://visionofhumanity.org/resources (accessed Date Month Year

[37] Странски терористички борци- Прирачник за институтите за судска обука од Југоисточна Европа-канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал,Виена.стр.37 -44

## 2.2. **Резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации** 1373 (2001), 2178 (2014) и 2396 (2017) .

Донесени се неколку резолуции на Советот за безбедност со цел да се одговори на предизвиците за спречување тероризам и насилен екстремизам, како и на променливата природа на заканата. Меѓу нив, резолуцијата 1373 (2001) претставува една од најдалекусежните. Последователните резолуции треба да се толкуваат и да се разберат во контекст на резолуциите донесени претходно.

На пример, резолуцијата 2178 (2014) се базира врз рамката определена со резолуцијата 1373 (2001). Слично на тоа, резолуцијата 2396 (2017) се базира на резолуцијата 2178 (2014). Освен овие три клучни резолуции (1373, 2178 и 2396), во рамката за борба против тероризмот, има уште неколку други резолуции на Советот за безбедност.

- Резолуција 1373 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2001) Договорена и донесена во предвечерјето на 11-септемвриските терористички напади во САД, резолуцијата 1373 (2001) даде импулс за низа меѓународни инструменти насочени против тероризмот и насилниот екстремизам. Потврдувајќи ја својата претходна недвосмислена осуда на овие напади, Советот за безбедност едногласно усвои убедливи правно обврзувачки мерки со кои од земјите-членки се бара да преземат низа активности за спротивставување, спречување и сузбивање на тероризмот. Веројатно, еден од револуционерните аспекти на резолуцијата 1373 (2001) беше воведувањето на обврската да се криминализираат не само терористичките акти, туку и подготвителните акти, како финансирање, планирање, олеснување, или поддршка на терористички акти.

-Резолуција 2178 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2014)

До септември 2014 г., образецот на лица кои патуваат во странство за да се приклучат кон терористички ентитети вклучувајќи ги ИСИЛ, Фронтот ал-Нусра и ентитети поврзани со Ал Каеда, прерасна во таква загриженост што Советот за безбедност ја усвои резолуцијата 2178 (2014). Резолуцијата дава конкретен осврт на ваквите поединци и го дефинира поимот „странски терористички борци“ како „Лица кои патуваат во држава различна од својата држава на престој или државјанство за целите на извршување,

планирање, подготовка, или учество во терористички акти, или заради обезбедување или добивање терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт.“

Покрај тоа, резолуцијата 2178 (2014) ги повика земјите-членки да го подобрат својот кривично-правосуден одговор на СТБ ( ФТФ), преку воведување мерки за откривање, спречување и криминализирање на патувањето на ФТФ и сродни активности. Овие мерки може да се поделат во три категории: кривични закони, санкции и превентивни мерки. Важно е да се разберат различните правни темели на трите типа мерки. Кривичните дела се темелат врз кривичните или казнените законици; режимите на санкции се базираат главно на режимите на санкции на ОН, но може да бидат и врз основа на националните режими на санкции; превентивните мерки обично се втемелени во различни видови закони кои овозможуваат користење на таквите мерки врз основа на неосудуваност, преку управна постапка или одлука на извршната власт, обично на министерско ниво.

Секоја од овие мерки служи за различни, но преклопувачки функции. Кривичните дела се наменети првенствено како пост-факто казнени мерки, иако резолуцијата 2178 (2014), исто така, бара од земјите-членки да го криминализираат обидот за патување во странство како ФТФ, што служи како превентивна функција. Освен казнениот аспект, пристапот врз основа на човековите права и владеењето на правото, налага по затворот, политиката на повлекување, рехабилитација и реинтеграција, да се утврди како приоритет во националните рамки. Режимите на санкции го потиснуваат и го слабеат капацитетот на индивидуалните ФТФ и терористички организации кои се наведени во листата на санкции. За разлика од кривичните закони или превентивни мерки што се однесуваат на сите лица кои спаѓаат во јурисдикцијата на земјите-членки, опфатот на режимите на санкции е ограничен само на поединци и членови на групи кои биле експлицитно ставени на листата на санкции. Превентивните мерки се подразбираат сами по себе во смисла на тоа што нивната примарна функција е да ги спречат потенцијалните ФТФ или терористи да патуваат или поинаку да се вклучат во активности поврзани со тероризам.

• Кривични дела

Резолуцијата 2178 (2014) налага земјите-членки според своите национални закони да утврдат сериозни кривични дела за криминализирање на активности поврзани со патување на ФТФ. Овие дела ги опфаќаат следниве три аспекти:

- патување или обид за патување на ФТФ;
- финансирање на патувањето на ФТФ, и
- организирање или олеснување (вклучувајќи и врбување) на патувањето на ФТФ.

Неколку клучни термини и фрази употребени во резолуцијата и во другите меѓународни инструменти им се оставени за дефинирање на поединечните земји-членки, на начин со кој целосно се земаат предвид човековите права, праведниот процес, и прашањата на приватност.

• Санкции

Резолуцијата 2178 (2014) разјаснува дека поединечни ФТФ може да бидат означени и наведени во режимот на санкции на Обединетите нации во врска со „ИСИЛ (Да'еш), Ал-Каеда, и поврзани поединци, групи, субјекти и ентитети" утврдени во согласност со резолуциите на Советот за безбедност 1267 (1999), 1989 (2011) и 2253 (2015). За означувањето на поединци и субјекти за санкции под овој режим одлучува Комитетот за санкции по поднесоци од земјите-членки. Освен режимот за санкции на ОН, резолуцијата 1373 (2001) налага земјите-членки да воспостават национални режими за санкции. Поединците кои подлежат на националните режими за санкции ги означуваат владите на сопствена иницијатива или по разгледување на барање упатено од влада на друга земја-членка.

При санкциите обично се користат една или повеќе од трите мерки: забрана за патување, замрзнување средства, и ембарго на оружје. Забраните за патување се од особено значење за попречување на патувањето на ФТФ во зоните на конфликт. За санкциите да бидат ефективни и навремени, националните институции за кривично правосудство треба да ги ревидираат и да обезбедат меѓу агенциска соработка поддржана преку националните закони, прописи и оперативни процедури. Органите на законот треба да бидат запознаени со постапките за внесување и бришење од листата според режимот за санкции на Обединетите нации, како и според националниот режим за санкции на тероризам во своите јурисдикции.

Превентивни мерки

Резолуцијата 2178 (2014) бара од земјите-членки спречување на влез или транзит низ нивните територии на било кој поединец кога државата има „веродостојни информации што даваат разумна основа да се верува“ дека поединецот патува заради учество во едно од кривичните дела утврдени со резолуцијата.

Според текстот од резолуцијатата, тие превентивни мерки за патување се активираат кога е исполнет законскиот праг на имање „разумна основа да се верува ...“ врз основа на „веродостојни информации“. Со ваквиот јазик се појаснува дека прагот за спроведување на споменатите превентивни мерки е под стандардот за осудителна кривична пресуда вон разумно сомневање.Во практична смисла, ова значи дека земјите-членки мора да воспостават правно-регулаторни механизми за да им овозможат на органите на законот да спроведат превентивни мерки преку извршна или управна постапка кои не зависат од осудителна кривична пресуда. Секоја земја членка мора да го протолкува прагот на активирање за имање „основано сомнение“ во согласност со своите домашни закони. Долниот законски праг што важи кога се користат превентивни мерки ја одразува својата функција, којашто е спречување активности на ФТФ кога органите на законот имаат доволно информации за да знаат за нивната вмешаност во насилни екстремистички или терористички активности, дури и кога не постојат доволно докази за успешно гонење и обезбедување осудителна пресуда.

-Резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации 2396 (2017)

Во декември 2017 година, Советот за безбедност едногласно ја усвои резолуцијата 2396 (2017). Иако главниот фокус на оваа резолуција е врз ФТФ, таа претежно се занимава со ризиците од враќање на ФТФ од конфликтните зони, во забележителна спротивност со резолуцијата 2178 (2014), која се концентрира на ФТФ насочени нанадвор. Резолуцијата 2396 (2017) ги повикува земјите-членки да ги зајакнат напорите за искоренување на опасноста што произлегува од враќање и раселување на ФТФ и членовите на нивните семејства, меѓу кои жени и деца, преку мерки за гранична контрола, кривична правда и размена на информации.

Прво, резолуцијата 2396 (2017) ги повикува земјите-членки да ги зајакнат мерките за откривање, истражување и гонење на ФТФ кои се враќаат. Како и кај претходните резолуции, таа ја потенцира потребата за соработка и размена на информации меѓу земјите-

членки и релевантните организации како ИНТЕРПОЛ при откривање на ФТФ. Исто така, таа ја нагласува одговорноста на земјите-членки да споделуваат информации и да истражуваат поединци, дури и кога осомничените се странски државјани.

Освен тоа, земјите-членки се повикуваат да развијат и да спроведат сеопфатна проценка на ризикот од враќање и раселување на ФТФ и придружните членови на семејството. Се очекува земјите-членки да преземат соодветни активности, вклучувајќи и разгледување на стратегии за приспособено гонење, рехабилитација и реинтеграција во согласност со домашното и меѓународното право. Иако нагласува дека земјите-членки се обврзани да ги изведат пред лицето на правдата сите кои учествувале во терористички акти, резолуцијата ја истакнува важноста да им се помогне на жените и децата поврзани со странски терористички борци коишто можеби биле жртви на тероризам. Во овој поглед, таа ги поттикнува земјите-членки посебно да ги земат жените и децата предвид при изработка на стратегии за прогон, рехабилитација и реинтеграција.

Конечно, резолуцијата 2396 (2017) налага земјите-членки да развијат и да имплементираат три типа на административни мерки за спречување и сузбивање на патувањето на ФТФ:

-собирање биометриски податоци, кои може да вклучуваат отпечатоци од прсти, фотографии и препознавање на лица;

• воспоставување на напредни информатички системи за патници (API), со кои се бара авиокомпаниите што работат на територијата на земјата-членка, на надлежните државни органи да им обезбедат основни информации за идентитетот на патниците (како на пр., име, датум на раѓање, пол или државјанство); и

• способност за собирање, обработка и анализа на податоците за патникот (PNR) и обезбедување податоците од резервациите (API) да се користат и да се споделуваат со надлежните државни органи.

### 2.3. Глобална стратегија на ОН за борба против тероризмот

Освен резолуциите на Советот за безбедност на ОН, Глобалната стратегија на Обединетите нации за борба против тероризмот дава рамка за осврт врз феноменот на ФТФ.

Оваа стратегија беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 8 септември 2006 г. за да обезбеди сеопфатна рамка за одговор на тероризмот од сите земји-членки.

Иако стратегијата не е правно обврзувачка за земјите-членки - за разлика од резолуциите на Советот за безбедност усвоени според Поглавје VII од Повелбата на Обединетите нации – таа сепак претставува единствен глобален инструмент за подобрување на националните, регионалните и меѓународните напори за борба против тероризмот. Преку нејзиното донесување, сите земји-членки за првпат се согласија на општ стратешки пристап кон борбата против тероризмот, врз основа на четири главни столбови:

• Столб I: Осврт на условите кои се погодни за ширење на тероризмот

• Столб II: Спречување и борба против тероризмот

• Столб III: Изградба на капацитетите на државите и јакнење на улогата на Обединетите нации

• Столб IV: Гарантирање на човековите права и владеење на правото

Глобалната стратегија се потпира врз управни и мерки за кривична правда, при што и двата пристапа меѓусебно се поткрепуваат.

Кривично-правосудниот пристап за спречување насилен екстремизам и тероризам главно ги повикува земјите-членки да утврдат и да применуваат низа кривични дела кои се однесуваат на насилен екстремизам и тероризам. Кривично-правдосудните рамки се занимаваат не само со актите на тероризам, туку и со подготвителните фази кои водат до тероризам, вклучувајќи врбување на потенцијални терористи и поттикнување тероризам. Според меѓународната правна рамка, земјите-членки треба да ги спроведат обврските што произлегуваат од резолуциите на Советот за безбедност и други обврзувачки меѓународни конвенции и протоколи во нивните национални закони.

Владиниот пристап главно се користи за да се спречи насилен екстремизам преку минимизирање или елиминирање на условите погодни за насилен екстремизам коишто водат кон тероризам.

Длабоко вкоренетите и нетретирани социо-политички прашања за кои се смета дека се основните причини за насилниот екстремизам, не секогаш може да се решат преку

пристапот на кривична правда. Овие причини обично се системски и не се припишуваат на одреден поединец или група. Овие „некривични“ аспекти, кои вклучуваат нееднаквост, перцепции за незадоволство и социјална обесправеност, може да послужат како фактори што во крајна линија „ги туркаат“ ранливите лица кон вклучување во насилен екстремизам и тероризам. Бидејќи овие прашања се длабоко вкоренети, кривично-правосудните рамки кои се фокусираат на кривични дела може да дадат само делумни решенија. Во овие ситуации, доброто владеење игра клучна улога во третирањето на условите погодни за ширење на тероризмот. Примерите вклучуваат промовирање на умереност во верското образование, спроведување на политиките за поддршка на рана идентификација на ранливите лица изложени на ризик од насилен екстремизам, како и обезбедување доминантни алтернативни наративи спротивни на наративите на терористичките организации.

Така, глобалната рамка има за цел да се елиминираат причините за насилниот екстремизам и да се спроведат стабилни одговори на кривичната правда кон подготвителни и акти на тероризам. Овие цели се постигнуваат преку мрежа на стратегии, политики, закони, институции, како и преку низа оперативни капацитети. Секој аспект се потпира врз другите елементи за ефективно функционирање и колективно залагање кон сеопфатен пристап на владата и општеството за превенција и борба против насилниот екстремизам и тероризам.

Глобалната стратегија на Обединетите нации за борба против тероризмот се ревидира и се ажурира на секои две години од Генералното собрание на ОН, со цел да се одрази промената на приоритетите. Од 26 до 27 јуни 2018 г., Генералното собрание на ОН го одржа својот шести биенален преглед на Глобалната стратегија на ОН за борба против тероризмот. Овој преглед е склучен при усвојувањето со консензус на резолуцијата од Генералното собрание 72/284169 . Во однос на ризиците од враќањето на ФТФ, резолуцијата 72/284:

-ги повикува земјите-членки да ја зајакнат соработката на меѓународно, регионално, подрегионално и билатерално ниво заради спротивставување на заканата од ФТФ, вклучително и преку зголемена и навремена размена на оперативни информации, логистичка поддршка и активности за градење капацитети;

• ги поттикнува земјите-членки да применуваат програми за биометриски податоци, напредни системи за патнички информации (API) и PNR-податоци наведени во резолуцијата 2396 (2017) на Советот за безбедност на ОН; и

• ги повикува органите на законот и кривичната правда подобро да одговорат на заканата од враќање на ФТФ.[38]

### 2.4. Регионална рамка[39]

Сите екстериторијални обврски и препораки за борба против тероризмот и феноменот на ФТФ не важат во целиот свет. Некои од нив се специфични за регионот. Затоа, државите кои припаѓаат на конкретен регион не треба да се повикаат само на меѓународните инструменти, туку и на регионалните. Во контекст на ЈИЕ, релевантна е правната рамка развиена од Советот на Европа и Европската унија.

- Правни инструменти на Советот на Европа за борба против тероризмот

Советот на Европа е формиран во 1949 г., во моментов има 47 земји-членки, и е најстарата меѓувладина организација во Европа. Организацијата главно промовира почитување на човековите права, парламентарна демократија и владеење на правото. Се наоѓа во Стразбур (Франција) и не треба да се меша со посебниот (иако тесно поврзан) систем на Европската унија, којшто има политички огранок со седиште во Брисел (Белгија).

Советот на Европа има развиено клучни правни стандарди за спречување и сузбивање на акти на тероризам. Неговиот главен рамковен договр за борба против тероризмот е Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот и Дополнителниот протокол. Комитетот на Советот на Европа за борба против тероризмот (CDCT) (порано наречен Комитет на експерти за тероризам (КОДЕКСТЕР) е клучното координативно тело за активностите на Советот на Европа за борба против тероризмот. Примарните цели нс CDCT се да ги надгледува и да обезбеди успешна имплементација на релевантните правни инструменти на Советот на Европа во областа на борбата против

[38] Странски терористички борци- Прирачник за институтите за судска обука од Југоисточна Европа-канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал,Виена.стр.37 -44
[39] Ibid.стр.51-57

тероризмот, поточно, Конвенцијата за превенција на тероризмот и Дополнителниот протокол.

-Конвенција за превенција на тероризмот (2005) CETS бр. 196

По нападите во септември 2001 година во САД, Советот на Европа формира работна група  за ревизија на законодавството против тероризмот и во 2003 г., започна да работи на Конвенцијата за превенција на тероризмот. По неколку состаноци, КОДЕКСТЕР изготви Конвенција на Советот на Европа за превенција на тероризмот, којашто беше усвоена на 16 мај 2005 г. Во Варшава (Полска) и влезе во сила на 1 јуни 2007 г.

Оваа Конвенција не дефинира нови терористички дела освен делата опфатени во постоечките конвенции против тероризмот. Сепак, таа има три нови прекршоци коишто може да доведат до кривичните дела на тероризам дефинирани во овие конвенции. Новите прекршоци се: „јавна провокација за извршување кривично дело тероризам“ (член 5); „врбување за тероризам“ (член 6); и „обука за тероризам“ (член 7). Тие се во комбинација со одредба за додатни (помошни) кривични дела (член 9) каде се предвидува криминализација на соучество (т.е. помагање и поттикнување) при извршување на сите три гореспоменати дела. Покрај тоа, обидите за кривично дело се инкриминирани според членовите 6 и 7 (регрутирање и обука).[40]

## 2.5. Стратегија на Советот на Европа за борба против тероризмот за 2018-2022 година

Освен што разви правни стандарди за спречување и сузбивање на терористички акти преку кривични закони и други мерки, Советот на Европа преку ЦДЦТ, им помага на земјите-членки во поефективна борба против тероризмот преку зајакнување на нивното национално законодавство и олеснување на меѓународната соработка.

Како одговор на развојот на терористичката закана во Европа, Комитетот на министри на Советот на Европа ја задолжи ЦДЦТ да изработи Стратегија на Советот на Европа за борба против тероризмот за 2018-2022 г.184 Стратегијата се заснова врз правната рамка и стандарди на Советот на Европа. Во неа се утврдени низа активности и алатки за

[40] Ibid.стр.51-57

помош на земјите-членки, коишто може да се сумираат како „три П“ - „Превенција“, „Прогон“, и „Протекција (Заштита)“:

• Превенција: спречување на тероризмот преку мерки на кривично право и мерки за спроведување на законот во насока на оневозможување терористички напади или нивна подготовка, и преку повеќестрани долгорочни мерки со цел спречување радикализација која води кон тероризам, вклучувајќи и борба против врбување, обука и ширење на терористичка идеологија и финансирање тероризам.
-Прогон: истражување на терористичките кривични дела извршени во Европа или во странство, на најефикасен и најбрз можен начин преку ефективна судска и меѓународна соработка, вклучително и со помош на принципот aut dedere aut iudicare, и изнесување на одговорните пред лицето на правдата за да одговараат за своите дела, во согласност со човековите права и владеењето на правото.

• Протекција (Заштита): заштита од тероризам на сите лица присутни на територијата на земјите-членки, обезбедување сигурност на луѓето и заштита на потенцијалните цели на терористички напади, вклучувајќи критична инфраструктура и јавни простори; обезбедување помош и давање поддршка на жртвите на тероризам.

Во секоја од овие три главни насоки, утврдени се конкретни активности што треба да ги преземат земјите-членки според рамката на Советот на Европа во периодот 2018-2022 г. за понатамошно подобрување на својата способност за спречување и борба против тероризмот, истовремено почитувајќи ги човековите права, владеењето на правото и демократијата.

Покрај тоа, Стратегијата посочува методи на работа, како и очекувани резултати и исходи за секоја предложена активност. Со цел Стратегијата да остане жив инструмент, ќе се ревидира на секои 18 месеци, или како што е соодветно, со можност за прилагодување, под водство на земјите-членки.

### 2.5.1.Правни инструменти на Европската унија за борба против тероризмот

Освен Советот на Европа, државите кои се членки или кои бараат членство во Европската унија треба да ги користат и последниве инструменти. Без оглед на тоа дали државата е членка или не на Европската унија, вредно е да се следат инструментите за борба

против тероризмот на Европската унија. Европската унија е одвоена институција од Советот на Европа, но е тесно поврзана со него бидејќи сите нејзини 28 земји-членки се и земји-членки на Советот на Европа. Организацијата има неколку институции. Оние кои играат најзначајна улога за изработка на соодветни закони и политики против тероризмот се Европскиот парламент, Европскиот совет и Европската комисија.

Европскиот парламент е законодавно тело на Европската унија. Тој носи закони, заедно со Европскиот совет, врз основа на предлози од Европската комисија. Примарната улога на Европскиот совет е да ја утврди политичката агенда на организацијата. Тој, во основа, е орган на одлучување на Европската унија, а не законодавец.

Европската комисија, од своја страна, е политички независно извршно тело на Европската унија. Таа изработува предлози за нови европски закони и ги спроведува одлуките на Европскиот парламент и на Европскиот совет. Покрај тоа, заедно со Судот на правдата, Комисијата обезбедува правото на Европската унија правилно да се применува во сите земји-членки.

По терористичкиот напад во Мадрид во март 2004 година, лидерите на Европската унија, усвоија декларација187 со која е формирана позицијата Координатор на Европската унија за борба против тероризмот. Главните улоги на Координаторот вклучуваат координирање на работата на Советот во борбата против тероризмот; презентирање на препораки за политики и предлагање приоритетни области за дејствување на Советот; како и олеснување на меѓународната соработка, вклучително и меѓу Европската унија и трети земји.

Иако Европската унија тврди дека примарната одговорност во борбата против тероризмот лежи кај земјите-членки, таа игра важна придружна улога со која се потпомага одговорот на прекуграничната природа на заканата. Поточно, Европската унија обезбедува важна рамка за олеснување на координацијата на националните политики, размената на информации и утврдувањето на добри практики. Прашањата на радикализација и ФТФ се редовни точки на дневниот ред на институциите на Унијата, кои за возврат развија сеопфатен пристап за решавање на прашањата со ФТФ и домашниот тероризам.[41]

[41] Ibid.стр.58

### 2.5.2.Стратегија на Европската унија за борба против тероризмот (2005)[42]

Одговорите на Европската унија во борбата против тероризмот се формулирани околу Стратегијата на ЕУ за борба против тероризмот (EUCTS), усвоена од Европскиот совет во ноември 2005 г. Таа ја обврзува Европската унија на борба против тероризмот на глобално ниво, истовремено почитувајќи ги човековите права и дозволувајќи им на своите граѓани да живеат во подрачје на слобода, безбедност и правда. Иако е влијателна, EUCTS технички не е обврзувачка. Стратегијата е изградена околу четири главни насоки:

• „Превенирање (Спречување)" на лицата да се свртат кон тероризмот преку решавање на факторите и корените на причините што доведуваат до радикализација и регрутирање, во Европа и на меѓународно ниво.

Според овој прв столб и како дел од EUCTS, Советот усвои „Стратегија на ЕУ за борба против радикализација и врбување за тероризам" во 2008 г. Текстот беше ревидиран во јуни 2014 г. Во врска со тоа како тероризмот во Европа еволуирал во 21-от век, особено преку феноменот на тероризам од осамени актери, вратени странски борци, како и користење на социјалните медиуми од терористите.

Иако повеќето мерки за борба против радикализација и врбување постојат на национално ниво, ревидираната стратегија на Европската унија содржи заеднички стандарди и мерки групирани во три главни наслови: прекинување на активностите на поединци и мрежи кои ги наговараат луѓето на тероризам; обезбедување гласот на доминантното мислење да преовлада над екстремизмот; и поенергично унапредување на безбедноста, правдата, демократијата и можностите за сите. Во декември 2014 г., Советот усвои насоки за спроведување на ревидираната стратегија од страна на земјите-членки, кои се ревидирани во 2017 г. Со цел да се промовираат активности за зајакнување на заедниците и клучните групи што се занимаваат со спречување на терористичка радикализација и регрутирање, Европската комисија формира Мрежа за свест од радикализација (EU-RAN) на ниво на ЕУ. Оваа мрежа ги поврзува клучните групи (истражувачи, социјални работници, верски лидери, младински лидери, полицајци, итн.) кои се вклучени во борбата против насилна радикализација во Европската унија.

[42] Ibid.стр.57-62

• „Протекција (Заштита)“ на граѓаните и инфраструктурата преку намалување на ранливоста од напади.

Вториот столб конкретно вклучува обезбедување на надворешните граници, подобрување на безбедноста во транспортот, заштита на стратешките цели, и намалување на ранливоста на критичната инфраструктура.

На пример, во рамките на вториот столб, Европскиот совет на 27 април 2016 г., ја усвои Директивата за уредување на употребата на податоци од патничките резервации (PNR) заради спречување, откривање, истрага и гонење на терористички акти и сериозен криминал. Во согласност со правото на Европската унија, земјите-членки треба да донесат закони, уредби и управни одредби потребни за усогласување со оваа Директива во рок од две години од нејзиното донесување. Во согласност со оваа директива, авиопревозниците се должни на органите од земјите-членки да им обезбедат податоци од резервациите за летови кои влегуваат или заминуваат од Европската унија. Со неа, исто така, им се овозможува, но не ги обврзува земјите членки да собираат PNR-податоци за избрани летови во рамките на Европската унија.

Уште еден конкретен пример кој спаѓа под столбот на заштита е усвојувањето од страна на Европската комисија во 2017 година на „Акцискиот план за заштита на јавниот простор“. Овој план има за цел да ја засили поддршката за земјите од Европската унија во намалување на ранливоста на јавните простори.

Заштитните мерки од Европската унија, исто така, се проширени и на подготвителни акти за тероризам. Друга клучна област на активност на Унијата во областа на борбата против тероризмот е борбата против перење пари и финансирање тероризам. Во 2015 г., Европскиот парламент и Европскиот совет ја усвоија Директивата 2015/849, со која се утврдени општи правила за спречување на перење пари или финансирање тероризам преку финансискиот систем на Европската унија. Покрај тоа, како дел од својот одговор против тероризмот по нападите на 11 Септември, Европската унија, во декември 2011 г., утврди листа на лица, групи и субјекти вклучени во терористички акти. Листата вклучува лица и групи активни во и надвор од Европската унија.

Советот редовно ја ревидира листата, најмалку на секои шест месеци. Заедничката позиција 2001/931/CFSP утврдува критериуми за внесување на листата, лица, групи и субјекти. Таа ги посочува дејствијата што претставуваат терористички акти во оваа смисла и ги дефинира рестриктивните мерки што треба да се применуваат. Работната група за спроведување на Заедничката позиција 2001/931/CFSP за примена на конкретни мерки за борба против тероризмот („ЗП 931 на Работната група") оценува информации релевантни за внесување и бришење од листата на лица, групи и субјекти вклучени во тероризам, пред да му даде препораки на Советот. Наведените лица се предмет на рестриктивни мерки. Овие мерки вклучуваат замрзнување на средствата и на другите финансиски средства, како и подобрени мерки во врска со полициско-судската соработка во кривичната материја.

• „Прогон" и истражување на терористи преку границите.

За да се постигнат овие цели, стратегијата особено се фокусира на подобрување на соработката и размената на информации меѓу полицијата и судските органи; попречување на планирање, патување, и комуникации; прекинување на пристапот до финансирање и материјали; и изведување на терористите пред лицето на правдата, истовремено почитувајќи ги човековите права и меѓународното право.

На пример, како дел од овој трет столб, во 2016 година, донесен е акционен план за зајакнување на борбата против финансирањето тероризам.

• „Одговор" на координиран начин преку подготовка за контрола и минимизирање на последиците од терористички напад.

Стратегијата, исто така, има за цел да се подобрат националните способности за решавање на последиците од терористички напад; координација на одговорот по кризата; и потребите на жртвите. Главните приоритети во оваа област опфаќаат изработка на аранжмани за координација при криза во Европската Унија, алатки за проценка на ризик, и споделување на најдобрите практики за помош на жртви од тероризам. Конкретен пример за тековната работа на овој столб е формирањето на Центарот за експертиза на ЕУ за жртви на тероризам. Во четирите столба, заедничка карактеристика е улогата на Европската унија во поддршката на меѓународната соработка и националните капацитети, дури иако Европската унија признава дека земјите-членки ја имаат примарната одговорност за борба

против тероризмот. Конкретно, стратегијата на Европската унија за борба против тероризмот ја нагласува улогата на Европската унија во:

• „Зајакнување на националните капацитети“: користење на најдобри практики; размена на знаења и искуства со цел подобрување на националните капацитети за превенција, заштита, прогон и одговор на тероризмот, вклучително и преку подобрување на собирање и анализа на податоци и разузнавачки информации.

• „Олеснување на европската соработка“: работење заедно заради безбедно споделување информации меѓу земјите-членки и институциите; воспоставување и евалуација на механизми за олеснување на соработката, вклучувајќи ги полицијата и судските органи, преку законодавство, кога тоа е потребно и соодветно.

• „Развивање на колективна моќ“: обезбедување капацитет на ниво на Европската унија заради разбирање и изработка на колективни политики за одговори на заканата од тероризмот; најдобро искористување на капацитетите на телата на Унијата, вклучувајќи ги ЕВРОПОЛ, Европравда, ФРОНТЕКС, МИЦ и SITCEN.

„Промовирање на меѓународно партнерство“: работа со други надвор од Европската унија, особено со Обединетите нации, други меѓународни организации и клучни трети земји, заради продлабочување на меѓународниот консензус, градење капацитети, како и зајакнување на соработката во борбата против тероризмот. На 9 февруари 2015 г., во предвечерјето на нападите на Шарли Ебдо, лидерите на Европската унија ја истакнаа потребата Европската унија повеќе да се ангажира со земјите кои не се членки околу безбедносните прашања и борбата против тероризмот.

Во овој поглед, агендата за борба против тероризмот е присутна во односите меѓу Европската унија и земјите кои не се членки на ЕУ во многу форми, вклучувајќи и преку политички дијалог на високо ниво; усвојување на клаузули и договори за соработка; специфична помош; и проекти за градење на капацитетите со стратешки земји.

Директивата (ЕУ) 2017/541 за борба против тероризмот Освен необврзувачки инструменти, како на пр., Стратегијата на ЕУ за борба против тероризмот, земјите-членки имаат неколку обврзувачки обврски во рамките на регионалната правна рамка на Европската унија. До март 2017 г., најважните обврски за борба против тероризмот беа

артикулирани во Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 г. за борба против тероризмот (2002/475/JHA)196 и одлуката за измена 2008/919/JHA. Овие одлуки им нагалаат на земјитечленки да преземат серија активности, како на пр., постоење во домашното право на дефиниции за тероризам - во кои се втемелени критериумите договорени меѓу земјите-членки – и криминализирање на одредени дела поврзани со тероризам. Овие одлуки дефинираат конкретни терористички кривични дела и утврдуваат правила за транспонирање во земјите-членки на Европската унија.

Во март 2017 г., Советот ја усвои Директивата (2017/541) 198 за борба против тероризмот. Директивата, која ја замени Рамковната од 2002 г., ја зајакнува правната рамка на ЕУ преку зацврстување и проширување на опфатот на постојното законодавство. На пример, таа криминализира патување во, надвор, или кон ЕУ за терористички цели. Од значење се членовите 9 и 10, кои се однесуваат на патување или олеснување на патување заради тероризам. Директивата предвидува своја дефиниција за „терористичко дело" (дефинирано во член 3), која е различна од онаа предложена во Конвенцијата на Советот на Европа. Иако двата инструменти криминализираат слични активности, постои мала можност за дело што е кривично според Директивата 2017/541 да не биде според Конвенцијата на Советот на Европа, и обратно. Како и во Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот, овие дела мора да бидат извршени намерно, како што изречно е наведено во секој член:

Член 4 - Дела поврзани со терористичка група

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат следниве дела, кога ќе се извршат намерно, да бидат казниви како кривично дело:

(а) насочување на терористичка група;

(б) учество во активности на терористичка група, вклучително и преку обезбедување информации или материјални средства, или преку финансирање на нејзините активности на било кој начин, со познавање на фактот дека таквото учество ќе придонесе за криминалните активности на терористичката група."

Член 5 - Јавна провокација за извршување кривично дело тероризам

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека дистрибуција или поинаква достапност на било кој начин, онлајн или офлајн, на порака до јавноста, со намера да се поттикне извршување на едно од кривичните дела наведени во точките од (а) до (з) од член 3, при што со ваквото однесување, директно или индиректно, како на пример, со глорифицирање на терористички акти, се заговара извршување на терористички дела, предизвикувајќи опасност дека може да се извршат едно или повеќе такви дела, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

Член 6 - Врбување за тероризам

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека наведување друго лице да изврши или да придонесе за извршување на едно од кривичните дела наведени во точките од (а) до (з) од член 3(1), или во член 4, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

Член 7 - Обезбедување обука за тероризам

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека давањето настава за правење или употреба на експлозиви, огнено или друго оружје, или штетни и опасни материи, или за други конкретни методи или техники заради извршување или придонесување кон извршување на едно од кривичните дела наведени во точките од (а) до (з) од член 3(1), знаејќи дека овозможените вештини се наменети за оваа цел, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

Член 8 - Добивање обука за тероризам

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека добивањето настава за правење или употреба на експлозиви, огнено оружје или друго оружје, или штетни и опасни материи, или за други конкретни методи или техники заради извршување или придонесување кон извршување на едно од кривичните дела наведени во точките од (а) до (з) од член 3(1) се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

Член 9 - Патување заради тероризам

„Секоја земја-членка ги презема сите неопходни мерки за да обезбеди дека патувањето во друга земја поинаква од таа земја-членка заради извршување или

придонесување за извршување на дело тероризам како што е наведено во член 3, заради учество во активности на терористичка група, со познавање на фактот дека таквото учество ќе придонесе за сторени кривични дела на таа група како што е наведено во член 4, или заради обезбедување или добивање обука за тероризам како што е наведено во членовите 7 и 8, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

„Секоја земја-членка ги презема сите неопходни мерки за да обезбеди дека едно од следниве однесувања се казнува како кривично дело, кога се прави намерно:

(а) патување во таа земја-членка заради извршување, или придонесување за извршување на дело тероризам како што е наведено во член 3, заради учество во активности на терористичка група, со познавање на фактот дека таквото учество ќе придонесе за сторени кривични дела на таа група како што е наведено во член 4, или заради обезбедување или добивање обука за тероризам како што е наведено во членовите 7 и 8; или

(б) подготвителни акти преземени од лице кое влегува таа земја-членка со намера да изврши, или да придонесе за извршување на дело тероризам како што е наведено во член 3.“

Член 10 - Организирање или поинакво олеснување на патување заради тероризам

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека секој акт на организација или олеснување со којшто му се помага на лице при патување заради тероризам, како што е наведено во член 9(1) и точка (а) од член 9(2), знаејќи дека таквата помош е за таа цел, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

Член 11 - Финансирање тероризам

(1) „Секоја земја-членка ги презема сите неопходни мерки за да гарантира дека обезбедувањето или собирањето средства, на било кој начин, директно или индиректно, со намера тие да се употребат, или со знаење дека ќе се употребат, во целост или делумно, за да се изврши, или за да се придонесе кон извршување на некое од кривичните дела наведени во членовите од 3 до 10, се казнува како кривично дело, кога е извршено намерно.“

(2) „Кога финансирањето тероризам од ставот 1 на овој член се однесува на некое од делата утврдени во членовите 3, 4 и 9, нема да биде потребно средствата всушност да биле

употребени, целосно или делумно, за да се изврши, или за да се придонесе кон извршување на некое од овие дела, ниту, пак, ќе биде потребно сторителот да знаел за кое конкретно кривично дело или дела ќе се употребат средствата."

Член 12 - Други дела поврзани со терористички активности

„Земјите-членки ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат дека кривичните дела поврзани со терористички активности ги вклучуваат следниве намерни акти:

(а) тешка кражба со цел да се изврши едно од кривичните дела наведени во член 3;

(б) изнудување со цел да се изврши едно од кривичните дела наведени во член 3;

(в) изработка или користење на лажни административни документи со цел да се изврши едно од кривичните дела наведени во точките од (а) до (з) од член 3(1), точка (б) од член 4 и член 9."[43]

## 2.6. Национална стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризам (2018-2022 , и 2023-2027)

Владата на Република Северна Македонија, согласно со нејзините заложби за реформа на разузнавачките и безбедносните служби во безбедносниот сектор во 2018 година ја презентира својата трета Национална стратегија за борба против тероризмот (БПТ). Овој документ е во согласност со Стратегиите на Обединетите Нации и ЕУ за борба против тероризам и во соработка со регионални и меѓународни партнери кои го поддржаа Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам[44] во неговите активности.Со овој документ, Република СевернаМакедонија се стреми да ги координира министерствата,владините и невладините институции во нивното делување.[45]

Постигнат е одреден напредок во борбата против тероризмот и спречување насилен екстремизам во согласност со целите утврдени во Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот за Западен Балкан и новиот билатерален договор за спроведување. Обновени Национални стратегии за борба против тероризмот (2023-2027) и за спречување

---

[43] Ibid.стр.59-63

[44]во понатамошниот дел од текстот НКСНЕБПТ

[45]https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf ( стр.3 )

на насилниот екстремизам (2023-2027), со поврзаните акциски планови, беа донесени во мај 2023 година.Државата продолжува да го спроведува својот национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратниците од странски војски и членовите на нивните семејства. Секојдневно се спроведуваат различни активности во работата со странски терористички борци и нивните семејства.

Во декември 2022 година Европската комисија и Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија потпишаа нов Договор за спроведување заеднички акциски план за борба против тероризмот на Западен Балкан. Договорот ја надградува соработката во однос на борбата против тероризмот и акциите за спречување / борба против насилниот екстремизам. Тој им наложува на националните органи да поднесуваат периодични извештаи двапати годишно.

Северна Македонија е на една од главните транзитни маршрути за миграциско движење. Земјата продолжува да игра активна улога во управувањето со мешаните миграциски текови. Продолжија напорите за осигурување основни услови за живот и услуги за сите мигранти во земјата. Меѓутоа, постои потреба од зајакнување на институционалните и на административните капацитети за сите аспекти на управувањето со миграцијата. Потребни се повеќе вработени и дополнителни материјално-технички ресурси за да се зголеми капацитетот на задоволително ниво. Потребна е систематска регистрација на мигрантите, а треба да се подобри профилирањето чувствително на заштита. Земјата треба да воспостави соодветен систем за контрола на нерегуларното движење на луѓе и да ја прекине практиката на враќање на мигрантите надвор од правната рамка. Треба да се финализира и да се донесе план за вонредни ситуации за управување со големи миграциски текови. Договорот за статус за оперативна соработка во управувањето со границите со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) влезе во сила на 1 април 2023 година, со што се овозможи почнување заедничка операција со распоредување гранична полиција од земјите членки на ЕУ за обезбедување поддршка при граничната контрола и управувањето со нерегуларна миграција и прекуграничен криминал.[46]

[46]https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117 (извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)

### 2.6.1.Регионално ниво

Република Северна Македонија е на крстосница на транснационалното движење кое поврзува криминални, идеолошки и екстремистички групи, чие што ширење, влијание и активности државата може да ги запре или во најмала рака попречи со помош на меѓународна поддршка и соработка.Република Северна Македонија има бројни клучни двигатели или фактори кои не се специфични за државата.

Во последниот годишен извештај на МВР за 2023 година , регистрирано е едно кривично дело служба во странска војска , каде сторители се две лица ,кои се приклучиле на ИД во 2014 година и активно учествувале во борбени дејствија.[47]

Во претпоследниот годишен извештај на МВР за 2022 година , регистрирани се две кривични дела ,едно кривично дело за „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ и „неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства“. Во рамки на кривичните дела мерки на кривичен прогон се преземени против двајца сторители, кои делата ги извршиле прекусоцијалната мрежа со повикување и поттикнување учество во активности на Исламската држава или со фотографирање воен воздухоплов .[48]

Конечно, во поглед на спротивставувањето на финансирањето на тероризам, Република Северна Македонија е членка на Комитетот на експерти на Советот на Европа за евалуација на мерките против перење пари и финансирање на тероризам, регионално тело слично на Специјалната група за финансиско постапување (Financial Action Task Force (FATF). Управата за финансиско разузнавање на Република Северна Македонија, Управата за спречување на перење пари, се членки на Егмонт групата на Единици за финансиско разузнавање.

Во 2023 година(на 13.07.2023) , Експертка на Обединетите нации -Специјалната известувачка на ОН за унапредување и заштита на човековите права и основните слободи

[47]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202023.pdf

[48]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_2022_%D0%9C%D0%92%D0%A0.pdf

во борбата против тероризмот, Фионуала Ни Аолаин ,даде позитивни оценки за напорите на нашата држава за решавање на сложената ситуација во која се наоѓаат повратниците од конфликтните зони, особено од Сирија, преку нивна репатријација, реинтеграција и гонење. Таа изјави дека Северна Македонија исто како и  Германија се позитивен пример за реинтегрирање на повратниците од боиштата во Сирија и Ирак..

Аолаин укажува дека двете земји мора и понатаму будно да внимаваат на тоа дали политиките и практиките за борба против насилниот екстремизам поврзани со враќањето и реинтеграцијата се навистина усогласени со стандардите за човековите права.[49]

### 2.6.2.Државно ниво

НКСНЕБПТ од 2018 година , па наваму се осврнува на важноста на реалните и перципираните поплаки на граѓаните на Република Северна Македонија, како што се на пример: маргинализација на заедниците, нетолеранција за разликите во културата, религијата и јазиците и неправедни или неправични пракси на органите на прогонот. Негативното однесување поврзано со овие поплаки може позитивно да се промени доколку сите владини институции јасно и одговорно ги претставуваат сите граѓани.

На тој начин државата ќе усвои проактивни ставови за заштита преку превенција од непочитување на правата на нејзините граѓани. Доброто владеење промовира силно граѓанско општество. Од императивна важност е Република Северна Македонија да продолжи да ја подобрува стандардизацијата на својот институционален одговор кон БПТ и СНЕ. Институционалните напори за создавање на сеопфатна обука и поддршка во креирање на платформи и датабази за споделување на заедничките агенциски информации, податоци и разузнавачки информации, и зголемување на доверба и соработка меѓу владините безбедносни служби и лидерите на заедниците ќе обезбедат конзистентност на напорите.

Според извештајот на ЕУ за 2023 година ,Радикализацијата во затворите и понатаму претставува загриженост и покрај тоа што постои Стратегија за казнениот систем (2021 - 2025) што опфаќа мерки против радикализацијата во затворите. Потребно е ефективно

---

[49]https://www.dw.com/mk/makedonija-uspesno-gi-integrirala-dihadistite-od-sirija-veli-ekspertka-na-on/a-66227372

постапување со онлајн радикализацијата, за што се потребни подобра опрема и обука, како и за надградба на човечките капацитети. Во извештајниот период не се регистрирани случаи на репатријација на странски терористички борци. Во 2022 година против пет лица беа покренати обвиненија за наводно извршување на пет одделни кривични дела поврзани со „тероризам“ и „учество во странски паравоени или параполициски формации“. Во 2022 година три случаи резултирале со пресуди за кривично дело „тероризам“, од кои две се конечни, а за една се води жалбена постапка. За споредба, во 2021 година биле донесени четири судски пресуди против четворица вратени странски терористички борци и против едно лице било поднесено обвинение за тероризам. [50]

### 2.6.3.Општинско/локално ниво[51]

Во јули 2023 година Северна Македонија го поднесе првиот извештај за напредокот во врска со извршувањето на билатералниот договор за спроведување на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот на Западен Балкан. Спроведувањето на новопотпишаниот договор за борба против тероризмот започна со некои приоритетни активности, преземени во согласност со распоредот.

На локално ниво, локалните совети за превенција, акциските тимови во заедницата и локалните мултидисциплинарни тимови спроведуваат мерки за спречување насилен екстремизам и тероризам. Во ноември 2022 година беа воспоставени уште два локални акциски тима во Прилеп и Струга. Сега функционираат локални мултидисциплинарни тимови во девет општини - Скопје, Куманово, Гостивар, Тетово, Кичево, Охрид, Струга, Штип и Прилеп - кои обезбедуваат поддршка за повратниците и нивните семејства. Овие тимови работат во координација со локалните центри за социјални услуги. Потребна е поголема јасност околу поделбата на овластувањата, задачите и одговорностите помеѓу локално и централно ниво за подобра соработка за превенција и борба против насилниот екстремизам. Државата треба да донесе дополнителни законски одредби за легитимизирање и уредување на активностите на локалните тела.[52]

[50]https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117 (извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)
[51]https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf ( стр.18 )
[52]https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117(извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)

НКСНЕБПТ во главно се фокусира на различни прашања на локалното ниво на власт, посочувајќи неколку области каде државните и локалните власти и институции треба да соработуваат за да ги спречат појавите на насилниот екстремизам и тероризмот. Во нив спаѓаат:

• Подобрување на довербата и соработката меѓу владините безбедносни служби и верските водачи;

• Допрецизирање на сеопфатна обука и поддршка за верските заедници да се спротивстават на онлајн радикализацијата;

• Унапредување на обуката во заедниците, на семејствата, затворскиот персонал и верските водачи, со цел да се идентификуваат раните знаци на насилна радикализација:

• Развивање средства и мерки за спротивставување на обемот на дезинформации што гиистакнуваат поларизирачките наративи кај ранливите категории на граѓани и

• Создавање процеси и процедури за поттикнување програми во заедниците за поддршкана општествената кохезија, што го превенира насилниот екстремизам и тероризам.

Невработеноста и несоодветните одговори на полициските органи ја надополнуваат фрустрацијата на заедниците кои веруваат дека нивните потреби не се сфаќаат сериозно.[53]

Неуспехот или латентниот одговор на повиците на заедницата за помош од страна на државните институции во заштита на граѓаните, ја зајакнува појавата на насилни и радикални активности. Во Република Северна Македонија, склоноста да се поттикнуваат граѓаните да оддржуваат етнички и конфесионално затворени општества, наместо напори да се поттикне инклузивна, интер и интра- културна интеграција и верска толеранција се во голема мерка важни причини за немири. Понатаму, овие разлики во општеството придонесуваат кон индивидуална или колективна желба да се прифати екстремизмот. Во крајна линија, поделбата и исклучувањето значително ќе придонесат кон

[53]https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf ( стр.19 )

транснационалните ефекти на прелевање, што ги засилуваат последиците на локално, државно и регионално ниво[54].

## Глава 3. Исламска Држава на Ирак и Сирија (Да-еш )

### 3.1. Организациски преглед на ИСИС ( ДА-еш)

Исламска држава (ИД) - исто така позната како Исламска држава на Ирак и Сирија (ИСИС) и Исламска држава во Ирак и Левант (ИСИЛ) ,или на арапски јазик- ДАЕШ[55] , е салафи-џихадистичка милитантна организација која се обидува да воспостави исламски калифат во Ирак и Сирија и да се создаде глобално салафи-џихадистичко движење. Целта на групата е да воспостави исламски калифат во Ирак и Сирија и на крајот да го прошири своето влијание на глобално ниво.[56]

Темелите на ИД беа поставени во 1990-тите и раните 2000-ти. Во тоа време, Абу Мусаб ал-Заркави ја основаше главната група претходник на ИД, Џамаат ал-Тавхид ва'ал-Џихад (JTJ) и почна да регрутира јордански криминалци и да обучува екстремистички милитанти во кампот во Херат, Авганистан.

Формирана: 1999 г, и се уште е активна ден денес , во 2024 година.ИД остана најсмртоносната терористичка група на глобално ниво веќе деветта по ред , последователна година, забележувајќи и најголем број нападии смртни случаи од тероризам. Иако групата е сè уште многу активна, нејзиниот импакт се намалува во сите тие девет години,споредбено со претходно.

[54]Ibid , стр.20
[55] https://en.wikipedia.org/wiki/Names_of_the_Islamic_State
(In the Arab world and beyond, the group is referred to by its Arabic-language acronym "Daesh" (alt. Da'esh | Arabic: داعش | pronunc. dah-ESH). The acronym is derived from the group's extended name: "D" / daal(د) = ad-Dawla, "the state [of]", "A" / alif(ا) = al-Islamiyya, "Islam", "E" / 'ayn(ع) = fi'l- 'iraq, "in Iraq", "Sh" / shin(ش) = wa'ash-Sham, "and the Sham (region roughly equivalent to the Levant)"
[56]Bunzel, Cole. “From Paper State to Caliphate: The Ideology of the Islamic State.” The Brookings Institution, March 9, 2015. 4.

Смртните случаи кои се припишуваат на групата и нејзините филијали - Исламска држава -Провинција Хорасан (ISK), Исламска држава - провинција Синај (ISS),Исламска држава – Сахел и Исламска држава Западна Африка (ISWA) – за 2023 година , паднаа за 17 отсто во текот на претходната  година( 2022) на 1.636 случаи , најмал број од  2014 год. наваму . Групата изврши напади во 20 различни земји во 2023 година, исто така во опаѓање споредбено со претходните години  –во  30 земји во 2020 година[57].

### 3.1.1. Главна Идеологија и цели

Идеологијата на Исламската држава е вкоренета во салафизмот - фундаменталистичко движење во сунитскиот ислам - и џихадизмот - модерна интерпретација на исламскиот концепт на борба, често користен во контекст на одбранбена војна.

Салафитите веруваат дека најчистата, доблесна форма на исламот ја практикувала раната генерација муслимани (познати како Салафи) кои живееле во периодот  на пророкот Мухамед.[58] Додека другите конзервативни исламистички движења се залагаат за слични идеи, салафизмот се одвојува себеси обидувајќи се да го рекреира вистинскиот начин на живот и однесување на овие рани муслимани наместо едноставно да се придржуваат до истите религиозни верувања.[59]

Интерпретациите на салафиската филозофија многу се разликуваат, а движењето не е инхерентно насилно. Научниците генерално прават разлика помеѓу три типа на салафизам:

(1) тивок салафизам кој го нагласува конзервативниот начин на живот, но нема амбиции да ги промени трендовите на поширокото општество;

(2) политички салафизам кој се обидува да ги замени секуларните режими со конзервативни; и

[57]Global Terrorism Index GTI-2024-web-290224.pdf
[58]Hamid, Shadi, and Rashid Dar. “Islamism, Salafism, and jihadism: A primer.” Brookings Institution. July 15, 2016.
[59]Wood, Graeme. "What ISIS Really Wants." The Atlantic. March 2015.

(3) џихадистички салафизам кој се залага за насилство за одбрана од опасностите на секуларизмот.[60]

Џихадизмот е модерно толкување на исламскиот концепт на џихад, кој нашироко се користи за да се оправда одбранбената војна против угнетувањето во екстремни околности.[61]

Современите џихадистички групи ја обликуваа оваа филозофија за да ги оправдаат своите терористички активности како одбрана од напади од западните земји.[62]Салафиските џихадисти ја нагласуваат воената историја на раните муслимански заедници и ги гледаат нивните постапки како божествено оправдано продолжение на ова наследство.[63] Исламската држава се смета за салафи џихадистичка група. Поврзан со овие верувања е исламскиот концепт на такфир или кефир – некомуникација со друг муслиман и прогласување за неверник.[64] ИД применува такфир за шиитите, секуларните влади на Блискиот Исток, владите партнери со Западот и сунитските заедници кои ги отфрлаат екстремните ставови на ИД и строгото толкување на шеријатскиот закон. Под такфир, овие групи сега се потенцијални непријатели, а употребата на одбранбен џихад од ИД против нив е оправдана.[65]

Од своето основање, Исламската држава се обидува да воспостави исламски калифат врз основа на нејзината салафиска филозофија и фундаменталистичко толкување на шеријатскиот закон.[66]Подолу е хронолошко објаснување за тоа како целите и идеологијата на групата се менувале во текот на нејзиното постоење. Во своите претходни повторувања како JTJ и AQI, групата се фокусираше на постигнување поконкретни цели, како што е протерување странски сили од Ирак. Како што растеше организацијата, таа ставаше

---

[60]Erasmus. "How to Understand Salafism in America." The Economist. October 24, 2018.
[61]Lahoud, Nelly. “The Strengths and Weaknesses of Jihadist Ideology.” Combatting Terrorism Center at West Point - CTC Sentinel 3, no. 10, October 2010.
[62] Ibid
[63] Hamid, Shadi, and Rashid Dar. “Islamism, Salafism, and jihadism: A primer.” Brookings Institution. July 15, 2016.
[64]Lahoud, Nelly. “The Strengths and Weaknesses of Jihadist Ideology.” Combatting Terrorism Center at West Point - CTC Sentinel 3, no. 10, October 2010.
[65] Hamid, Shadi, and Rashid Dar. “Islamism, Salafism, and jihadism: A primer.” Brookings Institution. July 15, 2016.
[66]Kirdar, MJ. AQAM Futures Project Case Studies Series: Al Qaeda in Iraq. Publication. Center for Strategic and International Studies, June 2011. Web. 24 Nov. 2014; Hashim, Ahmed. "The Islamic State: From Al-Qaeda Affiliate to Caliphate." Middle East Policy 21.4, 2014. 70.

поголем акцент на воспоставувањето калифат и создавањето на глобално салафи џихадистичко движење.

За време на американската окупација на Ирак, групата беше главен учесник во ирачкиот бунт, прво како JTJ, а потоа, откако се заколна на верност на Ал Каеда, како Ал Каеда во Ирак (AQI). Соочувајќи се со реакција од заедницата и зголемен притисок од американските и ирачките сили, групата опадна во сила и влијание. Сепак, оваа надолна траекторија се промени во 2011 година. Повлекувањето на американските трупи од Ирак создаде вакуум во моќта. AQI се вклучи за да го пополни овој вакуум, додека почетокот на Сириската граѓанска војна ѝ обезбеди на групата доволно простор да расте и по големина и по влијание. Во 2013 година, групата го промени своето име од AQI во Исламска држава во Ирак и Сирија (ISIS). Во текот на 2013 и 2014 година групата зазеде територии во Сирија и Ирак. ИСИС го промени своето име во Исламска држава (ИД) и прогласи формирање калифат во Ирак и Сирија во јуни 2014 година.

ИД беше значајна по јавното обезглавување на западните заробеници, големиот контингент странски борци и значителното медиумско присуство. На теренот, ИД покажа брутална ефикасност и насилство во битките против режимот на Асад и шиитските сили кои се сојузници на Сирија, сириските опозициски групи, ирачката војска и курдските пешмерга. Соединетите Американски Држави, заедно со европските и арапските сојузници, започнаа воздушни напади против групата во есента 2014 година.

На 23 март 2019 година, ИД го загуби последниот дел од територијата во Багуз, Сирија. Од април 2021 година, групата сè уште нема контрола врз големи делови од територијата во Ирак и Сирија.[67]Сепак, ИД останува многу активна и продолжува да спроведува терористички напади од мали и големи размери во регионот.

---

[67]In February 2021, a U.S. military official said that the Islamic State "remains a serious challenge" but that it "is no longer able to sustainably occupy any territory in Iraq and Syria." See Abdulla, Namo. "Kurds Warn of Growing Islamic State Capabilities in Iraq." VOA News, February 7, 2021. https://www.voanews.com/extremism-watch/kurds-warn-growing-islamic-stat…

### 3.1.2. Извршени напади од страна на ИД( или нејзините претходни филијали-ограноци )

Ова се некои одбрани големи напади во историјата на милитантната организација. Тоа не е сеопфатен список, но опфаќа некои од најпознатите напади или пресвртни точки за време на кампањата. Во многу од извршените напади очигледно е учеството на СТБ или ФТФ , кои радикализирани на разни начини (во затвори ,преку интернет или слично ) во името на ИСИС или ДАЕШ ги извршуваат терористички акти.

-28 октомври 2002: Милитантите на JTJ го убија офицерот на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) Лоренс Фоли пред неговиот дом во Јордан (1 убиен, 0 ранет).[68]

-19 август 2003: JTJ го бомбардираше седиштето на ОН во Багдад (23 убиени, над 100 ранети).[69]

-28 август 2003 година: JTJ го бомбардираше храмот Имам Али во Наџаф, Ирак (85 загинати, непознати повредени).[70]

-7 мај 2004 година: Водачот на JTJ Заркави го обезглавил американскиот цивилен работник Николас Берг во Ирак (1 убиен).[71]

-9 ноември 2005: AQI бомбардираше западни хотели во Аман, Јордан (57 загинати, непознати повредени).[72]

-22 февруари 2006 година: AQI ја бомбардираше шиитската Златна џамија во Самара, Ирак, која се наоѓа 65 милји северно од Багдад. Нападот предизвика одмазда против 100 или повеќе сунитски џамии (нема пријавени жртви).[73]

---

[68] "Jamaat al-Tawhid wa'l-Jihad," GlobalSecurity.org, 6 Dec. 2006. Web. 26 Jan. 2010; "US Diplomat Shot Dead in Jordan." BBC News. BBC, 28 Oct. 2002. Web. 11 Nov. 2014.

[69]"Paris Attacks: Islamic State Group 'releases Video of Attackers' - BBC News." BBC News. Web. 28 Feb. 2016.

[70]"Paris Attacks: What Happened on the Night - BBC News." BBC News. Web. 28 Feb. 2016.

[71]"ISIS 'minister of War' Likely Killed in US Airstrike in Syria, Defense Official Says | Fox News." Fox News. FOX News Network, 2016. Web. 17 Mar. 2017

[72]Schmidt, Michael S., and Mark Mazzetti. "A Top ISIS Leader Is Killed in an Airstrike, the Pentagon Says." The New York Times. The New York Times, 2016. Web. 7 Mar. 2017

[73] “Brussels Attacks: Zaventem and Maelbeek bombs kill many.” BBC. BBC, 22 Mar. 2016. Web. 29 Mar. 2017

-Август 2009: AQI ја презеде одговорноста за бомбашките напади на неколку владини згради во Багдад (250 убиени, над 1000 ранети).[74]

-Мај 2010: AQI изврши напади низ Ирак како одговор на убиствата на водачите на AQI Масри и Багдади (85 убиени, над 300 ранети).[75]

-21 март 2012: AQI ја презеде одговорноста за нападите во осум градови извршени заедно за нешто помалку од шест часа. Шиитски цивили и ирачки полицајци, безбедносни сили и владини претставници беа цел на напад во Карбала, Киркук и Багдад (46 убиени, 200 ранети).[76]

-22 јули 2013: AQI ги нападна затворите Абу Граиб и Таџи во Ирак, ослободувајќи приближно 800 затвореници со припадност на Ал Каеда (26 убиени, непознати повредени).[77]

-10 јуни 2014: ИСИС ја презеде контролата врз Мосул (непознати жртви).[78]

-Јули - август 2014 година: ИСИС ја презеде контролата врз Рака, Сирија (непознати жртви).[79]

- Август 2014: ИСИС го обезглави американскиот заробеник Џејмс Фоли и објави видео од убиството. Видеото привлече меѓународно внимание. ИСИС продолжи да обезглавува повеќе британски и американски заложници во наредните месеци (1+ убиен, 0 ранети)[80]

-Август 2014 година: Во период од две недели, ИСИС погуби 700 членови на племето ал-Шеитаат во провинцијата Деир ал-Зор во Сирија, според Сириската

[74] "Brussels Attacks Death Toll Lowered to 32." The World Post. Huffington Post, 29 Mar. 2016. Web. 29 Mar. 2017.
[75] Sawyer, Patrick and Chazan, David. "British victim of Brussels attack confirmed dead as slow identification of bodies continues." The Telegraph. The Telegraph, 25 Mar. 2016. Web. 29 Mar. 2017.
[76]Paravicini, Giulia. "Brussels ISIL cell 'initially' planned to 'strike France again.'"Politico, 10 Apr. 2016. Web. 29 Mar. 2017.
[77] "Attentats du 13 novembre: Osoma Krayem soupconné d'avoir fréquenté l'atelier de confection des bombes." Le Monde. Le Monde, 19 Apr. 2016. Web. 29 Mar. 2017.
[78]Abbit, Beth. "The number of people injured in Manchester Arena terror rises to 250." Manchester Evening News. MEN Media, 22 Jun. 2017. Web. 8 Oct. 2017.
[79]White, Jeffery. "Military Implications of the Syrian Regime's Defeat in Raqqa." The Washington Institute for Near East Policy. 27 Aug. 2014. Web. 11 Nov. 2014.
[80] Yourish, Karen. "The Fates of 23 ISIS Hostages in Syria." The New York Times. N.p., 23 Oct. 2014. Web. 09 Jan. 2015.

опсерваторија за човекови права. Племето Ал-Шејтаат и ИСИС започнаа борби во јули 2014 година (700+ убиени, непознати повредени).[81]

-22 октомври 2014 година: Припадникот на ИД, Мајкл Зехаф-Бибо, отвори оган во канадскиот национален воен споменик, убивајќи еден канадски војник. Тој потоа упадна во канадскиот парламент пред да биде застрелан и убиен од властите. ИСИС тврдеше дека нападот бил директен повик за акција (2 убиени, 3 ранети).[82]

-29 октомври 2014 година: ИСИС јавно погуби неколку членови на сунитското племе, Абу Нимр, кое се спротивставуваше на напредувањето на ИСИС во провинцијата Анбар во западен Ирак. Извештаите за бројот на загинатите се движат од четириесет и шест до над триста. Извештаите, исто така, се разликуваат за тоа дали или не биле убиени жени и деца заедно со мажи (46+ убиени, непознати ранети).[83]

-15 мај 2015: ИСИС го зазеде Рамади, главниот град на провинцијата Анбар, од ирачките безбедносни сили, кои беа поддржани од шиитските милиции и американските воздушни напади. ИСИС ги контролираше областите околу Рамади речиси една и пол година пред да го заземе градот (500+ убиени, непознати повредени).[84]

-13 ноември 2015: Единаесет членови на ИД , помеѓу кои и СТБ или ФТФ , убија 130 цивили и повредија уште 100 во серија напади во Париз, Франција. Вооружен напаѓач и бомбаши самоубијци нападнаа концертна сала, фудбалски стадион, ресторани и барови во француската престолнина. Во текот на деновите по нападот, деветмина од оперативците на ИД беа убиени. Еден оперативец остана во бегство додека не беше фатен во Брисел на 18 март 2016 година. Според францускиот претседател Франсоа Оланд, нападите биле планирани во Сирија, а организирани во Белгија (130 убиени, 100 ранети).[85]

---

[81] Holmes, Oliver, and Suleiman Al-Khalidi. "Islamic State Executed 700 People from Syrian Tribe: Monitoring Group." Reuters. 16 Aug. 2014. Web. 6 Nov. 2014.
[82]"ISIS Goes Global: Over 60 Attacks in 20 Countries." Fox News. 2016. Web. 28 Feb. 2016; "Ottawa shooting: A day of chaos leaves soldier, gunman dead." CBC News. October 22, 2014.
[83]Stout, David. "ISIS Massacres Sunni Tribe in Iraq." Time. 4 Nov. 2014. Web. 6 Nov. 2014; Morris, Loveday, and Mustafa Salim. "Islamic State Publicly Kills at Least 46 Sunni Opponents in Captured Iraqi City." Washington Post. The Washington Post, 29 Oct. 2014. Web. 6 Nov. 2014.
[84]Arango, Tim. "Key Iraqi City Falls to ISIS as Last of Security Forces Flee." The New York Times. N.p., 17 May 2015. Web. 18 May 2015.
[85] "Paris Attacks: Salah Abdeslam 'refused to Blow Himself Up' - BBC News." BBC News. Web.

-14 јануари 2016 година: Пет милитанти на ИД вооружени со самоубиствени експлозиви и пиштоли нападнаа Старбакс и полициска станица во Џакарта, Индонезија. Убиени се еден канадски цивил, еден индонезиски цивил и пет напаѓачи (7 убиени, 23 ранети).[86]

-22 март 2016 година: Припадници на Исламската држава поставија три бомби со шајки во Брисел, Белгија. Две бомби беа активирани на аеродромот во Брисел, а една бомба експлодираше во метро станицата Маалбек. Во два дена по бомбашките напади, европските власти уапсија единаесет милитанти на Исламската држава кои се поврзани со овој напад и со нападот во ноември 2015 година во Париз, Франција (31 убиен, 340 ранети).[87]

-23 мај 2017: Оперативецот на ИСИС, Салман Абеди, активираше бомба на поп концерт на Аријана Гранде во Манчестер, Обединетото Кралство (23 загинати, над 250 ранети).[88]

-7 јуни 2017 година: Осум вооружени лица и бомбаши самоубијци истовремено го нападнаа иранскиот парламент и гробот на ајатолахот Хомеини во Техеран, Иран. Ова беше првиот голем напад на ИД во Иран (12 убиени, 42 ранети).[89]

-17 август 2017 година: Возач на комбе вози со голема брзина(буквално ора) , низ преполниот плоштад во Барселона, осакатувајќи десетици пешаци. ИД ја презеде одговорноста, но не е јасно дали нападот всушност бил организиран од ИД или бил само инспириран од идеологијата на групата. Тоа беше најсмртоносниот терористички напад во Шпанија во повеќе од една деценија (13 убиени, 80 ранети).[90]

---

"Paris Attacks: Islamic State Group 'releases Video of Attackers' - BBC News." BBC News. Web. 28 Feb. 2016; "Paris Attacks: What Happened on the Night - BBC News." BBC News. Web. 28 Feb. 2016.

[86]Cochrane, Joe, and Thomas Fuller. "Jakarta Attack Raises Fears of ISIS’ Spread in Southeast Asia." The New York Times. The New York Times, 2016. Web; "Indonesia: ISIS's New Battlefront." Time. Time. Web.

[87]Cochrane, Joe, and Thomas Fuller. "Jakarta Attack Raises Fears of ISIS’ Spread in Southeast Asia." The New York Times. The New York Times, 2016. Web; "Indonesia: ISIS's New Battlefront." Time. Time. Web.

[88]Kalamachi, Rukmini and Schmitt, Eric. “Manchester Bomber Met With ISIS Unit in Libya, Officials Say.” The New York Times. The New York Times, 3 Jun. 2017. Web. 8 Oct. 2017; Abbit, Beth. “The number of people injured in Manchester Arena terror attack rises to 250.” Manchester Evening News. MEN Media, 22 Jun. 2017. Web. 8 Oct. 2017.

[89] McKernan, Bethan. "Tehran attacks: ISIS claims responsibility for 'first major attack on Iran." The Independent, June 7, 2015.

[90]Bolon, Anne-Sophie, Palko Karasz, and Kames C. McKinley Jr. "Van Hits Pedestrians in Deadly Barcelona Terror Attack." New York Times, August 17, 2017.

-31 октомври 2017 година: Сајфуло Хабибулаевиќ Саипов, државјанин на Узбекистан со наводни врски со ИД, возеше изнајмено комбе низ преполниот тротоар во Њујорк, осакатувајќи и убивајќи повеќе од десетина поединци. Тој оставил белешка на местото на настанот дека нападот бил извршен во име на ИД (8 загинати, 12 ранети).[91]

-24 ноември 2017 година: Милитантите поврзани со ИД упаднаа во џамија во Бир ал-Абед, Египет и масакрираа стотици верници. Нападот беше одмазда за соработката на градот со египетската влада во идентификувањето на осомничените милитанти на ИД. Бир ал-Абедр, исто така, беше цел бидејќи многу од неговите жители практикуваа суфизам, мистична форма на исламот што ИД го смета за политеизам и зло (311 убиени, 128 ранети).[92]

-15 јануари 2018 година: Двојни бомбаши самоубијци го нападнаа плоштадот Тајран, преполниот плоштад каде што дневните работници одат да најдат работа. Бомбашките напади беа првиот голем напад на групата во Багдад откако ирачката влада прогласи победа против ИД во декември 2017 година (38 убиени, 105 ранети).[93]

-22 април 2018 година: Бомбаш самоубиец нападна центар за регистрација на гласачи во претежно шиитска населба во Кабул, Авганистан. Ова беше четврти напад во серијата бомбашки напади што доведоа до парламентарните избори во Авганистан во октомври (57 загинати, 119 ранети).[94]

-2 мај 2018: Бомбаши самоубијци ја нападнаа изборната комисија предводена од Обединетите нации во Триполи, Либија. Нападот имаше за цел да ги попречи меѓународните напори за стабилизирање на Либија (12 убиени, 7 ранети).[95]

-13 мај 2018 година: Шестчлено семејство истовремено активираше самоубиствени бомби во три цркви во Сурабаја, Индонезија. Друга бомба од поврзано милитантно семејство предвреме експлодирала во куќата на производителот на бомбите, при што

[91]Prokupecz, Shimon, Eric Levenson, Brynn Gingras, and Steve Almasy. "Note found near truck claims Manhattan attack done for ISIS, source says." CNN. November 6, 2017.
[92]Youssef, Nour. "Motives in Egypt's Deadliest Terrorist Attack: Religion and Revenge." New York Times, December 2017.
[93]Shaheen, Kareem. "Suicide attack in Baghdad kills at least 38." The Guardian. January 15. 2018.
[94]"Afghanistan: Kabul voter centre suicide attack kills 57." BBC News. April 22, 2018.
[95]Elumami, Ahmed. "Suicide attackers storm HQ of Libya's election commission, 12 dead." Reuters, May 2, 2018.

загинале двајца членови на семејството. Следниот ден друго семејство активираше бомба-самоубиец на својот мотор додека се возеше во седиштето на полицијата, при што загинаа сите членови на семејството и беа повредени полицајци и цивили. Овие напади беа првата успешна мисија на ИД во Индонезија од 2016 година и првите самоубиствени бомбашки напади во кои учествуваа жени и деца во Индонезија (20 загинати, 41 ранет).[96]

-13 јули 2018: Бомбаши самоубијци го нападнаа конвојот на политичар кој се водеше кампања за законодавно место во пакистанската провинција Балучистан. Во нападот беше убиен кандидатот Навабзада Сирај Раисани. Стотици други беа убиени или ранети. Нападот е втор најсмртоносен во историјата на Пакистан (149 убиени, 186 ранети).[97]

-25 јули 2018 година: Милитантите на ИД го нападнаа градот Свеида во југозападна Сирија, активирајќи самоубиствени бомби и користејќи друго оружје за да убијат голем број цивили. Регионот има големо население Друзи и номинално бил под контрола на владата во текот на граѓанската војна. Милитантите на ИД, наводно, ги разбудиле семејствата неколку часа пред зори и тивко убиле стотици во нивните домови пред да активираат самоубиствени бомби подоцна во текот на денот (215 убиени, над 200 ранети).[98]

-22 септември 2018 година: За време на воената парада во Ахваз, Иран, четворица милитанти маскирани во воени униформи отворија оган врз толпа војници и цивилни набљудувачи. Иранските власти ги обвинија САД и нивните регионални сојузници за нападите; сепак, ИД подоцна ја презеде заслугата и вети дека ќе преземе повеќе напади во Иран (25+ убиени, 60 ранети).[99]

-Декември 2018: Шериф Чекат, француски државјанин радикализиран во затвор, отвори оган на божиќниот пазар во Стразбур, Франција (5 убиени, 11 ранети).[100]

---

[96]Schulze, Kirsten. "The Surabaya Bombings and the Evolution of the Jihadi Treat in Indonesia." Combatting Terrorism Center at West Point - CTC Sentinel 11, no. 6 June/July 2018. 1.
[97] Ali Shah, Syed, Sophia Saifi, and Judith Vonberg. "At least 149 killed in Pakistan terror strike targeting political rally." CNN. July 16, 2018.
[98] "Syria war: More than 200 dead in suicide attacks." BBC News. July 25, 2018.
[99]Sulaivany, Karzan. "Islamic State warns Iran more to follow after Ahvaz attack: report." Kurdistan 24, September 26, 2018.; Pérez-Peña, Richard. "Attack on Military Parade in Iran Kills at Least 25." New York Times, September 22, 2018.
[100]"Strasbourg shooting: What we know." BBC News, December 16, 2018.

-27 јануари 2019 година: Милитантите поврзани со ИД поставија две бомби во црква во јужниот дел на Филипините. Бомбашкиот напад дојде една недела откако локалните гласачи го отфрлија референдумот за вклучување во автономен муслимански регион. Сепаратистичките исламистички групи на Филипините со години бараа автономија, а нападите се опишани како форма на одмазда против локалното население (20 убиени, 81 ранет).[101]

-21 април 2019 година: Бомбаши самоубијци и вооружени напаѓачи нападнаа три хотели и три католички цркви во координирани напади во Коломбо, Шри Ланка. Милитантите беа од National Thowheed Jama’ath, група со врски со ИД. Фотографиите на кои се прикажани членовите на Националната групација Thowheed Jama'ath кои се залагаат за верност на ИД беа објавени од страна на новинската агенција Amaq по нападот (300+ убиени, 500+ ранети).[102]

-17 август 2019 година: Бомбаш самоубиец активираше појас со експлозив на шиитска свадба во западен Кабул, Авганистан. Авганистанскиот огранок на ИД ја презеде одговорноста за бомбардирањето (63+ убиени, 180+ ранети).[103]

-2 февруари 2020 година: Судеш Аман, британски државјанин, избоде и повреди две лица на патот Streatham High Road во јужен Лондон, Обединетото Кралство. Вооружената полиција го застрела и го уби Аман веднаш по почетокот на нападот. Аман, наводно, објавил верност на ИД преку видео, а ИД подоцна ја презеде одговорноста за нападот во Аман. Групата сметаше дека Аман одговарал на повикот на ИД за напади врз граѓани на земјите кои ја бомбардираат територијата на ИД на Блискиот Исток (0 убиени, 2 ранети).[104]

-2 ноември 2020 година: Осамен вооружен маж нападна неколку локации во центарот на Виена, Австрија, вклучително и плоштад во близина на главната синагога во

---

[101]Gutierrez, Jason. "Philippines Cathedral Bombing Kills 20." New York Times, January 27, 2019.
[102]Dearden, Lizzie. “Isis Claims Responsibility for Sri Lanka Easter Massacre.” The Independent, April 23, 2019.; Withnall, Adam. “Sri Lanka Government Reveals Suicide Bombers Responsible for Deadly Blasts That Killed Hundreds.” The Independent. Independent Digital News and Media, April 22, 2019.
[103]Constable, Pamela and Sharif Hassan. "Islamic State claims suicide attack on Kabul wedding that killed 63." The Washington Post, August 18, 2019.
[104]Dearden, Lizzie. "Streatham terror attack: Isis claims responsibility for stabbing by supporter Sudesh Amman." The Independent, February 3, 2020; Davies, Caroline and Simon Murphy. "Sudesh Amman: how did science student become Streatham jihadist?" The Guardian, February 3, 2020.

градот. Вооружената полиција го застрела и го уби напаѓачот. Полициските истражители подоцна утврдиле дека напаѓачот, чиј идентитет властите не го откриваат, бил симпатизер на ИД. (4 убиени, 13 ранети).[105]

-21 јануари 2021 година: Двајца бомбаши самоубијци активираа бомби на преполн пазар во источен Багдад. Портпаролите на ирачкото Министерство за здравство и внатрешни работи истакнаа дека нападот бил најсмртоносниот во Багдад од 2018 година.[106]ИД ја презеде одговорноста за бомбашките напади преку изјава објавена на апликацијата за пораки Телеграм подоцна истиот ден, во која се наведува дека имале намера да убијат шиити (32 убиени, 110 ранети).[107]

-24 март 2021 година - 4 април 2021 година: Група поврзана со ИД, позната како Исламска држава Централна Африканска провинција или ИСИС-Мозамбик, го заземе градот Палма во северен Мозамбик.[108]]Цел на милитантите беа владиниот, воениот и цивилниот персонал и згради. На 29 март, ИД ја презеде одговорноста за нападот преку соопштение објавено преку нејзината новинска мрежа Amaq.[109] Сепак, односот помеѓу ИД и ИД-Централна Африка е опишан како „лабав“ и неколку набљудувачи се сомневаат дека ИД била директно вклучена во нападите.[110] Владините сили целосно ја вратија контролата

[105]BBC News. “Vienna shooting: What we know about 'Islamist terror' attack.” BBC, November 4, 2020.; Pancevski, Bojan, Ruth Bender, and William Boston. “Vienna Shooting Kills Four, Injures Several in Terrorist Act.” The Wall Street Journal, November 3, 2020.

[106]Arraf, Jane. "Suicide Bombings in Crowded Baghdad Market Kill at Least 32." The New York Times, January 21, 2021.

[107]Al-Araby. "IS claims Baghdad twin bombing that killed 32, wounded 110." Al-Araby, January 21, 2021.

[108]“Cabo Ligado Weekly: 29 March-4 April.” Cabo Ligado Conflict Observatory, April 2021. https://www.caboligado.com/reports/cabo-ligado-weekly-29-march-4-april-…

[109] Christina Goldbaum. “ISIS Claims Responsibility for Mozambique Attack.” The New York Times, March 30, 2021. https://www.nytimes.com/2021/03/30/world/africa/isis-mozambique-attack…; “Islamic State Claims Dayslong Attack on Mozambique Town.” VOA News, March 29, 2021. https://www.voanews.com/africa/islamic-state-claims-dayslong-attack-moz…; Emilia Columbo and Austin C. Doctor. “Foreign Fighters and the Trajectory of Violence in Northern Mozambique.” War on the Rocks, April 13, 2021. https://warontherocks.com/2021/04/foreign-fighters-and-the-trajectory-o…

[110] Christina Goldbaum. “ISIS Claims Responsibility for Mozambique Attack.” The New York Times, March 30, 2021. https://www.nytimes.com/2021/03/30/world/africa/isis-mozambique-attack…

врз Палма до 4 април 2021 година.[111] Се проценува дека 40.000 луѓе биле раселени поради борбите, а бројот на жртви е непознат (непознати убиени, непознати ранети).[112]

**Последни напади во 2024 година ;**

Концертната сала наречена „Крокус Сити Хол“ во Москва, главниот град на Русија, беше нападната од вооружени лица вечерта на 22 март,2024 год.Борците на ИД нападнаа голем собир на христијани во градот Красногорск на периферијата на руската престолнина Москва. Тие убија  145 луѓе, ранија над 550 луѓе и предизвикаа големо уништување на местото, пред безбедно да се повлечат во своите бази“, соопшти ИД.Нападот се случи пред почетокот на концертот на рускиот рок бенд „Пикник“ во салата „Крокус“. За концертот биле продадени 6.200 карти, но не е познато колку луѓе имало во салата кога почнало пукањето. Нападот го извеле најмалку четири вооружени лица облечени во маскирни униформи. Во салата се регистрирани и експлозии, поради што избувнал голем пожар и се урнал дел од покривот.[113]

Портпаролот на терористичката организација ИД, Абу Хутаифа Ал Ансари го пофали терористички напад врз трговскиот центар Крокус Сити Хол во Москва.Ал Ансари ги повика приврзаниците на ИД да ги нападнат „крстоносците“, особено во Соединетите Американски Држави, Европа и Израел, „Се молиме на Бога да стигнете до Палестина за да можете да се борите со Евреите лице в лице во бескрајна верска војна“, рече Ал Ансари во снимената аудио порака објавена на платформата Телеграм.[114]

Претходно, На 7 март 2024 , руската Федерална безбедносна служба кажа дека спречила напад врз синагога во Москва планиран од ќелија на ИД. Малку детали беа објавени за овој напад, освен дека напаѓачите биле „неутрализирани“ при обид за апсење.

17.05.2024 -Авганистан.Вооружен маж нападна група западни туристи (Шпанци, Литванци, Норвежани и Австралијци), заедно со нивните авганистански водичи, во градот

---

[111] “Cabo Ligado Weekly: 29 March-4 April.” Cabo Ligado Conflict Observatory, April 2021. https://www.caboligado.com/reports/cabo-ligado-weekly-29-march-4-april-…

[112] Associated Press. “40,000 Displaced in North Mozambique After Assault on Palma.” U.S. News and Word Report, April 20, 2021. https://www.usnews.com/news/world/articles/2021-04-20/40-000-displaced-…

[113]https://sdk.mk/index.php/svet/islamska-drzhava-ja-prezede-odgovornosta-za-teroristichkiot-napad-blizu-moskva-vo-koj-se-ubieni-najmalku-40-luge/

[114]https://fokus.mk/islamska-drzhava-go-pofali-teroristichkiot-napad-vo-moskva/

Бамјан, провинцијата Бамјан со митралески оган, при што уби шест лица (вклучувајќи 3 туристи) и рани 8 други (вклучувајќи 4 туристи) пред да избега од местото на настанот.

29.04.2024. Авганистан.  Вооружен маж со митралез нападна шиитска џамија во Гузара, провинцијата Херат, убивајќи шест лица пред да побегне од местото.

21.03.2024.Авганистан .Самоубиствен бомбашки напад во филијала на Њу Кабул банка во Кандахар се случи луѓето додека се обидувале да си ги соберат месечните плати. ИД соопшти дека мета биле талибанците, но талибанците рекоа дека цел на нападот биле цивили. Талибанците соопштија дека загинале три лица, а 12 се повредени, додека болницата Мирвејс соопшти дека 21 загинале, а над 50 се повредени.

20.03.2024 , Нигер.Единица на нигериската армија беше нападната од заседа во близина на Тегеј, регионот Тилабери. Исламската држава соопшти дека загинале 30 војници, додека нигериското Министерство за одбрана соопшти дека има 23 загинати. За време на заседата, наводно, биле убиени околу 30 напаѓачи.

03.03.2024 , Швајцарија,Цирих.50-годишен Евреин бил избоден со нож од 15-годишно момче во градот Цирих. Момчето во видео пред нападот му ветило на верност на лидерот на ИД.

25.02.2024, Сирија.13 лица загинаа од нагазна мина оставена од ИД додека ловеле тартуфи во губернијата Рака.

19 и  20.02.2024, Демократска Република Конго.Бунтовниците од ИДубија дваесетина луѓе со мачети и пиштоли во провинциите Итури и Северен Киву во одделни напади.

09.02.2024 ,Мозамбик .Во Муцоцо, милитантите на ИД нападнаа мозамбиски војници, убивајќи најмалку 25. Милитантите пукаа и во патнички автобус во Мелуко, убивајќи го возачот. Напаѓачите им оставиле белешки на патниците, кои најавувале објава на војна на христијаните и велат дека немуслиманите ќе мора да платат џизија доколку не преминат во ислам, а ќе бидат убиени ако одбијат.

07.02.2024,Пакистан .Двојни бомбашки напади се случија во две политички канцеларии во провинцијата Белучистан еден ден пред општите избори во Пакистан , каде загинаа 30 луѓе, преку 28 повредени.

28.01.2024 ,Турција,Истанбул .Двајца вооружени лица влегле во црквата Санта Марија во Истанбул за време на неделната миса и застрелале човек пред да заминат.

14.01.2024,Ирак.Милитанти во две возила отворија оган врз ирачките војници стационирани во близина на Хадита со снајпери и полуавтоматско оружје, при што загинаа тројца.

03.01.2024 , Иран. Два бомбашки напади се случија за време на церемонијата на комеморација на атентатот на Касем Сулејмани во Керман,Иран. Загинати се 103 лица,преку 280 се повредени .[115]

### 3.2.Ситуацијата во светот со борците -СТБ (ФТФ)на ИСИС

Во својот врв, како што погоре спомнавме , повеќе од 11 милиони луѓе живееле на територијата под контрола на ИД (Да-еш) во Ирак и Сириската Арапска Република, [116] а протокот на странски борци преку турско- сириската граница изнесувал дури 2.000 лица месечно.[117] До 2015 г., околу 40.000 лица од над 120 земји допатувале како борци во Ирак и Сириската Арапска Република.[118] Околу 80 проценти од нив мигрирале да се приклучат кон ИСИС (Да-еш) и да живеат во калифат,[119] создавајќи комбинирани сили со Сиријците и Ирачаните кои се проценуваат на околу 100.000 борци.[120]

ИНТЕРПОЛ има 43.000 имиња во својата база на податоци за ИД (Да-еш), вклучувајќи и информации собрани од боиштата во Ирак и Сирија[121].

---

[115]https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_terrorist_incidents_linked_to_the_Islamic_State

[116]„ИсламскатадржаваикризатавоИракиСиријанакарта"

[117] Даниел Л. Бајман: „Што се крие зад поразот на ИСИС?", Институција Брукингс, 27 септември 2016.

[118] Пол Крукшанк, „Поглед од ровот: Лиза Монако, поранешен помошник на претседателот Барак Обама за внатрешна безбедност и борба против тероризмот", ДТЦ Сентинел Вест Поинт, том 10, број 9 (октомври 2017 г.). Види и Мрежа за свест од радикализација „Одговор на повратниците: странските терористички борци и нивните семејства" (

[119] Шмид, „Проценки за странските (терористички) борци: концепциски и податочни прашања"

[120] Давид Гартенштајн-Рос, „Колку борци навистина има Исламската држава?" Војна на карпи, 9 февруари 2015.

[121] Брет Мекгурк, Писмо до коалиционите партнери на Д-ИСИС за напредокот во изминатата година,

Како дел од главната цел да изгради светски исламски калифат, ИД (Да-еш) го објави формирањето на низа провинции надвор од Ирак и Сириската Арапска Република. Контролирани од поврзани групи, овие провинции се наоѓаат на Блискиот Исток (во Либија, Јемен, Египет-Синај и Саудиска Арабија) и пошироко (во Северен Кавказ, Алжир, Нигерија и на авганистанско-пакистанската граница).[122] Се истакнува дека над 50 терористички групи во светот тврдат поврзаност со ИД (Да-еш).[123]

Заострувањето на контролата на границите - особено од страна на Турција - по усвојувањето на Резолуцијата 2178 (2014) од Советот за безбедност на Обединетите нации, во комбинација со влошената ситуација на терен во Ирак и Сириската Арапска Република, значеше дека од септември 2016 г., протокот на борци преку границата од Турција опадна на околу 50 месечно.[124]

До декември 2017 г., ИД (Да-еш) изгуби поголем дел од земјата што ја држеше во Ирак и се сведе на само 7 отсто од сириската територија под негова окупација (во споредба со декември 2016 г., кога ИД (Да-еш) контролираше речиси 55 проценти).[125] Групата беше истерана од главните урбани подрачја под нејзина контрола, вклучувајќи го и сирискиот град Рака - фактички, главен град на калифатот и од регионалниот главен град Мосул во Ирак. Загубата на окупираните нафтени полиња значеше и дека ИД ги изгуби главните извори на приход.[126]

Глобалната коалиција за борба против ИД проценува дека во областа на операции на коалицијата, имало помалку од 1.000 терористи на ИД на крајот од 2017 година,[127] со непознат, но значително намален број во источниот дел на Сирија и во западниот дел на Ирак.

---

Стејт Департмент на САД, Забелешки на специјалниот претседателски претставник на глобалната коалиција за борба против ИСИС, (Вашингтон, Стејт Департмент на САД, 29 декември 2017

[122] Кетрин Бауер, „По Сирија и Ирак - испитување на провинциите на Исламската држава“, Институт за блискоисточна политика во Вашингто (ноември 2016)

[123]Ibid.

[124]Бајман: „Што се крие зад поразот на ИСИС?“

[125] ОМРАН Центар за стратегиски студии, достапно на: https://omranstudies.org/. За ажурирана мапа на областите под контрола на ИСИЛ (Да’еш), види https://isis.liveuamap.com/

[126] Џек Мур, „Се приближува крајот на ИСИС додека калифатот губи пари и земја“, Њусвик, 29 јуни 2017

[127] Ахмед Абуленеин „Помалку од 1.000 борци на ИД остануваат во Ирак и Сирија, вели коалицијата“, Ројтерс, 27 декември 2017.

Владите на Ирак и на Сириската Арапска Република прогласија победа над ИД, дури иако терористичката група продолжи да спроведува напади против воени и цивилни цели.[128]

И покрај големите територијални загуби, ИД останува „најсмртоносната терористичка организација во светот“.[129] Таа ја придоби лојалноста на воспоставените и новите терористички групи во други земји, и насочува или поттикнува терористички напади ширум светот.

Општо земено, нападите на ИД може да се сместат во три категории. Прво, напади што ги вршат „главните“ СТБ -оперативци, кои се обучени од ИД, со седиште и пред сè активни во Ирак и Сириската Арапска Република.[130]

Второ, има напади во кои лицето или групата не отпатувало во зоната на конфликт, туку се насочува виртуелно од водич-фацилитатор на ИД со седиште во Ирак и во Сириската Арапска Република (често се СТБ од сопствената држава). Со помош на шифрирани пораки, фацилитаторите(помагачите) ги поттикнуваат и ги инструираат идните напаѓачи. Некои коментатори ги нарекуваат нападите извршени на овој начин „напади со далечинско управување“.[131]

Конечно, постојат „напади на осамени волци“, при што лицето или групата самостојно се поврзува со ИД, но нема директна врска со групата. Овие напади се наречени „џихад без водач“.[132] Триесет и пет вакви напади се извршени во 16 земји во 2016 година, при што загинаа 172 лица.[133] Меѓутоа, честопати е тешко нападите правилно да се

[128]Мохамед Рашид „Зошто известувањата за пропаста на ИСИС се многу претерани“, Омран Центар за стратегиски студии (18 декември 2017).
[129] СТАРТ „Преглед: Тероризмот во 2016 година“, Универзитет во Мериленд, Национален конзорциум за проучување на тероризмот и одговорите на тероризмот, август 2017.
[130]Ibid
[131]Си-Би-Си радио „Терор оддалеку: како ИСИС поттикнува и насочува напади од далечина“, подкаст, 24 март 2017
[132]Марк Сеџман, Џихад без водач - терористичките мрежи во дваесет и првиот век (Филаделфија, Универзитет на Пенсилванија Прес, 2008); види и Даниел, Л. Бајман „Фрустрирани странски борци“, Институција Брукингс, 13 јули 2017
[133] СТАРТ „Преглед: Тероризмот во 2016 година“ (види фуснота 84): види и Тим Листер и др., „ИСИС оди глобално: 143 напади во 29 земји каде загинаа 2.043 лица“., Си-Ен-Ен, 12 февруари 2018.

класифицираат. Иако често постојат сомневања за контакт со ИД, може да не се најдат материјални докази.

### 3.3. Иднината на ИД (Да-еш)

Иако ,после поразот на ИД, на прв поглед се чини дека калифатот е на работ на исчезнување, организацијата на ИД не е. Заканата којашто тој ја создаде е повеќедимензионална и постојано и бргу се развива. ИД може да се обиде да воспостави провинции во земјите во странство[134] со крајна цел создавање нова сателитска Држава.

Ограноците на ИД (Да-еш) во неговите провинции сѐ повеќе го шират влијанието. Во Јемен, се пријавува дека групата двојно се зголемила во 2017 година.[135] Во Синај и Авганистан, се вршат сѐ повеќе смртоносни напади во име на групата. Борци на ИД се прераспоредуваат и во Либија.[136] Во Ирак и во Сириската Арапска Република, ИД може лесно да се врати кон она што групата го претставуваше во раните денови, имено, „смртоносна бунтовничка сила која користи тактики што се движат од терористички напади до герилска војна.“ [137]

#### 3.3.1.Што се случува со борците после падот на ИД

После падот на ИД , истражувањата покажуваат дека од онаа вкупна бројка , околу 42.000 лица СТБ, околу 14.910 -СТБ уште во раните фази на конфликтот веќе ги напуштиле Ирак и Сириската Арапска Република[138]. Глобалната коалиција изјави дека од почетокот на дејствување на Коалицијата во 2014 година, повеќето борци на ИД се убиени или заробени.[139] Меѓутоа, извештаите сугерираат дека голем број од нив сепак успеале да избегнат смрт или заробеништво. Овие СТБ можеби заминале под превезот на цивилна

[134] Вилијам Аркин, Роберт Виндрем и Синтија Мекфаден, „Новата борба против тероризмот - картата на жаришта покажува ограноци на ИСИС кои се шират низ светот“, Ен-Би-Си Њус, 3 август 2016.
[135] Ендру Блејк, „Исламската држава во Јемен 'стана двојно поголема' од 2016 г.: Пентагон“, Вашингтон тајмс, 21 декември 2017
[136]Бел Тру „ИСИС се прегрупира во Либија по поразите во Ирак и Сирија“ Тајмс, 18 август 2017.
[137] Данкан Вокер, „Колку реална е заканата од враќање на борците на Исламската држава?“, Би-Би-Си Њус, 23 октомври 2017
[138] Ким Крејг „Жешка тема за странските борци“, Лофер, 26 ноември 2017; види и Барет, „ПоКалифатот“
[139] Ахмед Абуленеин „Помалку од 1.000 борци на ИС остануваат во Ирак и Сирија, великоалицијата“

евакуација од градовите како Рака и потоа ги искористиле воспоставените рути на криумчарење луѓе за да ја преминат границата кон Турција.[140]

СТБ кои по поразот на ИД останале во Ирак и Сириската Арапска Република можеби немаат друга опција освен да останат и да се борат. ФТФ беа премногу застапени во завршните борби за Мосул и Рака. На многумина од нив потоа им се судеше во ирачките судови или се во притвор на сириските демократски сили (СДФ). Според Коалицијата, некои се движат во областите под контрола на сириската влада.

Сите СТБ кои заминале за Ирак или Сирија , нема да сакаат да се вратат во своите матични држави. Некои се плашат од извршните дејствија на органите на прогонот. Други пак се можеби спречени поради одземање на државјанството или други санкции. Тие може да побараат засолниште во други земји, каде што ќе ги зајакнат капацитетите на локалните насилни групи. Сепак, некои СТБ може да изберат да останат во Турција. Некои извештаи укажуваат на тоа дека борците кои остануваат лојални на ИД се „притајуваат“ додека чекаат на нов развој на настаните во Сириската Арапска Република, со намера да се вратат во зоната на конфликтот, доколку вниманието на светот се пренасочи кон други места и ситуацијата се промени во нивна полза.[141]

За СТБ кои бараат нови боишта, има неколку потенцијални дестинации. Како што се вели погоре, ограноците на ИД во Авганистан, Либија, Синај и Јемен се многу активни и веќе вклучуваат СТБ во своите редови. Веќе се пријавува движење на избегани борци во овие провинции на ИД.[142]Други терористички групи поврзани со ИД, како на пр., на Филипините, исто така може да примат СТБ од сириската кампања.

Големиот проток на бегалци и баратели на азил од зоните на конфликт во изминатите години , па и ден денес , го зголемува ризикот дека СТБ ќе се обидат да го искористат системот на бегалците или рутите на мигрантите за да избегнат гонење[143] или за да се

[140] Хана Лусинда Смит „Напливот на борци на ИСИС со намера да ја погоди континентална Европа,предупредува Турција“, Тајмс, 5 декември 2017.
[141] Робин Рајт, „Илјадници џихадисти на ИСИС се вратија дома“, Њујоркер, 23 октомври 2017
[142] Џеф Селдин „Борците на ИД бегаат од деловите на Сирија под контрола на Асад“, Вести Гласот на Америка, 27 декември 2017.
[143]Комитет за борба против тероризмот на Советот за безбедност на Обединетите нации, „Странски терористички борци“, достапно на https://www.un.org/sc/ctc/focus-areas/foreign-terrorist-fighters/.

преселат на нови сцени на операција. Според податоците на Обединетите нации, над пет милиони Сирijци избегале во странство за да избегаат од борбите во Сириска Арапска Република; од тој број, над 970.000 се пријавиле за азил во Европа.[144] Двајцата ирачки бомбаши-самоубијци на фудбалскиот стадион Стад де Франс во Париз во 2015 година патувале со лажни сириjски пасоши користејќи ги мигрантските рути преку Грција.[145]

Ирачките и сириските борци истерани од своите земји потенцијално ќе се обидат да го направат истото. Вистинските бегалци, незадоволни од своите околности, може да бидат подложни на врбување.[146]

## Глава 4 . Историска перспектива на феноменот на СТБ за ЈИЕ и Западен Балкан

Приливот во изминатите години на странски борци во Ирак и во Сириската Арапска Република не е нов феномен во ЈИЕ и Западен Балкан . Во 1990-ите, фрагментацијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија по Студената војна се покажа како магнет за странските борци. Така, ЈИЕ беше еден од активните добавувачи на воини за ИД (Да-еш), а имаше и претходни бранови на побарувачка за воини од регионот. Се проценува дека до 5.000 странски борци, главно составени од ветерани на војната во Авганистан, учествувале во граѓанската војна во Босна и Херцеговина(1992-1995). Таму, тие формирале единица на босанската армија, позната како „Елмуџахедин“.[147] Некои од истите странски борци повторно се вратија да земат оружје во 1998 година во косовската војна.[148] Во двата конфликта, некои поединци и групи се обидоа да ги искористат етно-религиозните разлики за да пропагираат насилни екстремистички идеологии.

На почетокот на граѓанската војна во Сириска Арапска Република, доброволци од ЈИЕ се чувствуваа обврзани да се приклучат во конфликтот за да им помогнат на своите

---

144 „Исламската држава и кризата во Ирак и Сирија на карта“

145 „Нападите во Париз: Кои беа напаѓачите?“, Би-Би-Си, 27 април 2016. Види и „Нападите во Париз: ИД тврди дека двајца напаѓачи се ирачки државјани“, Би-Би-Си Њус, 20 јануари 2016

146 Постојат терористички случаи кои во моментов чекаат судење во Обединетото Кралство и во Германија за лица кои наводно биле радикализирани за каузата на ИСИЛ по нивното пристигнување во овие земји

147 Малет, Странски борци: транснационалниот идентитет во граѓанските конфликти

148 Аида Ќоровиќ, „Радикализација во Србија: Младината на Санџак меѓу чеканот и наковалната“, во Владо Азиновиќ изд., „Меѓу спасението и теророт: Радикализацијата и феноменот на странски борци во Западен Балкан“, Иницијатива Атлантик (2017).

„муслимански браќа“ во неволја. Повеќето борци од ЈИЕ на почетокот биле поврзани со различни бунтовнички групи во Сириската Арапска Република, пред да се приклучат на групи поврзани со ИСИС(Да-еш) и Ал-Каеда, како на пр., Фронтот ал Нусра.

### 4.1.Проценети бројки на контингенти со СТБ од ЈИЕ и Западен Балкан

Движењето на терористите низ ЈИЕ и Западен Балкан во зоните на конфликт претставува уникатен предизвик за регионот. Географската близина на ЈИЕ до Турција го олеснува патувањето меѓу двете подрачја.

Од Турција, поединците кои сакаат да се приклучат на ИД може да ја преминат границата со Сирија со помош на оперативци. Тековите меѓу ЈИЕ и Сириската Арапска Република го достигнаа врвот во 2013 и почетокот на 2014 година, кога 70% од контингентот на ЈИЕ редовно патуваше напред-назад.[149]

Темпото на патување потоа забави во 2015 г., и речиси целосно запре до средината на 2016 г.Овој пад може да се должи на неколку фактори. Поконкретно, воениот пораз на ИД,меѓународните и регионалните напори да се спречи движењето на СТБ во зоните на конфликт,како и постепеното исцрпување на базенот од поединци подготвени да се борат во Ирак и во Сириската Арапска Република. Покрај тоа, за СТБ стана потешко да патуваат на територијата што ја држеше ИД, бидејќи воената коалиција, искористувајќи ги загубите на ИД, започна да остварува поголема контрола во областите претходно контролирани од групата.Во следната табела, наведен е бројот на лица (возрасни мажи и жени, како и деца) од шест јурисдикции на ЈИЕ кои се пријавени дека патувале во Ирак и Сириската Арапска Република од 2012 до 2017 г.[150]

Табела бр. 1 Број на лица кои патувале за Сирија од државите на Западен Балкан

[149] Азиновиќ „Регионален извештај: Разбирање на насилниот екстремизам во Западен Балкан
[150]Ibid.

| Јурисдикции | Вкупно возрасни | Мажи | Жени | Деца |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | 109 | 96 | 13 | 31 |
| Босна и Херцеговина | 240 | 177 | 63 | 57 |
| Косово (според Резолуцијата 1244 на СБ на ОН) | 303 | 255 | 48 | 95 |
| Црна Гора | 23 | 18 | 5 | 4 |
| Република Северна Македонија | 154 | 140 | 14 | Нема податоци |
| Република Србија | 49 | 37 | 12 | 10 |
| **Вкупно** | **878** | **723** | **155** | **197** |

Извор: Владо Азиновиќ „Регионален извештај: Разбирање на насилниот екстремизам во Западен Балкан“, Британски совет, јуни 2018.

Надвор од чистите бројки, важно е да се анализира бројот на заминувања како процент одвкупното население на соодветната јурисдикција. На пример, во споредба со Белгија, се чини дека и Босна и Херцеговина, и Косово (според Резолуцијата 1244 на СБ на ОН), имаат повисока стапка на ангажираност на граѓаните во борбите во Ирак и Сириската Арапска Република.

Всушност, населението на Белгија изнесува околу 11.370.000 и има околу 498 белгиски странски борци, или 44 СТБ на еден милион жители. Популациите на Босна и Херцеговина и Косово(според Резолуцијата на СБ на ОН 1244) се околу 3.530.000 и 1.780.000 соодветно, а тие придонесоа со околу 240 и 303 граѓани (мажи и жени) во контингентот на странски борци во Ирак и Сириската Арапска Република. Ова ја чини стапката на странски борци од Босна и Херцеговина да биде околу 68 на еден милион жители, а од Косово (според Резолуцијата на СБ на ОН 1244) 170 на еден милион жители. Контекстуализирано на милион граѓани, бројката на македонски странски борци е 77 на милион македонски граѓани и се работи за македонски муслимани, односно во најголем процент се по националност албанци .

Ова е многу повисока бројка од белгиската, која се цитира како највисока во Европската унија.[151]

---

[151]Ibid

Од вкупниот број од 154 македонски странски борци, има 80 повратници што повторно е помалку од Косово (130), но пред БиХ (50) и Албанија (40).

Истражувањето спроведено од Владо Азиновиќ , во 2018 година, во пресрет на распаѓањето на територијата под контрола на ИД во Сирија и Ирак, покажува јасен пад на бројот на македонските странски борци од 2017 година наваму. Сепак,крајот на ИД , како што го знае светот, според Азиновиќ, „не значи крај на радикализацијата и регрутирање во екстремизам и насилство во регионот", воопшто, а особено во Република Северна Македонија.

Според извештајот за напредокот на Европската Унија за Република Северна Македонија, од 2021 година ,во тој момент 11 странски терористички борци биле во затвор (од конфликтните зони во Сирија и Ирак),а 6 се ослободени од затвор во 2020 година (во 2021 ниту еден не е ослободен).

Во извештајот од 2022 година , има 9 странски терористички борци во затвор, а две лица се ослободени во првата половина на 2022 година.

Други извори и истражувања за земјата [152] говорат дека од 2012 година, 143 граѓани од Република Северна Македонија заминале во конфликтните зони во Сирија и Ирак. Од нив, 69 се вратиле, додека 38 го изгубиле животот.

Истата бројка се потврдува и со извештајот за напредокот на Европската Унија за Република Северна Македонија од 2022 година [153], каде се вели дека има 5 активни борци во конфликтните зони. Во 2021 и 2022 година не се евидентирани заминувања во конфликтна зона.(*Тешко е да се утврди која е точна бројка на СТБ , но станува збор за мала разлика во бројките со претходниот извор -154 према 143*)

Според истражувањето на Нексус спроведено во март 2022,од воведувањето на измените во Кривичниот законик во 2014 година, 16 странски терористички борци повратници[154] и овозможувачи на нивното заминување отслужија казни затвор.

[152]НВО –Здружение на граѓани –Нексус- Исклучување,реинтеграција и репатријација на СТБ во Македонија, март 2022)
[153]https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117
[154]во понатамошниот дел од текстот СТБП

## 4.2.Причини за радикализација и високите бројки на СТБ од ЈИЕ и Западен Балкан

Како една од главните причини е  процесот на продирање на милитантниот исламизам во земјите на ЈИЕ , во годините наназад . Реисламизацијата на муслиманската популација во ЈИЕ во годините наназад  директно е поврзан со појавата и еволуцијата на исламизмот во арапските и во блискоисточните земји. Реисламизацијата претставува интелектуален тренд што во педесеттите години од XX век го зафати Блискиот Исток, како противтежа на деисламизацијата што западните демократии ја наметнаа во функција на сопствените економските и геополитички интереси. Според Абделвахаб Медеб, „реисламизацијата претставува термин што го опишува настојувањето на исламистите за прочистување на општеството преку неговите социјални, едукативни, политички и религиозни институции, од идеи или луѓе кои не му припаѓаат на исламизмот“[155].

Слично на Медеб, Оливие Рој реисламизацијата ја дефинира како „процес на декултурализација – криза на древните култури како резултат на влијанието на западните демократии – што ја потенцира пренагласената улогата на исламот во обликувањето на современите општества“. [156]Анализирајќи ги дефинициите на Мадеб и на Рој може да се изведат два заклучока. Како прво, Муслиманите de facto ја искористиле религијата во функција на политиката, односно како сила за спротивставување на демократијата, секуларизмот и модернизацијата како дијаметрално спротивни атрибути на исламистичката идеологија. Од друга страна пак, фундаментализмот и политичката доктрина својствена за исламизмот, се целосно спротивни на демократските и културните вредности и достигнувања на современите демократии. Создавањето паралелни општества во развиените метрополи и одредени географски реони во Европа, отпорот против социјализацијата и интеграцијата во општеството, како и залагањето за создавање исламска држава (што ќе функционира согласно шеријатот) на територијата на која живеат, со употреба на сите можни средства, се само дел од идеолошките цели на исламизмот што се косат со перцепциите на современите држави на европскиот континент.За разлика од блискоисточните и од арапските земји, процесот на реисламизација на муслиманската

[155]Abdelwahab Meddeb, The Malady Of Islam, New York, Basis Books, 2003, 32.
[156]Olivier Roy, Globalized Islam: The Search for a new Ummah, Columbia University Press, New York, 2004, 35.

популација во земјите од ЈИЕ започнал во втората половина на XX век. И покрај фактот дека организацијата „Млади муслимани“ е формирана во 1939 година, како официјален, но не и интензивен почетокот на реисламизацијата – како процес дефиниран од страна на Медеб и Рој – може да се разгледува периодот на објавувањето на Муслиманската декларација на Изетбеговиќ во 1970 година.

Сепак, процесот на реисламизација во ЈИЕ доаѓа до полн израз за време на граѓанската војна во поранешна Југославија, кога голем број исламисти, хуманитарни и религиозни организации од арапските и блискоисточните земји – најмногу Саудиска Арабија, Иран и Турција – воспоставија широко распространета мрежа за промовирање и ширење на исламот. Финансирајќи ја градбата на новите и реконструкцијата на старите џамии во БиХ, Црна Гора, Албанија, Косово и Македонија, исламистите од блискоисточните и арапските земји, интензивно им помагаа на нивните браќа од ЈИЕ да ги откријат одамна заборавените корени. Благодарение на моќните финансиски фондови, хуманитарните и религиозните организации успеаја да изградат голем број објекти во кои „новите муслимани“ ги извршуваа верските обреди, притоа користејќи преведени примероци на Куранот и пропагандна исламистичка литература.

Покрај симболичната финансиска помош, широкиот репертоар на активности на овие организации се состоеше од разни религиски курсеви и стипендии за школување во најпознатите религиозни институции во блискоисточните земји. Стекнатото знаење и фанатичната посветеност кон исламот од страна на ново школуваните и млади верски лидери, беше широко прифатено од муслиманската популација во ЈИЕ. Помогнати од широко распространетата мрежа на НВО и религиозни организации на Светското собрание на муслиманската младина, новите верски лидери биле обезбедени со неопходната литература и други материјални и финансиски средства потребни за промовирање на традиционалниот ислам и охрабрување на муслиманските верници да ѝ посветат значително внимание на религија.[157]

[157] Светското собрание на муслиманската младина е формирано во 1972 година во Саудиска Арабија,чија примарна цел била, на младите муслимани да им се овозможи пристап до традиционалната интерпретација на исламот, поддржана од страна на саудиските религиозни структури.

Како највлијателни НВО кои имале значаен удел во реисламизацијата на муслиманската популација во ЈИЕ може да се издвојат следните: Активна исламска младина (Aktivna Islamska Omladina), Ал Фурган (Al Furqan) Организација за помош на земјите од третиот свет (Third World Relief Agency TWRA), Меѓународна исламска хуманитарна организација (Islamic International Relief Organization IGASA), Ал Мувафак (Al-Muwafak), Ал Харамеин (Al Haramain), Таиба Интернационал (Taibah International), Мерхамет (Merhamet), Ел Хилал (El-Hilal), Ал Иршад (Al-Irshad), Движењето Ѓулен и сл. Нивната основна цел била активно дејствување и меѓусебна соработка во процесот на исламското будење, и на тој начин индоктринирање, на што е можно поголем број на млади луѓе подготвени да дадат свој допринос за исламската вера.[158] Програмите на наведените НВО се состоеле од разни активности како: помош на социјално загрозените муслимани, решавање на образовните, културните, економските и здравствените проблеми, помош на раселените лица и помош за нивно враќање во родните места, згрижување деца без родители и сл. Како други проекти од витално значење за процесот на реисламизација во ЈИЕ, НВО инвестирале во изградба на џамии и други верски објекти, исламски верски училишта, исламски публикации, медиуми, изградба на инфраструктура и сл.

Врз основа на досегашната анализа, за регионот на ЈИЕ , и Западен Балкан ,може да се констатира дека постојат два основни метода на реисламизација на муслиманската популација: првата преку дејствувањето на исламските хуманитарни, религиски и финансиски организации, и втората преку ширењето на исламот од страна на муслиманите од ЈИЕ, кои по завршеното школување во блискоисточните земји, се вратиле во родните земји. Денес ефектите од методите на реисламизација се видливи во најголемиот дел на земјите од поранешниот социјалистички блок. Имено, сè поголемиот број на џамии, масовната употребата на фереџето и исламизацијата на секојдневниот живот, се факти кои потврдуваат дека исламот во ЈИЕ се наоѓаво процес на трансформација. Меѓутоа, процесот на реисламизација крие еден многу важен и непобитен факт, кој резултираше со диверсификација и индивидуализација на исламот како религија. Во случајот не станува збор за менување на религијата, туку за промената на начинот на кој верниците ја доживуваат и ја манифестираат верата. Според Оливие Рој, овој вид религиозност е

[158] Domagoj Margetić, Islamistički Terorizam na Jugu Evrope, DM, Zagreb, 2006: 12.

компатибилен со демократизацијата, бидејќи таа ја одвојува личната вера од колективниот идентитет, традициите и надворешните авторитети[159]. Токму тоа претставува главната причина поради која дел од лидерите во исламските верски заедници во одредени земјите од ЈИЕ го изгубија легитимитетот за сметка на самопрогласените и самоуките млади верски лидери кои се обидуваа да го изградат и да го промовираат новиот бренд на исламот.

Како резултат на геостратегиската положба и судирот на геополитичките, а пред сè културните интереси на Истокот и Западот, регионот на ЈИЕ во својата историја поминал низ повеќе турбулентни периоди кои често кулминирале во конфликти со регионални размери. На истиот начин може да се набљудува и актуелниот процес на реисламизација, кој всушност претставува производ од два различни, но современи процеси, кои дополнително го зголемуваат ризикот од избувнување на скриениот конфликт помеѓу христијаните и муслиманите во ЈИЕ. Промовирањето на исламот како извор на нов идентитет на муслиманската популација, го претставува првиот современ процес што реисламизација може да ја претвори во причина за нови турбуленции во ЈИЕ во XXI век. Доколку религијата обезбедува основа за идентитетот на муслиманите, во тој случај ЈИЕ, повторно би претставувала арена за судир на различните култури кои живеат на нејзината територија, култури кои имаат сè поголема поддршка како од Западот така и од Истокот. Во тој контекст, младата муслиманска популација, наместо корените и културата што нивните предци ја граделе во земјите од ЈИЕ, сè повеќе се идентификуваат со исламот, а себеси се нарекуваат исламисти.За разлика од првиот, вториот процес е тесно поврзан со глобализацијата и е познат под терминот детериторизација на исламот. Неговата основа се состои во тоа што транснационалниот карактер на новиот исламски идентитет ја одвојува религијата од националноста. Во овој случај исламот, а не етничката припадност претставуваат обединувачка сила за јакнење на чувството за припадност и политичка мобилизација. Како последица од меѓусебната интеракција на овие два процеса, прагматичните лидери на муслиманските заедници се соочуваат со предизвикот како да ја зачуваат секуларната форма на исламот – својствена за ЈИЕ – во новите современи услови

[159]За повеќе информации види Olivier Roy, „The paradoxes of the re-islamization of Muslim societies“, *The Immanent Frame*, September 8th 2011. 29.01.2015.< http://blogs.ssrc.org/tif/2011/09/08/the-paradoxes-of-the-re-islamization-of-muslim-societies/>

наметнати од неговите транснационални релации. Појавата на сè поголем број радикални и фундаменталистички структури во редовите на муслиманските заедници во земјите од ЈИЕ, се показател за нивниот неуспех. И покрај фактот дека станува збор за структури – маргинализирани од социолошки аспект – нивното присуство, идеологија, влијание и посветеност на реисламизацијата на муслиманите во ЈИЕ, во ниеден случај не смее да се потцени.[160]

Друг збир на фактори, исто така познати како фактори на притисок се структурните прашања меѓу кои сиромаштијата и ниското образование (завршено основно или средно образование). Покрај тоа, траумата за време на детството и адолесценцијата може потенцијално да влијае на психо-социјалниот развој на поединците и да ги направи повеќе склони кон радикализација. Покрај тоа, радикалното размислување може да е предизвикано и од индивидуални трагедии поврзани со неправда и дискриминација (како што се насилни демонстрации, лична криза и сл.).

### 4.3.Радикализацијата во Северна Македонија

Се покажа дека порастот на религиозниот радикализам во нашата земја и во останатиот дел од Европа и влијанието во верскиот живот/различното толкување на исламот во насока на имплементирање на шеријатот се резултат на:

-долгогодишната активност и недоволно контролираното присуство и влијание на арапските земји, невладините организации[161], радикални субјекти/имами (духовни лидери/школувани во арапските земји), кои на овие простори непречено промовираат радикални идеи речиси повеќе од една деценија, најчесто на верска основа, надополнето со лошата социоекономска положба. Наведените субјекти користејќи го основното право на луѓето за религиска слобода (чија вистинска природа тешко се открива и се докажува) и понатаму непречено работат, а притоа безбедносните служби се ограничени во своите активности. Иако во регионот се спроведоа повеќе успешни акции (се идентификуваа/изолираа и се уапсија одредени имами) и понатаму останува прашањето за континуитетот на тврдокорната верска доктрина во овие области и начини кои може да се

[160] Чамински Б. , 2015,Милитантниот исламизам како закана по регионалната безбедност на Југоисточна Европа,– специјалистички труд , стр.46-49
[161]во понатамошниот дел од текстот НВО

искористат за воспоставување упоришта на поддршка помеѓу помалите заедници во засегнатите земји.

Клучна улога во процесот на радикализација имаат и НВО или Исламски верски организации кои досега најчесто се споменуваа во негативен контекст. Ваквите субјекти значително  придонесуваат за ширење, канализирање и финансирање на радикализмот. Иако работата на овие субјекти е под мониторинг, сè уште нема соодветни механизми за ограничување на нивното дејствување. Важна улога во ширење на радикализацијата имаат и радикално контролирани џамии (надвор од контрола на официјалните Исламски верски заедници[162]) и објекти каде се „продуцираат" милитантни исламисти, кои служат како места за собирање и социјализирање на припадниците на муслиманската заедница. Фактор за радикализирање се и локалната заедница, семејството и пријателите. Тие го хранат процесот на радикализација, но, од друга страна, може да помогнат и да се сопре истиот (превентивно постапување и дејствување на државата со различни мерки и активности).

Технологијата и нејзините достигнувања, исто така, овозможуваат за промена и напредокот на тероризмот низ годините, во таа насока и интернетот како исклучително значајна алатка за глобалниот тероризам. Терористите и симпатизерите по пат на интернет ефикасно комуницираат на разни форуми или чат-соби. Еден од начините за комуникација е и преку мрежата „Дарк Нет" . „Дарк нет" или црниот интернет преку кој комуницираат и се разменуват материјали за радикализација, се мрежи кои се шифрирани и не може секој да пристапи со класичните претражувачи. Најчесто овие мрежи се користат за радикализација и трговија со дрога, професионални убиства и сл. При тоа, регрутацијата и мотивирањето се доста застапени, а изминатите години пораките на екстремистите и терористите беа широко распространувани на интернет и ова прашање беше предмет на широки опсервации и дебати. Поради опасноста која се манифестира од овие феномени се наметнува потребата од поголем ангажман на безбедносните служби, развивање соодветни програми во кои би се вклучиле сите релевантни институции во општеството, во кои приоритет би имале проактивните методи за заштита (контролирање на ситуацијата, наместо да се реагира на неа откако ќе се случи). Спречување на почетните фази на

[162]во понатамошниот дел од текстот ИВЗ

радикализација кај најмладата популација, која сѐ повеќе станува „таргет“ на екстремистите и пропагандно средство.

Меѓународниот тероризам, радикалниот радикализам и насилниот екстремизам манифестираат ризик за безбедноста од повеќе аспекти и тоа:[163]

› генералните закани за регионот и понатаму ќе произлегуваат од религиозни екстремни проџихадистички структури (поединци или прикриени групи)кои дејствуваат во функција на логистичка или материјална поддршка на глобалното џихадистичко движење и мрежата повратници од конфликтните региони;

› создавање сѐ посилни мрежи и нови инфраструктури, регрутирајќи сѐ побројно членство, кое наводно ќе се стреми кон „вистинскиот ислам“;

› во Европа сѐ погласни ќе бидат барања на радикалните исламисти за „право на верска припадност и слобода“, „човекови права и слободи“, ангажирајќи бројни граѓански здруженија во одработување на ваквите агенди. Се очекува да ги активираат сите општествени форми на дејствување во насока на подготовка за полесно прифаќање на нивното постоење како нова реалност во западните земји;

› радикалните исламисти и натаму ќе вршат различни притисоци врз своите со граѓани, умерените муслимани, како и врз немуслиманите, со цел„доброволно“ да ги конвертираат за да ја зголемат својата бројност. Посебно ќе се концентрираат кон бројната мигрантска млада популација која е „лесна цел“ за дополнително радикализирање, а која покрај со економски се соочува и со културолошки проблеми. Нивна целна група ќе бидат и младите од Западот, нудејќи им чувство на припадност и заедништво;

› верските лидери и учители/проповедници и понатаму ќе бидат промотори на радикалните идеологии, а за да ја одбегнат безбедносната контрола ќе се стремат да го насочуваат своето дејствување притаено со таргетирање одбрани личности подложни за манипулација. Ваквите лица е можно дабидат користени како логистичари, олеснувачи или извршители на идни терористички активности;

[163]Ѓуровски М., Николовски М.,Герасимовски С. - Безбедносни ризици и закани –третман,феноменологија и мапирање -2020, стр.32

› ризик опстојува и од запоседнување области (креирање екс- територии) во кои ќе се почитуваат и ќе се применуваат строги шеријатски правила во т.н. „слободни зони“ за дејствување каде ќе се практицира радикалниот салафистички начин на живот, а во кои ќе биде оневозможена и отежната контрола од државните институции и локалните служби за безбедност (на пр.Босна и Херцеговина);

› опасност од интеракција на поедини политички структури и припадници на државни и безбедносни служби во државите од регионот со радикални исламисти. Таквата стратегија е во насока на создавање услови за подолгорочно етаблирање на радикални структури во државните институции и остварување влијание врз политиките (воведување шеријатско уредување) на државите. На долгорочен план би можело да се очекува исламските радикалисти да ја „приспособат“ верската екстремност и да ја насочат својата активност кон институционално инволвирање и етаблирање во западните демократски системи, преку користење политички форми на дејствување. Иако ваквата опција навидум е неспоива со радикалното толкување на исламот кој ја негира демократијата и како единствена форма на уредување го признава калифатот, сепак, во исламските земји постојат примери за ваков политички ангажман.

На Балканот и понатаму исламскиот радикализам ќе остане феномен кој сè повеќе расте и меѓусебно се конектира. Истовремено ќе пронаоѓа модуси за сопствено окрупнување и наметнување врз муслиманската популација, најпрво преку „тивко“ преземање на официјалните тела на ИВЗ сè до оној момент додека не стане „модел за вистинскиот ислам“ кој останатите муслимани треба да го следат, и сето тоа на штета на умерениот ислам. Следствено на ова, реално е да се очекува исламот на Балканот повеќе да не биде ист, нема да биде традиционален. Она што, исто така, не треба да се исклучи е и влијанието на „големите сили“, нивните интереси и обиди за доминација врз Балканот или одредени земји, со што повторно се „подгрева“ верскиот радикализам кој се користи или во дадени околности би се користел за остварување нивни агенди. [164]

[164]Ibid ,стр.34

## 4.4.Верски заедници[165]

Според законот во Република Северна Македонија официјално регистрирани се 3 верски заедници: православна, исламска и католичка, но две се поголеми верски заедници , и тоа православна христијанска и муслиманска,предводени соодветно од Македонската православна црква и ИВЗ . Другите се помали: Римокатоличката црква, како и Еврејската заедница и Евангелско-методистичката црква. Според македонскиот правен систем, верските заедници се одвоени од државата и се рамноправни пред законот.

Македонската православна црква, нејзиното барање за автокефалност и негирањето на Српската православна црква на тоа , го претставува она што е веројатно единствениот најважен предизвик за Македонската православна црква. Во 1967 година собранието на Црквата прогласи автокефалност. Иако има изјави, ова прашање е исклучиво проблематично меѓу двете цркви и тоа редовно се политизира и допира националистички чувства кај двете страни. Така меѓу етничките односи се тесно поврзани со меѓу религиските односи и подемот на национализмот.

Во Република Северна Македонија, 83,5% од Македонците се сметаат себеси за членови на црква и од овие 81,9% силно веруваат во Бог .

Муслиманите сочинуваат околу една третина од населението. Република Северна Македонија има петти најголем процент на муслимани во Европа. Најголем дел од муслиманите во земјава се Турци, Роми или Албанци, иако има мал број на Македонци муслимани. [166]

Во Северна Македонија се регистрирани триесет и три различни религиозни учења. Пет цркви и верски заедници се наведени во Уставот како религии кои имаат голема традиција и историска врска со Република Северна Македонија .

Исламската заедница на Македонија[167] е официјална Исламска верска заедница во Република Северна Македонија. Тие се против употреба на насилство во име на која било

---

[165]Kambovski V.  Georgieva L ,Trajanovski N,-COUNTRY REPORTS ON NATIONAL APPROACHES TO EXTREMISM-Framing Violent Extremism in the MENA region and the Balkans,NORTH MACEDONIA-декември,2020 ( стр. 12,13,14 )
[166] Ibid,  стр.14
[167]во понатамошниот дел од текстот ИЗМ

религија. ИВЗ е активна во борбата против насилните групи и има развиено нацрт-проект за спречување на радикализација и тероризам во соработка со добротворната организација Хилал. Стратегијата на проектот е да ги зајакне умерените ставови преку подигање на јавната свест и допирање до Муслиманската заедница во Македонија, а во исто време работи на ресоцијализација на поранешните странци борци. Проектот има за цел да се спротивстави на наративот „изврtена верзија на исламот“ што го проповедаат радикалите.

ИВЗ верува дека зајакнувањето на верскиот глас што го пренесува она што го верува е вистинската порака на исламот до Муслиманите во Македонија треба да бидат првата и најитна интервенција во муслиманските заедници. Предлогот вклучува и елементи на поддршка за семејствата кои имаат членови поврзани со странски армии. Овие семејства се соочуваат со голем психолошки товар и социјална исклученост од заедницата. Последниот столб на Проектот е да се олесни реинтеграцијата на странските борци назад во Македонија. Овој проект, сепак, никогаш не доби какво било финансирање и моментално е во мирување. Претставниците на ИВЗ изразија загриженост дека државните власти не соработуваат со нив согласно Стратегијата за насилен екстремизам (СНЕ) и дека имале само една средба (со поранешниот претседател Иванов). [168]

Според нив, високатастапка на невработеност и севкупната лоша економска состојба на младите во Република Северна Македонија е една од причините кои даваат значителен придонес кога станува збор за радикализација. Во ситуација кога младите не гледаат надеж за подобро утре, тие стануваат полесна мета за манипулација. ИВЗ изјавува дека се инкорпорирани контра-наративи во петочните проповеди со муслимански верници, а исто така се спроведуваат обуки за борба против насилниот екстремизам со локалните имами. Локалните претставници продолжија да ги истражуваат двигателите на тероризмот. Членки се општините Арачиново, Чаир (Скопје), Гостивар, Кичево, Куманово, Охрид, Струга и Тетово на мрежата на силни градови.

---

[168]Kambovski V. Georgieva L ,Trajanovski N,-COUNTRY REPORTS ON NATIONAL APPROACHES TO EXTREMISM-Framing Violent Extremism in the MENA region and the Balkans,NORTH MACEDONIA-декември,2020 ( стр. 12,13,14 )

Гореспоменатото Македонско христијанско братство, дури иако не е регистрирана како верска заедница, користи религиозни и екстремно десничарски наративи за мобилизирање потенцијални филијали.[169]

### 4.5. СТБ (ФТФ ) повратници во Југоисточна Европа и Западен Балкан

Според извештаите на Европол , Фронтекс и др, за заканата од тероризмот во Европската унија, една од главните закани за јурисдикциите на Југоисточна Европа (ЈИЕ) се СТБ кои се враќаат во својата земја на потекло. Се проценува дека повеќе од 1.000 лица од ЈИЕ отпатувале во Ирак и Сириската Арапска Република меѓу крајот на 2012 година и 2017 година (жените и децата сочинувале речиси 35% од оваа група), а близу 500 веќе се вратени[170]

Табела бр. 2 .Број на вратени граѓани од Западен Балкан од конфликтните зони во Сирија и Ирак[171]

| Земја | Мажи | Жени | Деца | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | 30 | 7 | 8 | 45 |
| Босна и Херцеговина | 56 | 11 | 27 | 94 |
| Црна Гора | 8 | 1 | 1 | 10 |
| Косово | 124 | 38 | 80 | 242 |
| С.Македонија | 73 | 1 | 2 | 76 |
| Србија | 9 | 1 | 2 | 12 |
| Вкупно | 300 | 59 | 120 | 479 |

[169] Ibid

[170] Владо Азиновиќ „Регионален извештај: Разбирање на насилниот екстремизам во Западен Балкан“, Форум за истражување на екстремизмот, Британски совет, јуни 2018.

[171] Ibid.

Косово (според Резолуцијата на СБ на ОН 1244), Босна и Херцеговина, Албанија и Република Северна Македонија обезбедиле најмногу од контингентите на СТБ и сега се особено изложени на закани од страна на повратниците. Иако регионот не претрпел никаков напад спроведен од вратените борци, повратниците покренуваат сериозна загриженост за безбедноста не само на ЈИЕ, туку и за остатокот од Европа. Некои СТБ од ЈИЕ имаат двојно државјанство и/или имаат врски со дијаспората низ целиот континент.

Освен тоа, според Проценката на заканите од организиран криминал (ОКТА) за ЈИЕ во 2018 г.спроведена од Центарот на Југоисточна Европа за спроведување на законот (СЕЛЕК),тероризмот „останува сериозна закана" во регионот и се чини дека главно е поврзан не само со враќањето на СТБ, туку и со поединци кои самостојно се радикализираат и може да извршат напади како волци-самотници. [172] Два такви смртоносни напади се извршени во Босна и Херцеговина во 2015 година. Покрај тоа, во ноември 2016 г., безбедносните сили во Албанија и Косово (според Резолуцијата на СБ на ОН 1244) спречија обид за напад насочен кон израелскиот национален фудбалски тим за време на натпревар на Светското првенство во Скадар, втор поголемина град во северниот дел на Албанија.

Според истражувањето на Нексус, спроведено во март 2022, во затворот во Идризово има 15 осудени СТБ кои ја издржуваат казната во затворскиот систем.

Најголемиот дел од литературата го посочува главниот град Скопје и неговите околни општини како центар на активностите за мобилизирање и регрутирање. Истражувачка студија од 2017 година на Атлантската иницијатива говори за тоа дека македонските странски борци во рамките на ИД, доаѓаат не само од Скопје ( Гази Баба, Сарај и Арачиново), но и од градовите Куманово и Гостивар како регионални центри на овие активности.[173]

### 4.6.Примери за случаи на СТБ од РСМ и начини на делување

Во Република Северна Македонија во 2020 година е уапсена група од 11 лица кои планирале терористички напади низ државата со употреба на оружје , бомби , возило

---

[172]Центар на Југоисточна Европа за спроведување на законот, Проценка на организираниот криминал за Југоисточна Европа во 2018 година (СЕЛЕК ОКТА 2018)

[173]НВО –Здружение на граѓани –Нексус- Исклучување,реинтеграција и репатријација на СТБ во Македонија, март 2022)

бомба  и самоубиствени елеци кои требало да бидат употребени од бомбаш –самоубиец. Групата е осудена на казни затвор од 10-15 години.[174]

Дел од групата , три лица , веќе биле во Сирија како дел од ИД, а по враќањето одлежале и 3 годишни затворски казни. Откако излегле од македонските затвори , во 2019 - летото ,почнале да планираат напади и терористички закани.[175] Пресуда бр.III КОК бр.102/21.

- Во август 2018 година, Владата успешно презеде седум државјани на Република Северна Македонија кои беа држени во притвор од страна на Сириските демократски сили. Сите тие беа обвинети во согласност со Кривичен законик на Република Северна Македонија. [176] Изречена им е Пресуда бр.III КОК.бр. 121/19 и казна затвор од по 5 години од Основен Кривичен Суд Скопје..

[174]https://jorm.gov.mk/privedeni-osum-licza-za-storeno-krivichno-delo-teroristichka-organizaczija/ http://sud.mk/wps/portal/osskopje1/sud/odluki/!ut/p/z1/jY7NCoJAFIWfxSe41xqdcTmWWjkmZYM6m5ASmfCPsJ4_k6BV0tkd-M7HAQUZqLZ46qoYdNcW9dhzZZ8dXNumu0IRh5Qhj6QnZLDdWfslpBOAP8IR1D_7GUDN61NQE2IHhCALUbDk6CL3kLKTwzHw8QPMOPLxA_0a4o1PkUvPtDg7LIggkLwduulrfdFD1F3LGvLh_iihb2SGN6uvuGG8ACtLd1w!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

[175]https://jorm.gov.mk/trojcza-kumanovczi-osomnicheni-za-teroristichka-organizaczija-i-terorizam/ http://sud.mk/wps/portal/osskopje1/sud/odluki/!ut/p/z1/jY7NCoJAFIWfxSe41xqdcTmWWjkmZYM6m5ASmfCPsJ4_k6BV0tkd-M7HAQUZqLZ46qoYdNcW9dhzZZ8dXNumu0IRh5Qhj6QnZLDdWfslpBOAP8IR1D_7GUDN61NQE2IHhCALUbDk6CL3kLKTwzHw8QPMOPLxA_0a4o1PkUvPtDg7LIggkLwduulrfdFD1F3LGvLh_iihb2SGN6uvuGG8ACtLd1w!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

https://telma.com.mk/2020/09/01/%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%83%D0%B1%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B1%D0%BE%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%98%D0%B0%D1%81%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B4%D0%B5/

[176]http://sud.mk/wps/portal/osskopje1/sud/odluki/!ut/p/z1/jY7NCoJAFIWfxSe41xqdcTmWWjkmZYM6m5ASmfCPsJ4_k6BV0tkd-M7HAQUZqLZ46qoYdNcW9dhzZZ8dXNumu0IRh5Qhj6QnZLDdWfslpBOAP8IR1D_7GUDN61NQE2IHhCALUbDk6CL3kLKTwzHw8QPMOPLxA_0a4o1PkUvPtDg7LIggkLwduulrfdFD1F3LGvLh_iihb2SGN6uvuGG8ACtLd1w!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

-Во февруари 2020 година еден странски терористички борец беше депортиран од Турција и против него беше подигнато обвинение. Осуден е на 5 години затвор со пресуда бр. II КОК.бр.80/20 од Основен Кривичен Суд Скопје.

-Во март 2020 година, жена и нејзините две деца беа вратени од бегалски камп во Турција. Потоа Владата го заврши процесот на репатријација од Сирија и Ирак за четири мажи СТБ, пет жени и четиринаесет деца.

Првите уапсени во РСМ се уапсени во акцијата Ќелија 1, во 2016 година,за регрутација на борци, логистика и учество во паравоени формации во Сирија и Ирак. Обвинетите од „Келија 1,, беа осудени на различни казни затвор од 2 до 5 години и веќе ги имаат издржано.[177]Пресуда бр.«КОК-27/16 .

Составот на групата е „мешовит". Има оџа, златар, таксист, вработен во Владата, невработени, како и еден дипломиран лекар. Меѓу нив има и еден Македонец, кој го прифатил исламот.[178]

Првосомничен беше 36 годишниот оџа- Реџеп Мемиши од џамијата Тутунсус во Скопје. Женет и татко на две деца. Дотогаш не бил осудуван и против него не се водела постапка за друго кривично дело. Според обвинението, тој во периодот од септември 2014 до средината на 2015 година, организирал транспорт на македонски граѓани за заминување во Сирија, за да бидат дел од паравоени и параполициски формации преку нивна индокринација со верски и националистички говори и убедувања.

Вториот осомничен беше 24 годишен скопјанец Иса Фуга, кој исто така дотогаш не бил осудуван. Тој во текот на јануари и февруари 2015 година организирал превоз и

[177]https://akademik.mk/sluchaj-kjelija-kazni-zatvor-od-5-do-7-godini-za-priznanie-za-uchestvo-vo-paravoena-formatsija/

[178]http://sud.mk/wps/portal/osskopje1/sud/odluki/!ut/p/z1/jY7NCoJAFIWfxSe41xqdcTmWWjkmZYM6m5ASmfCPsJ4_k6BV0tkd-M7HAQUZqLZ46qoYdNcW9dhzZZ8dXNumu0IRh5Qhj6QnZLDdWfslpBOAP8IR1D_7GUDN61NQE2IHhCALUbDk6CL3kLKTwzHw8QPMOPLxA_0a4o1PkUvPtDg7LIggkLwduulrfdFD1F3LGvLh_iihb2SGN6uvuGG8ACtLd1w!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

обезбедил финансиски средства за лица кои заминуваат за Сирија со цел да земат учество во паравоени формации.

Трет е Абдула Абдулахи, 27 години од Тетово. Женет и татко на 5 деца. И тој имал претходно чисто досие во МВР. Осомничен дека бил логистика на лицата кои заминувале во Сирија и се приклучувале на Исламската држава.

Меѓу осомничените имаше и вработен во Владата, во сектор за спроведување на рамковниот договор. Ахмет Дарлишта - 31 година и тој имал задача да организира и да дава финансиска помош за борците од Македонија кои заминувале во Сирија. Тој имал телефонска комуникација со повеќе лица во Сирија кои биле на обука во камп пред да и се приклучат на ИСИС на боиштата.

Фазли Суља -23 години и работел како златар во Скопје. Тој на 21 февруари 2015 преку скопскиот аеродром „Александар Велики“ ја напуштил Македонија и заминал за Сирија, каде што учествувал во паравоени формации. Оттаму објавувал и слики на социјалните мрежи заедно со уште еден македонски граѓанин Амет Џингис кој потоа загинал во борбите.

36 годишниот Ерол Рустеми се водел како невработен, но според Обвинителството тој бил задолжен за организирање и транспорт на лицата кои патувале во Сирија преку Турција. Парите ги испраќал преку посредник кој им ги распределувал на македонските платеници.

Сејфула Етемовски -32 години и кога го уапсиле работел во интернет кафе Фаст Бет. Тој прво бил задолжен за логистика и помагање на борците кои и се приклучувале на Исламската држава, а се обидел и самиот да замине за Сирија. Но, не успеал и на 18 март минатата година бил депортиран од Турција на скопскиот аеродром.

Следен во групата беше 38 годишниот таксист од Скопје Мухамет Имери, кој одредено време се борел на страната на терористичката група, а во декември 2014 се вратил во Македонија.

Стефан Стефановски е единствениот Македонец во оваа група. Тој имал 32 години и бил лекар. Неженет, не бил ни осудуван претходно. Стефан од Скопје или Суфијан во

Сирија, како што е неговото муслиманско име, го прифатил радикалниот ислам за кој учел под закрила на Тутунсус џамијата. Според обвинителството тој во Сирија бил седум месеци од август 2014 до март 2015 година. На рочиштето се изјаснил дека не е виновен за делото за кое се товари, бидејќи се повикал на Хипократовата заклетва, дека нема вина за тој кој што им помага на луѓето без разлика на вера, раса и нација.

Мухамед Шеху, 27 години од Гостивар, невработен, неженет и неосудуван. На крајот на декември 2014 година преку Деве Баир ја напуштил Македонија и заминал за Сирија. А, својата мисија не ја криел и на социјалните мрежи објавувал слики од неговите активности таму.Најмлад во групата е Ресуљ Саити, 22 години кој се товареше за логистика на македонски граѓани кои заминувале да се борат на страната на Исламската држава.[179]

### 4.7. Изречени (вкупно )пресуди во Р.С. Македонија за кривични дела тероризам, терористичка организација, учество во странска војска, полиција или паравоени формации и служба во непријателска војска до 2023 година

За потребите во трудот, на крајот на 2022 година доставено беше барање до Основен Кривичен Суд Скопје за добивање на известување за бројот на правосилни пресуди кои се однесуваат на сторени) кривични дела тероризам, терористичка организација, учество во странска војска, полиција или паравоени формации и служба во непријателска војска , при што од страна на Основен Кривичен Суд Скопје, (на ден 27.10.2022 година), доставени се следните податоци;[180]

Табела бр.3 Правосилни пресуди кои се однесуваат на сторени кривични дела тероризам, терористичка организација, учество во странска војска, полиција или паравоени формации и служба во непријателска војска

[179] https://faktor.mk/sluchaj-kelija-ke-se-otsenuva-dali-ke-ima-sudene-za-osomnichenite-islamski-regrutatori

[180] Основен Кривичен Суд Скопје,Известување ,27.10.2022

| ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ВИД НА ОДЛУКА ПО ЛИЦА- до 31.12.2021 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСНОВ- КРИВИЧНИ ДЕЛА | ПРИМЕНИ | | РЕШЕНИ | | ПРАВОСИЛНИ | | ПРАВОСИЛНИ- ВИД ОДЛУКА ПО ЛИЦА | | | |
| | Предмети | Лица | Предмети | Лица | Предмети | Лица | Казна затвор | Доживотен затвор | Одбиено обвинение | Ослободени од обвинение |
| Тероризам- Чл.394-а | 7 | 23 | 7 | 23 | 3 | 8 | 3 | 3 | 1 | 1 |
| Терористичка Организација | 7 | 60 | 7 | 60 | 7 | 58 | 47 | 8 | | 3 |
| Учество во странска војска,полиција,паравоени или параполициски формации | 13 | 34 | 18 | 34 | 8 | 23 | 23 | | | |
| Служба во непријателска војска | 2 | 8 | 2 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **29** | **125** | **34** | **125** | **18** | **89** | **73** | **11** | **1** | **4** |

Во Основниот кривичен суд Скопје нема заведено предмети за кривично дело Финансирање тероризам

Од обвинетите- осудени лица сите се мажи

Од обвинетите- осудени лица - 1 - македонец, 1- Турчин, а другите се албанци

Немаме податоци за возраста на обвинетите- осудени лица

Правосилни по чл.349-а, чл.349-б, чл.322 и чл.322-а до 31.12.2021 година

| Број на предметот | Година на уписник | Основ - поднесок | Датум на верификација | Датум на правосилност | Одлука по лица | Години Затвор | Последна состојба со 31.12.2021 Г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Се одбива | | Во жалбена постапка |
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Казна затвор | 9 години | Во жалбена постапка |
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Казна затвор | 15 години | Во жалбена постапка |
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Казна затвор | Доживотен затвор | Во жалбена постапка |
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Казна затвор | Доживотен затвор | Во жалбена постапка |
| КОК-66/17 | 2017 | Тероризам | 02.07.2021 | | Казна затвор | Доживотен затвор | Во жалбена постапка |
| КОК-25/08 | 2008 | Тероризам | 01.06.2009 | 05.03.2010 | Ослободителна | | |
| КОК-24/11 | 2011 | Тероризам | 27.07.2011 | 12.12.2011 | Казна затвор | 4 години | |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Ослободителна | | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 12 | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 13 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Ослободителна | | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 12 | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 18 | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 14 | Моментално во врховен |
| КОК-35/16 | 2016 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Ослободителна | | Моментално во врховен |
| КОК-42/21 | 2021 | Терористичка организација | 11.08.2021 | | Казна затвор | 13 г и 6 м | Во жалбена постапка |
| КОК-42/21 | 2021 | Терористичка организација | 11.08.2021 | | Казна затвор | 12 | Во жалбена постапка |
| КОК-42/21 | 2021 | Терористичка организација | 11.08.2021 | | Казна затвор | 12 | Во жалбена постапка |
| КОК-95/16 | 2016 | Терористичка организација | 02.01.2018 | 22.02.2019 | Казна затвор | Доживотен затвор | |
| КОК-97/14 | 2014 | Терористичка организација | 06.07.2015 | 02.11.2015 | Казна затвор | 14 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 15 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 13 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-122/19 | 2019 | Терористичка организација | 16.03.2020 | 18.10.2020 | Казна затвор | 5 години | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 15 | |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 15 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.11.2008 | Казна затвор | 15 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.12.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-10/08 | 2008 | Терористичка организација | 27.02.2008 | 24.12.2008 | Казна затвор | 10 | |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 20 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 14 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | Доживотен затвор | Моментално во врховен |
| КОК-127/15 | 2015 | Терористичка организација | 27.12.2017 | 18.10.2021 | Казна затвор | 40 | Моментално во врховен |
| КОК-27/16 | 2016 | Учество во странска | 01.6.2016 | 06.2.2017 | Казна затвор | 3г и 1 м | променета- целосно |
| КОК-27/16 | 2016 | Учество во странска | 01.6.2016 | 06.2.2017 | Казна затвор | 4 | променета- целосно |
| КОК-27/16 | 2016 | Учество во странска | 01.6.2016 | 06.2.2017 | Казна затвор | 4 г и 6 м | променета- целосно |
| КОК-27/16 | 2016 | Учество во странска | 01.6.2016 | 06.2.2017 | Казна затвор | 2 | променета- целосно |
| КОК-27/16 | 2016 | Учество во странска | 01.6.2016 | 06.2.2017 | Казна затвор | 2 | променета- целосно |
| КОК-11/17 | 2017 | Учество во странска | 28.4.2017 | 15.6.2017 | Казна затвор | 4 г и 3 м | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-82/19 | 2019 | Учество во странска | 03.12.2019 | 06.2.2020 | Казна затвор | 6 | |
| КОК-121/19 | 2019 | Учество во странска | 03.3.2020 | 04.3.2021 | Казна затвор | 5 | променета- делумно |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КОК-108/21 | 2021 | Учество во странска | 27.10.2021 | | Казна затвор | 5 | Во жалбена постапка |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 5 | |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 5 | |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 5 | |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 5 | |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 5 | |
| КОК-ООА-9/2016 | 2016 | Учество во странска | 25.3.2016 | 25.3.2016 | Казна затвор | 7 | |
| КОК-102/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 01.12.2021 | | Казна затвор | 3 г. 6м | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 6 г 6м | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 6 | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 4г 6м | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 3г 6м | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 3г.6м | Во жалбена постапка |
| КОК-81/21 | 2021 | Служба во непријателска војска | 05.10.2021 | | Казна затвор | 2 | Во жалбена постапка |

## Глава 5. Војни , миграции и нивната поврзаност со СТБ

### 5.1. Раселени лица

Според податоците од Мониторингот на Центарот за внатрешно раселени лица (IDMC -2022) на пример, со крајот на 2021 година, во светот се евидентирани вкупно 59,1 милиони внатрешни раселувањаи тоа 53,2 милиони предизвикани од конфликти и насилство и 5.9 милиони предизвикани од природни непогоди или катастрофи[181].

Со крајот на 2022 година , во светот се евидентирани вкупно 71,1 милиони внатрешни раселувања и тоа 62,5 милиони предизвикани од конфликти и насилство ( покачување од 17 %) и 8.7 милиони предизвикани од природни непогоди или катастрофи(покачување од 45%).

Војните од изминатиот период кои се случија во Сирија, Авганистан, Ирак, и продолжената нестабилна состојба во многу земји од Блискиот исток и Северна Африка последната деценија,поточно од 2011 па сè до ден денес се уште предизвикуваат масовен број на мигранти кон Европскиот континент .

### 5.2.Африка

Во безбедносната анализа на Фронтекс за 2023/24 година се истакнува дека Тероризмот во деловите од Афричкиот континент , исто така се зголеми во последниве години. Ал Каеда и филијалите на ИСИС продолжуваат да напредуваат искористувајќи го политичкиот и безбедносен вакуум за да навлезат во племенските заедници низ Африка и да отворат нови „џихадистички“ коридори кон југ, на пр.крајбрежните области на Западна Африка. Ова не е за изненадување ,затоа што некои од најјаките мрежи на ИСИС и Ал Каеда се оперативни во обласа ,од поодамна , како на пр. Исламска држава во Голема Сахара (ISGS) и Џемаат Нусрат ал-Ислам вел-Муслимин (JNIM).

Сепак, заканите од секоја од овие мрежи се чини дека останууваат локални/регионални , а не се глобални. Ова може делумно да се препише на внатрешните џихадистичките борби за моќ ,а таа состојба влијае на достапните ресурси, волјата за борба кај членовите , финансиски средства и луѓе – при што групите се принудени да создаваат

[181]https://www.internal-displacement.org/sites/default/files/IDMC_GRID_2022_HQ.pdf

безбедни засолништа за нив и  се фокусираат во главно на цели и придобивки на краток рок , односно на непосредни тактички придобивки на локално/регионално ниво.

Како и да е , тоа  насилство во Сахел регионот ги зголемува миграциите и поместувањата на луѓето и  следствено на тоа ,создавање плодна почва за криминалната /терористичка средина да ги зајакнува своите врски преку експлоатација и искористување на миграциските текови за финансиски придобивки и /или регрутирање на нови борци . Безбедносниот контекст е дополнително нарушен поради воената реконфигурација во регионот – особено после заминувањето на француски и други ЕУ сили во 2022 година од тој регион .

Во таа смисла, бруталниот контрабунт на руските платеници во Сахел регионот , уште повеќе  може да ги загрози  антитерористичките  напори од минатото , со дополнително влошување поради употреба на  насилство, кое во долг рок  ќе продуцира регрутирање на нови џихадисти .

Така, Африка е многу атрактивна и за поранешните СТБ ,кое се спремни да се преселат на друго место по теририторијалниот пораз на Калифатот, или за идните регрути од земјите на ЕУ кои имаат за цел да се приклучат на милитантните фракции во регионот ,поттикнати од  апсењата на нивните членови , извршени од  безбедносните служби на ЕУ , во 2022 година.

**5.3.Левант регион**

Во Левантот, поразот на територијалниот „калифат“  ги принуди  остатоците  од ИД , да го искористат слабото владеењето и безбедносни вакууми во периферијата , и таму продолжуваат  со бунтовнички дејствија и акции  на пониско ниво. И покрај загубата на неколку високи личности на ИД во 2022 година, вклучително и двајца лидери, кадрите на ИД продолжуваат со напади  на затворите под контрола на Курдите , за да  ги надополнат своите редови  со борци и повторно да ги постават своите оперативни јазли низ Левант регионот.

## 5.4.Сирија

Од март 2011 година, Сирија е вовлечена во вооружен конфликт.Граѓанската војна во Сирија започна како мирен граѓански протест за демократски реформи. Во рок од неколку месеци дојде до репресија која ги принуди демонстрантите да земат оружје и да ги постават институциите. За само неколку години, протестите се претворија во целосна граѓанска војна во која беа вмешани регионални и меѓународни фактори. Сириската граѓанска војна, првично предизвикана од комбинација на протестно движење за социо-економски и политички реформи на една страна, а од друга страна, строгиот одговор на претседателот Асад на тоа, досегаубила повеќе од 570.000 лица, предизвикала 7,6 милиони внатрешно раселени лица (проценка на Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации[182] од 2015 година) и повеќе од 5 милиони бегалци (во јули 2017 година регистрирани од УНХЦР)[183]

Табела бр.4 Бегалци и внатрешно раселени лица во Сирија, период 2001-2015

| Година | Земја | Бегалци регистрирани од УНХЦР | Внатрешно раселени лица Рег.од УНХЦР |
|---|---|---|---|
| 2001 | Сирија | 4861 | / |
| 2002 | Сирија | 18908 | / |
| 2003 | Сирија | 20817 | / |
| 2004 | Сирија | 21431 | / |
| 2005 | Сирија | 16395 | / |
| 2006 | Сирија | 12328 | / |
| 2007 | Сирија | 13684 | / |
| 2008 | Сирија | 15206 | / |
| 2009 | Сирија | 17915 | / |
| 2010 | Сирија | 18451 | / |

[182]во понатамошниот дел од текстот УНХЦР

[183]CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE( Година 22, бр. 43, декември 2022 / Vol. 22, No. 43, December 2022)-THE INFLUENCE OF THE ARMED CONFLICTS ON THE REFUGEECRISES IN THE MIDDLE EAST COUNTRIES,Nena NENOVSKA GJORGJIEVSKA 1 ( Современа Македонска Одбрана бр.43 . стр.99,100 )

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2011 | Сирија | 19931 | / |
| 2012 | Сирија | 729.012 | 2 016.500 |
| 2013 | Сирија | 2 468.323 | 6 520.800 |
| 2014 | Сирија | 3 887.490 | 7 632.500 |
| 2015 | Сирија | 4 873.236 | 6 563.462 |

Во 2023 и 2024 година , во Северна Сирија, напорите за регрутирање борци продолжуваат во логорите за внатрешно раселените лица , како и во затворите /притворите за лица. Овде, големата популација борци на ИД постојано ја шират и нудат својата пропаганда на населението , како и на децата зрели за индоктринација и претставуваат сериозна закана и политички предизвик и за меѓународната заедница.

Во оваа смисла, контролираната репатријација на граѓаните на ЕУ од овие логори може да го намали ризикот од тие повторно да се радикализираат под чадорот на ИСИС и ќе и помогне на Европската Унија за подобро да се справи со тој безбедносен предизвик.

На среден/долгорочен план, милитантните групи – поврзани со Ал Каеда и ИД –исто така беа охрабрени од намалувањето и на рускиот воен ангажман во регионот , поради воениот ангажман во Украина. Ова може да им обезбеди повеќе простор за маневрирање, како и зајакнување на соработката со разните криминални мрежи кои дејствуваат во областа.[184]

### 5.5.Ирак(Војна од 2003 до ден денес )[185]

Инвазијата накоалицијата предводена од Соединетите Американски Држави[186] врз-Ирак во 2003 година остави наследство на насилство и нестабилен политички систем којбеше сè повеќе користен од политичките лидери за предност пред другиот. По одреден период одрелативна стабилност, насилството повторно се зголеми во Ирак во текот на 2014 година. Од почетокот на 2014 година, екстремната џихадистичка група ИСИС , која исто

[184] Frontex-Strategic risk analysis report _2023.pdf
[185] CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE ( Современа Македонска Одбрана бр.43 . стр.100 )
[186]во понатамошниот дел од текстот САД

така во тој период е активна и во Сирија, доби контрола на територијата во главно сунитските и спорните области на Ирак.

Конфликтот се прошири на север по преземањето на екстремистичката група ИД на градот Мосул, вториот по големина град во Ирак. Од октомври 2014 година борбите предизвикаа внатрешно поместување на 1,8 милиони луѓе, а дополнително има 5,2 милиони луѓе на кои им е потребна хуманитарна помош. Имајќи во предвид дека во Ирак постојано има вооружени конфликти, бројот на бегалци во конкретните години на анализа не се толку високи како во Сирија и во Авганистан. Според статистиката, највисок број на бегалци е забележан во 2013 година или 401.461 ирачки бегалци. Во 2014 година овој број падна на 369.960 бегалци. Во 2015 година биле регистрирани 264.086 бегалци, додека во 2016 г.од Ирак побегнале 316.056 бегалци.[187]

Табела бр.5 Бегалци и внатрешно раселени лица во Ирак, период 2001-2015

| Година | Земја | Бегалци регистрирани од УНХЦР | Внатрешно раселени лица Рег.од УНХЦР |
|---|---|---|---|
| 2001 | Ирак | 530 508 | / |
| 2002 | Ирак | 422 504 | / |
| 2003 | Ирак | 368 578 | / |
| 2004 | Ирак | 311 890 | / |
| 2005 | Ирак | 262 302 | 1 200.000 |
| 2006 | Ирак | 1 450.909 | 1 834.368 |
| 2007 | Ирак | 2 309.247 | 2 385.865 |
| 2008 | Ирак | 1 903.517 | 2 647.251 |
| 2009 | Ирак | 1 785.215 | 1 552.003 |
| 2010 | Ирак | 1 683.576 | 1 343.568 |
| 2011 | Ирак | 1 428.306 | 1 332.382 |
| 2012 | Ирак | 746 204 | 1 131.810 |

[187] CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE ( Современа Македонска Одбрана бр.43 . стр.100 )

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2013 | Ирак | 401461 | 954.128 |
| 2014 | Ирак | 369960 | 3 596.356 |
| 2015 | Ирак | 264086 | 4 403.287 |

## 5.6.Авганистан (Војна 2001-2021 )[188]

Во Авганистан има тековни војни во последните 20 години. Авганистан е една од најпогодените земји во светот од војна. По падот на талибанците иформирање на нова демократска влада со помош на меѓународнатазаедница, Авганистан сè уште се соочува со огромен предизвик во процесот наградењето на државата, трансформација на конфликти и градење мир. Етничките конфликти останувaат еден од најважните конфликти со кои се соочува Авганистан денес, покрај останатите  прашања како што се тероризмот, бунтот, политичката нестабилност и слабото владеење.Сите овие нестабилности предизвикаа бегство на огромен број на луѓе од земјата.

Споредстатистиката во 2013 година биле регистрирани 2.556.483 бегалци коија напуштиле земјата. Во 2014 година овој број се искачил на 2.596.259 бегалци. 2015 година беше врв на трендот на бегалци. Имаше 2.666.294 раселени лица одАвганистан. Во 2016 година овој број се намалил на 2.501.447 бегалци.Според овие податоци најголем дел од авганистанските државјани ја напуштиле земјата во2015 година.

Табела бр.6  Бегалци и внатрешно раселени лица во Авганистан, период 2001-2015

| Година | Земја | Бегалци регистрирани од УНХЦР | Внатрешно раселени лица Рег.од  УНХЦР |
|---|---|---|---|
| 2001 | Авганистан | 3 809.763 | 1 200.000 |
| 2002 | Авганистан | 2 510.294 | 665 156 |
| 2003 | Авганистан | 2 136.039 | 184 269 |
| 2004 | Авганистан | 2 414.460 | 159 549 |

[188]CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE( Година 22, бр. 43, декември 2022 / Vol. 22, No. 43, December 2022) -THE INFLUENCE OF THE ARMED CONFLICTS ON THE REFUGEE CRISES IN THE MIDDLE EAST COUNTRIES,Nena NENOVSKA GJORGJIEVSKA 1 ( Современа Македонска Одбрана бр.43 . стр.100 )

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2005 | Авганистан | 2 166.139 | 142 505 |
| 2006 | Авганистан | 2 107.510 | 129 310 |
| 2007 | Авганистан | 3 057.655 | 153 718 |
| 2008 | Авганистан | 2 833.117 | 230 670 |
| 2009 | Авганистан | 2 887.114 | 297 129 |
| 2010 | Авганистан | 3 054.699 | 351 907 |
| 2011 | Авганистан | 2 664.423 | 447 547 |
| 2012 | Авганистан | 2 586.132 | 486 298 |
| 2013 | Авганистан | 2 556.483 | 631 286 |
| 2014 | Авганистан | 2 596.259 | 805 409 |
| 2015 | Авганистан | 2 666.294 | 1 174.306 |

И во текот на 2023 и во 2024 година во Авганистан, ситуацијата е повторно многу комплексна ; околностите можат да резултираат со многу повеќе луѓе подготвени да заминат од земјата за да стигнат до ЕУ. со оглед на влошување на состојбата особено по неодамнешната репресија врз правата и слободите на жените, администрацијата на Талибаните ризикува да се најде дополнително изолирана од меѓународната заедница.

Елиминацијата на Ал Завахири во Кабул во Јули 2022 година ја потврди блискоста на воспоставување на јадрото на Ал Каеда во земјата. Додека движењето можеби нема амбиции за напади засега на меѓународно ниво,главно поради неговиот недостаток на лидерството и потребата да се усовршат нивните способности , но сепак може да ја искористат ситуацијата и да ја постават земјата да проектира моќ, на пр. финансиска и логистичка поддршка и стратешки насоки. Засега , ИСИС-К не се смета дека претставува непосредна меѓународна закана , и нејзиниот примарен фокус се однесува на локално/регионално ниво , но не е исклучена веројатноста дека ќе инспирира волци самотници , како и помали келии или новорегрутирани лица преку интернет и онлајн пропагандата , да се радикализираат и да извршат терористички напади на запад и земјите на ЕУ.[189]

[189] Frontex-Strategic risk analysis report _2023.pdf

**5.7.Украина (Конфликт од 2014 и Војна од 24.02.2022 – ден денес )**

Војната во Украина уште во првата година на војување , во 2022 година принуди повеќе од 7 милиони Украинци да ја напуштат својата земја и повеќе од 7 милиони се раселени внатре во Украина со секојдневни нови моменти со оглед дека војната е во тек и не се знае кога ќе заврши.Силната поддршка за Украина од Северноатлантската алијанса[190] ризикува не само нова трка во вооружување, туку ја зголемува и можноста за Трета светска војна, па дури и катастрофална нуклеарна војна. Овој голем конфликти неговите несакани ефекти (на пр., бегалската криза, економските санкции, кризата со храна, високите цени на енергијата) имаат и ќе продолжат да имаат далекусежни последици за меѓународниот поредок.[191]

И во 2023 и 2024 година ситуацијата на Украина е мошне сложена и може и понатаму да ескалира . Со тоа веројатно ќе се подигне бројот на внатрешно раселени лица , како и се придонесува и за понатамошноте движења на лицата кон земјите на ЕУ.

Ризикот овде за внатрешната безбедност на Европската унија останува, неоткриен влез на лица со висок ризик ,на пример, странски борци, нивните фамилии ,деца и/или луѓе кои извршиле воени злосторства да се измешаат меѓу бегалците кои бегаат од Украина.[192]

Војната во Украина има привлечено многу борци-СТБ од Србија . Србија има голем предизвик од појавата на крајната десница и екстремизмот и етно-националистичко екстремистичко движење, рефлектирано од бројот на поединци кои од 2014 година им се приклучија на паравоените руски сили кои се борат во Украина. Дури и иако десничарскиот насилен екстремизам е во пораст во целиот регион на Западен Балкан, тој е доминантен во Србија и Црна Гора. И двете земји во последните десет години имале случаи кога нивни државјани им се приклучиле на насилните екстремистички организации како Даеш во Сирија и Ирак и други кои се приклучиле на екстремно десничарските руски паравоени групи и вооружени организации како ВАГНЕР во Украина.

---

[190]во понатамошниот дел од текстот НАТО
[191] Frontex -Strategic Risk Analysis 2022.pdf
[192] Frontex-Strategic risk analysis report _2023.pdf ,стр.40

Украинската амбасада во Србија во 2019 година проценила дека има околу 300 граѓани од Србија заминати да се борат заедно со проруските паравоени групи во Украина, во источниот дел на Донбас регион. [193]

### 5.8. Палестина и Израел ( 7 октомври 2023 –ден денес )

На 7 октомври 2023 година, борци од терористичките организации Хамас и Палестинскиот исламски џихад извршија моќен ракетен напад над Израел. Во нападот загинаа стотици жители, ранети се илјадници и грабнати десетици. Ова ја поттикна израелската влада да прогласи воена состојба, додека пак Израелските одбранбени сили беа ставени во целосна борбена готовност. Според информациите на Македонското министерство за надворешни работи, во Израел и Западниот Брег се наоѓале поголем број македонски државјани што побарале помош од Македонската амбасада во Тел Авив.Најмалку 2.200 ракети биле истрелани од појасот Газа, а борците на Хамас ја пробиле границата и го нападнале Израел. Најмалку 250 Израелци загинале. Израелскиот премиер Бенјамин Нетанјаху рекол дека Израел „се наоѓа во воена состојба“.

Палестинските борци навлегле во неколку кибуци во близина на појасот Газа, како и во израелскиот град Сдерот. Израелските одбранбени сили убиле најмалку 256 Палестинци во вооружени борби и воздушни напади, вклучувајќи граѓани и 20 деца. Израелски граѓани и војници биле земени како заложници од страна на палестински борци.Од почетокот на палестинското напредување имало сведоштва за бројни случаи на насилство врз израелски жени и колење на израелски граѓани.

Земјите од Северна Америка и повеќето европски земји ја осудиле палестинската страна за насилството и ја нарекле употребената тактика тероризам. Некои арапски и муслимански земји ја обвиниле израелската „окупација“ за заострувањето, иако Израел ја прекинал окупацијата на појасот Газа 18 години претходно, повлекувајќи ги сите свои војници.

Нападот е еден од епизодите на Палестинско-израелскиот судир. Слични напади врз Израел од страна на фидаинските борци од Египет, Либан, Јордан и појасот Газа се случиле многупати помеѓу 1948 и 1970 г. Овие напади на израелска територија, убивајќи граѓани и

[193]Radicalisation Awareness Network,2023

земајќи заложници, продолжиле како дел од активностите на ПЛО; познати примери се Колењето во Маалот (1974) и Нападот по крајбрежниот пат (1978).

По повлекувањето на Израел од појасот Газа во 2005 г., Хамас дошол на власт во појасот како резултат на неговата победа на изборите во 2006 г. и граѓанската војна со Фатах, која вклучувала борби во појасот Газа во 2007 г. Хамас ги засилил ракетните напади врз Израел и другите облици на палестински тероризам. Појасот Газа бил под делумна блокада од Израел и Египет од 2007 г., со цел да се спречи увозот на оружје и градежни материјали што се користат за војната против Израел; овие мерки ѝ штетат на економијата на појасот. Хамас ја навел блокадата како една од причините за својот напад.

На нападот му претходеле неколку неделни немири од страна на палестинските Арапи долж границата на Израел со појасот Газа (вклучувајќи пуштање на избувливи и запаливи балони, масовно палење на автомобилски гуми, поставување и фрлање избувливи направи), како и судири на Западниот Брег.

Според Ел Џазеира, во 2023 г., пред нападот на 7 октомври, најмалку 247 палестински Арапи загинале во судирите со израелската војска и за време на израелските против терористички операции. Бројот на жртвите на палестинскиот тероризам во истиот период изнесувал 32 Израелци и 2 странски државјани.

Командантот на военото крило на Хамас, Мохамед Дејф, изјавил дека нападот бил извршен како одговор на судирите во џамијата Акса. Водачот на Хамас, Салих ел-Арури изјавил дека нападот бил одговор на „злосторствата на окупацијата“, додавајќи дека тие ја штитат џамијата Акса и илјадниците палестински затвореници што ги држел Израел. Нападот се случил ден по 50-годишнината од почетокот на Јомкипурската војна, која исто така започнала со ненадеен напад и на денот на еврејскиот празник Симхат тораво 2005 година.

Во оваа војна,според Министерството за здравство на појасот Газа досега има загинато преку 15,207 граѓани,преку 40,000 повредени, а од другата страна , според

Израелското министерство за здравство ,преку 1,335 Израелски граѓани, војници и полицајци се убиени,а преку 7,262 има повредени лица.[194]

### 5.8.1.Ескалацијата на Блискиот Исток може да го „потпали“ и регионот

Балканскиот Регион и Косово може да бидат едни од местата во Европа што би било плодно тло за активирање на радикалните исламистички групи, по влошувањето на безбедносната состојба на Блискиот Исток и нападите на Хамас врз Израел. Иако од западните безбедносни служби изјавуваат дека овие парамилитарни организации се држат под контрола на европска територија, експертите не ја се исклучуваат можноста дека терористичките ќелии можат да се активираат. Во последните извештаи на Стејт департментот, Косово беше препознаено како база за регрутирање борци на терористички организации во конфликтните зони низ светот. Според некои податоци, околу 400 лица од оваа соседна земја биле во редовите на ИД на бојното поле во Сирија. Во претходните години дејствата на екстремните исламски групи на Косово беа спречени, но не треба да се исклучи можноста за инциденти секогаш кога ќе се разгори конфликтот на Блискиот Исток.

Друг важен фактор што може да влијае на зајакнувањето на исламскиот екстремизам се растечката сиромаштија и невработеноста, како и постојаните безбедносни кризи со кои се соочува Косово. На опасноста од ширење на фундаменталниот радикално-милитантен ислам упатуваат и изјавите на косовските верски лица, за тоа дека на Косово ќе се градат уште 1.000 џамии, со оглед на тоа што верските објекти во минатото често биле користени од екстремни регрутирани и индоктринирани организации. Во периодот од 2014 до 2018 година косовската полиција уапси неколку имами под обвинение за повикување на војна, односно џихад, а еден од најпознатите што во тоа време беа зад решетки беше имамот Шефќет Красниќи. Дополнителен фактор е што институции на Приштина ја изнесоа информацијата дека во Косово од Сирија се вратиле 253 лица.

[194]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%BF%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B0_(2023)

Геополитичкиот аналитичар Предраг Рајиќ вели дека секоја ескалација на конфликтот на Блискиот Исток го зголемува будењето на екстремизмот во целиот свет, а со тоа и во овој дел од Европа.

– Опасноста од будење на оние ќелии на радикалниот ислам што користат терористички методи постои во последните децении. Во цела Европа и во целиот свет видовме такви акции. Тоа го имаше и во ЕУ, Руската Федерација и САД во 2001 година. Така што таа опасност генерално постои – вели Рајиќ за „Политика“.

Воениот аналитичар Владе Радуловиќ вели дека безбедносните служби треба да бидат внимателни, со оглед на искуството од претходните години и фактот дека голем број косовски Албанци му се приклучија на ИД и се бореа во неговите редови.

– Косово беше прво на листата по бројот на борци на страната на екстремната ИД по население. Кога зборуваме за можноста за будење на радикалниот ислам на Косово, треба да знаеме дека членовите на Хамас ги повикаа сите муслимани да се борат не само против Израел туку и против западниот свет. Ако се вратиме неколку години наназад, во 2015-2017 година и анализираме некои настани што се случија на територијата на Косово и Метохија и информациите што дојдоа од НАТО, па дури и од самата косовска полиција, кога кај припадници на Исламската држава и џихадистите на Косово имаше и планови за напади врз членовите на КФОР, меѓународните мисии на Косово, се чини дека има врска, односно дека постои можност оваа линија да проработи – вели Радуловиќ за „Косово онлајн“.

По нападите што се случија пред неколку дена во Франција, властите во оваа земја изјавија дека постои врска помеѓу тоа насилство и она што се случува во Израел и Палестина.

– Ако по нападот на Хамас врз Израел се прошири конфликтот во Појасот Газа, никој не може да ја исклучи опасноста од радикалниот ислам на Космет – смета Срѓан Симоновиќ од НВО „Хуман центар“ од Северна Митровица. Тој наведува дека безбедносниот систем на Косово го контролираат западните служби, што, според него, спречува појава на исламски радикални групи во поголем број, но додава дека никој не може да гарантира дека нема опасности.

– Албанската заедница во Космет го исповеда сунитскиот ислам на групата Ханафи, што не е толку радикално. Всушност, таква група е идентична во Палестина. Тој радикален ислам беше доста добро потиснат на територијата на Косово во изминатиот период – појаснува Симоновиќ.

Тој го истакнува фактот дека косовската влада направи доста добра работа со ресоцијализацијата на повратниците од Сирија, а некои од нив беа осудени на долги затворски казни. Сепак Симоновиќ потенцира дека постои ризик ако се прошири конфликтот во Газа и ако ги вклучи Иран, Сирија, Либан.[195]

## Глава 6. Институции за спроведување на законите во РСМ во справувањето со тероризмот, екстремизмот и СТБ

### 6.1. Агенција за Национална Безбедност –АНБ

Во рамки на МВР, АНБ (или поранешна Управата за безбедност и контраразузнавање) е водечки орган за детекција на тероризмот и прибирање разузнавачки податоци и работи во координација со Секторот за организиран и сериозен криминал во рамки на Бирото за јавна безбедност за да ги приведе осомничените. Обвинителството го раководи испрашувањето и гонењето на уапсените осомничени за тероризам.[196]

АНБ е самостоен орган на државната управа ,основан со цел заштита на националната безбедност на државата , односно заради заштита на независноста ,суверенитетот,уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 мај 2019 година донесе новиот  Закон за Агенција за национална безбедност.Во Член 4од Законот се вели дека ;

[195]https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/kakva-e-opasnosta-od-radikalniot-islam-od-kosovo-koe-e-posocheno-kako-rasadnik-na-zaspani-teroristichki-kjelii/ 27.10.2023
[196]https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf ( стр.22 )

-Агенцијата собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа:

- шпионажа, тероризам и негово финансирање,насилен екстремизам,сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата,спречување на кривични дела против човечноста и меѓународното право, незаконито производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство, нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата, нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата,откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани иризици за националната безбедност на државата. Агенцијата врши и безбедносни проверки во согласност со овој и друг закон.

**6.2. Агенција за разузнавање(АР )**

Агенцијата за разузнавање (АР) е посебен орган на државната управа и е надлежна дасобира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации од значење за безбедноста, одбраната, надворешно-политичките и економските интереси на Република Северна Македонија.Агенцијата собира разузнавачки информации за закани и ризици од странство за заштита на националната безбедност, независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија.Агенцијата остварува меѓуинституционална соработка со органите на државната управа, јавните институции и другите правни лица за прашања од заеднички интерес.Во рамките на своите надлежности, Агенцијата остварува и меѓународна соработка со разузнавачки и безбедносни служби од други држави.

Во вршењето на работите и користење на податоците и информациите, вработените во Агенцијата се должни да ги почитуваат правата и слободите на граѓаните загарантирани со

Уставот и да обезбедат заштита на тајноста на податоците и информациите со кои располагаат.[197]

Собранието на Република Северна Македонија на седница одржана на 25 јануари 2021 година го донесе новиот Закон за Агенција за разузнавање.Потребата од негово донесување се наметна поради новонастанатите промени во безбедносното опкружување на државата во регионални и глобални рамки, што бараше итно, ефикасно и навремено реагирање на терен. Со новиот закон, Агенцијата се дефинира како служба надлежна за надворешно разузнавање која собира, обработува, анализира, разменува, чува и штити податоци и сознанија за закани од странство. Со тоа се направи јасна дистинкција меѓу надлежностите на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност. Изготвувањето на новиот закон беше резултат на повеќемесечна работа на тим од Агенцијата, во консултација со академската заедница, Министерството за правда, партнерските служби од земјите-членки на НАТО и ЕУ и специјализираните тела на Алијансата. Со новото законско решение се заокружени реформите во безбедносниот систем на државата и се исполнети укажувањата во Извештајот на Европската комисија за 2020 година, обврската што ја преземавме како земја-членка на НАТО, но и очекувањата на вработените во институцијата. Законот ги подобрува и зајакнува професионалните стандарди, ја департизира Агенцијата, го подобрува менаџирањето, го регулира и прецизира начинот на извршување на задачите и употребата и контролата на методите и средствата за работа и овозможува подобра заштита на класифицираните информации кои што ги создава Агенцијата и кои што ги прима од партнерските служби и од НАТО-алијансата. Агенцијата врши разузнавачки активности за идентификување на надворешни закани од: геополитичко ривалство кое развива хибридни стратегии и закани, регионални безбедносно-стратешки појави и процеси , внатрешни и меѓународни конфликти со можност за влијание врз националната безбедност , оружје за масовно уништување , тероризам и насилен екстремизам од политички, етнички и религиски аспект , транснационален организиран криминал и други форми на асиметрични закани , илегална миграција , сајбер закани, актуелни состојби поврзани со енергетската безбедност ,пандемии на глобално ниво со потенцијал за дестабилизација и влијание врз националната безбедност.

[197] https://ia.gov.mk/

## 6.3.МВР – Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал

### Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал , формално правно, како организациска единица во рамките на Министерството за внатрешни работи започна со работа на 24 јануари 2005 година, по претходно донесен Акт за организација и систематизација на работни места (ноември 2004 година) кога беше спроведен и интерен оглас за избор на раководители и извршители. Во текот на овие дваесетина години, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал неколку пати ја менуваше својата организациска структура.[198]

Во рамките на новоформираниот Сектор систематизирани се две единици и тоа: Единица за истраги против тероризам, насилен екстремизам и радикализам и Единица за откривање и демонтирање на експлозивни средства и направи.

Како дел од надлежностите на Единицата за истраги против тероризам, насилен екстремизам и радикализам се: – учествува во идентификување и профилирање на лица и групи со висок ризик на закана, – планира и спроведува криминалистички истраги поврзани со криминални групи и лица со закана од висок ризик, – сузбива или разбива криминални групи кои дејствуваат на национално и меѓународно ниво, – соработка на национално и меѓународно ниво во врска со откривање странски борци и осомничени за тероризам (македонски и странски државјани), – учество во превентивни акции и програми координирани од Националниот комитет за борба против тероризам.

Единица за откривање и демонтирање на експлозивни средства и направи – врши деактивирање и уништување на експлозивни средства и направи како и на импровизирани експлозивни направи, – презема активности во насока на откривање на поставени експлозивни средства и направи при вршење на антитерористички проверки, – учествува во активности и операции од областа на спротиставување на тероризмот.

[198] МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ -БЕЗБЕДНОСТ II / 2019 , стр.123

### 6.4. Гранична Полиција

Граничната полиција на Република Македонија ги користи листите на набљудувани лица на ИНТЕРПОЛ и ЕУРОПОЛ што редовно се ажурираат и тие имаат можност за биометриски скрининг. Граничната полиција исто така споделува и прима информации преку аларми од Заедничките контакт-центри со соседните земји (Србија, Албанија, Бугарија и Косово) и ИНТЕРПОЛ.

Како одговор на приливот на мигранти од 2016 година па наваму, ЕУ и Балканските земји редовно испраќаат деташирани припадници на граничната полиција за да помогнат во обезбедување на јужната граница на Република Северна  Македонија. Граничните органи работат со европските и партнерите од САД да разработат протоколи за споделување информации и да го надградат системот за безбедна споредба и евалуација на личните документи (the Personal Identification Secure Comparison и Evaluation System (PISCES) систем за управување со границите, подобрувајќи го неговиот капацитет да одговори на миграциската криза и да го пресече текот на странските терористички борци што се враќаат од конфликтните зони.

Земјата и понатаму има активна улога во управувањето со мешаните миграциски текови. Вложени се дополнителни напори за да се осигурат основни услови за живот и услуги за сите мигранти во Северна Македонија. Меѓутоа, постои потреба од зајакнување на институционалните и административните капацитети за сите аспекти на управување со миграцијата преку зголемување на бројот на вработени и обезбедување дополнителни материјални и технички ресурси. Од април 2023 година Фронтекс е распореден и обезбедува оперативна поддршка на јужната граница на земјата.

Стратешката рамка треба дополнително да се зајакне, особено во однос на спроведувањето мерки за поддршка. Иако регистрацијата на мигрантите продолжи во 2021 година, приоритетно е да се реши недостигот на соодветно профилирање чувствително на заштита. Потребна е посистематска регистрација и профилирање чувствително на заштита. Поделбата на задачите помеѓу повеќе институции што работат на миграција ја намалува

ефикасноста во управувањето со миграцијата. Сè уште не е спроведена длабинската оцена (мастер-план) за Северна Македонија, развиена минатата година од Фронтекс.

Договорите за реадмисија и спроведување на протоколите потпишани со осум земји членки на ЕУ продолжуваат да се спроведуваат. Се преговара за четири други договори. Освен тоа, Северна Македонија има билатерални договори за реадмисија со осум земји што не се членки на ЕУ (се преговара за шест дополнителни договори). Соработката со соседните земји и понатаму е задоволителна. Меѓутоа, постои простор за поголема меѓугранична соработка со соседните земји во спроведувањето на враќањата и справувањето со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Бројот на нелегални движења низ Северна Македонија се зголемил, со 27.391 нелегално влегување во 2022 година во споредба со 20.874 во 2021 година. Најголем број од овие луѓе патувале од Грција кон Србија. Најголемите групи ги претставуваат државјаните на Сирија (11.018), Пакистан (5.594) и Мароко (2.541), од кои најмногу биле мажи самци. Нелегалните мигранти остануваат цел на организирани криминални групи вклучени во криумчарење луѓе, кои честопати изнудуваат пари и ги злоупотребуваат мигрантите на различни начини. Нов феномен на Западен Балкан е злоупотребата на безвизниот режим на Северна Македонија со лица што доаѓаат од Турција, Тунис, Индија, Бургунди и Кина, меѓу останатите. Северна Македонија повторно воведе визи за државјаните на Азербејџан, Боцвана и Куба.

Во 2022 година биле регистрирани 107 случаи на криумчарење, во кои биле вклучени 1.454 мигранти (во споредба со 64 случаи во кои биле вклучени 815 мигранти во 2021 година - зголемување од 67,2 % и речиси 80 % соодветно). И понатаму е голем бројот на мигранти што се криумчарати борбата против мрежите на криумчарење останува приоритет.[199]

### 6.5. Управа за Финансиско Разузнавање (УФР )

Како и во другите држави во светот така и во Република Северна Македонија, УФР е институција која функционира како единица за финансиско разузнавање, со основна надлежност да прибира, обработува и доставува податоци за целите на спречување на

[199]https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117 (извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)

перење пари и финансирање на тероризам. Нејзини  партнери во остварувањето на овие функции се субјектите од една страна и органите на прогонот од другата страна.

Субјектите имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, односно да реализираат една серија од сеопфатни мерки кои треба да придонесат во што поефикасно спроведување на обврската да се препознаат обидите за перење пари и финансирање на тероризам и за истото да ја информираат Управата.

Податоците примени од задолжените субјекти или органите на државата, Управата ги обработува, ги дополнува со податоци и информации од други извори, како од нашата така и од други држави, ги анализира и резултатите од своите анализи, во форма на извештај или известување ги доставува до Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и/или Јавното обвинителство.

Покрај овие функции Управата за финансиско разузнавање врши надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам над сите субјекти, самостојно или во координација со органите на надзор.

Основна мисија на УФР е заштита на финансискиот систем на државата од заканите од перење пари и финансирање на тероризам преку почитување на меѓународните стандарди, унапредување на човечките и техничките капацитети, во функција на ефикасно препознавање на случаите за перење пари и финансирање на тероризам и следствено на тоа навремено информирање на надлежните органи на прогонот и репресијата.

Управата за финансиско разузнавање останува посветена на континуирано исполнување на својата мисија, исполнување на обврските кои произлегуваат од процесот на евро-атланските интеграции и вложување на своите капацитети во постојано институционално унапредување и одржување на чекор со своите партнери[200]

### 6.6. Управа за финансиска полиција

Со цел зајакнување на борбата против организираниот финансиски криминал, заштита на националните финансиски интереси, како и заштита на Европските фондови во Република

[200] https://ufr.gov.mk/?page_id=69

Македонија, на 26 јуни 2003 година со Законот за финансиска полиција (Сл. весник на РМ број 55/02) формирана е Управата за финансиска полиција. Управата за финансиска полиција е орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице која своите надлежности ги спроведува на територијата на Република С.Македонија.

Управата за финансиска полиција е составен дел на Правосудната полиција како орган за кривичен прогон на сторители на кривични дела од обласла на организираниот финансиски криминал и кривични дела кои што се гонат по службена должност како што се: "Злосторничко здружување" член 394, "Злоупотреба на службената положба и овластување" член 353, "Несовесно работење во службата" член 353 - в, "Перење пари и други приноси од казниво дело" член 273, "Недозволена трговија" член 277, "Измама на штета на средствата на Европската заедница" член 279 - а, "Измама" член 247, "Даночно затајување" член 279, "Фалсификување или уништување на деловни книги" член 280, "Проневера во службата" член 354 , "Лажен стечај" член 254, "Криумчарење" член 278 како и други кривични дела од Кривичниот закон со кои е стекната противправна имотна корист од значителна вредност или е нанесена штета на Буџетот на Република Македонија.

Седиштето на Управата за финансиска полиција е во Скопје.[201]

**6.7. Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница**

Заради координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија е донесен Закон , на 22 мај 2019 година. Во чл.6 од Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија се вели дека заради обезбедување национална безбедност на Република Северна Македонија и координација на безбедносно-разузнавачката заедница се формира Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница (во натамошниот текст: Советот).

Советот го сочинуваат следните членови:

- Претседателот на Владата на Република Северна Македонија,заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем,министерот за внатрешни работи, министерот за

[201] https://finpol.gov.mk/mk/osnovni-informacii

одбрана,министерот за надворешни работи, директорот на Агенцијата за национална безбедност, директорот на Агенцијата за разузнавање и раководителот на надлежната организациска единица за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана.

Со Советот претседава претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Во работата на Советот учествува и секретарот на Канцеларијата на Советот. На седниците на Советот по потреба, зависно од прашањата што се предмет на разгледување, се повикуваат да учествуваат и претставници на други државни органи и институции.[202]

## Глава 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Доколку правиме градација на безбедносните закани и ризици би можеле да кажеме дека тероризмот е најсериозна закана за целиот свет. Истиот предизвикува нестабилна состојба, страв, губење човечки животи, неповолни општествено-политички движења, миграциски движења , итн. а со тоа се нарушува мирот во кој сака секој човек да живее. Екстремизмот, милитантниот исламизам, заспаните ќелии/припадници на терористичките групи низ целиот свет, т.н. “волци самотници”, странските терористички борци-ФТФ, повратниците од боиштата, употребата на интернетот и социјалните мрежи за терористички цели, лесно достапните материјали за читање, напредната технологија,3 -Д печатари, импровизирани експлозивни направи, беспилотни летала итн. се само уште еден сигнал дека во времето што ни претстои, целиот свет ќе се соочува со уште поголеми предизвици отколку досега и времето во кое живееме со себе ја носи и заканата дека терористите , како и СТБ , или ФТФ и повратниците сè повеќе ќе имаат пристап до деградирачки начини, средства и постапки.

ИД ,заедно со нејзините ограноци/филијали , и ден денес претставува најопасна терористичка организација во светски рамки . Факт е дека нејзината идеологија не е уништена и продолжува со активности и вршење на терор низ светот .

[202] chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/ZKBRZ%20108-19.pdf

ИД има привлечено најголем број на ФТФ во поновата историја. Западен Балкан или земјите од ЈИЕ имаат испратено голема бројка на борци , дури споредбено со бројот на вкупната популација на светско ниво се рангираат помеѓу првите земји по број на жители.

НВО и религиозните организации од блискоисточните и од арапските земји, одиграле клучна улога во промовирањето и ширењето на исламот во регионот на ЈИЕ , во изминатиот период . Преку координирана употреба на широкиот дијапазон на активности и помогнати од локалните верски лидери, тие успеале во намерата да ја поттикнат и делумно да ја убедат муслиманската популација дека исламот претставува единствениот пат кон државотворноста и обликувањето на општеството.Исто така , се уште ограничените можности за личен и социо-економски развој кај дел од муслиманската популација во Западен Балкан ја зголемуваат нивната ранливост, а причина за радикализација не се секогаш нефункционалните семејства , со што се потврдува главната хипотеза:

-Активната пропаганда за ,,помалата,, интеграција во општеството на одредена популација и чувството на маргинализираност генерира лесно прифаќање на екстремистички идеи на пропагандата на ИД, особено кај муслиманската популација во земјите од Западен Балкан и Република Северна Македонија, а преку тоа се зголемени ризиците и заканите по безбедноста.

А исто така и помошните хипотези ;

- пропагандата заснована на дезинформации кон одредени целни групи наметнува одреден интерес за погрешно разбирање на состојбите;

- активните мерки на подгревање на авантуристичко-идеолошки идеи завршуваат со голем број на потенцијални борци во паравоени и параполициски групи;

- социјалните услови- сиромаштијата и ниското образование се фактор за лесно прифаќање на радикализацијата;

- психолошките влијанија на одредени поединци и групи, без изграден вредносен систем, ги потенцира можните сфери на влијание на екстремните и радикални елементи;

- интерперсоналните и интергрупните односи се добра основа за прифаќање на идеи и ставови од екстремната сфера;

- религиската исклучивост и неизградениот систем на резилиентност од екстремни ставови, поддржани од религијата која „повикува на обврски “, се фактор на влијание за терористички ставови и дејствија.

Без разлика на нејзиниот ограничен успех, реисламизацијата и радикализацијата сè уште претставуваат предизвик со кој се соочуваат националните влади на земјите од ЈИЕ и Западен Балкан. Интензивирањето на културната интеракцијата меѓу муслиманските заедници од земјите во ЈИЕ, кои сè уште не се дел од ЕУ, и земјите од кои потекнува милитантниот исламизам, претставува дополнителен предизвик несамо за земјите кандидати, туку и за самата ЕУ бидејќи нејзините демократски и културни вредности не се совпаѓаат со исламистичката идеологија.

Многуте конфликти и војни кои се во тек , особено Израел-Палестина,Украина – Русија , и останатите земји од Афричкиот и Азискиот континент , ќе придонесат за големиот прилив на огнено оружје, муниција и експлозиви – да се зголемува како што војните се одолговлекуваат , што може да ја поттикне недозволената трговија со оружје кое на крајот завршува во рацете на терористи во ЕУ, или Западен Балкан.

-Членовите на Хамас ги повикаа сите муслимани да се борат не само против Израел туку и против западниот свет.Тоа го зголемува будењето на екстремизмот во целиот свет, а со тоа и во овој дел од Европа, особено Западен Балкан , Косово , Македонија ,БиХ,Србија , и учеството на СТБ или ФТФ , на нови заминувања на бојното поле , реактивација на повратниците ФТФ , или ќелиите спијачи.

Оттука, можеме да кажеме дека и во наредниот период,односно и следната деценија може да се очекува раст на меѓународната миграција, а воедно и закани од тероризам,радикалниот ислам ,како и хибридни закани,што и во моментот секојдневно ни се случува.

Пред се треба добро да се обучат безбедносните припадници како да препознаат и како да реагираат на наведените појави . Значи, има потреба од посеопфатни напори за воспоставување механизми за рана идентификација на радикализација што ќе ги зајакне релевантните институционални капацитети и ќе ги зајакне стручните лица за спречување и

спротивставување на знаците на радикализација кои можат да доведат до насилен екстремизам , тероризам и учество во странски војски или терористички организации

Република Северна Македонија има законска рамка за справување со борбата против тероризмот, радикализацијата и дерадикализацијата која во голема мера е во согласност со европските стандарди, но потребни се подобрувања во однос на мерките за спречување тероризам. Поради тоа, неопходен е пристап на „целото општество“ за да се обезбедат одржливи решенија за физичките, социјалните, психолошките и економските предизвици со кои се соочуваат странските терористички борци повратници и нивните семејства. Македонските институции треба да преземат посериозни чекори за ресоцијализација на странските терористички борци повратници и на лицата кои овозможуваат нивно заминување. Повратниците треба и мора  да се реинтегрираат . Имаме мерки , но не се доволни . Тоа ни го покажаа примерите од изминатиот период, со тројцата повратници кои за среќа беа спречени и на време откриени во подготвувањето на нови терористички напади веднаш по издржаната казна затвор.Потребни се систематски, одржливи, инклузивни и релевантни програми за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на странските терористички борци повратници кои ќе се засноваат на транспарентен процес кој ги вклучува сите релевантни чинители.Тоа ќе спречи понатамошна радикализација на затворската популација која може да ја загрози севкупната безбедност во Република Северна Македонија.

Потребна е поголема јасност околу поделбата на овластувањата, задачите и одговорностите помеѓу локално и централно ниво за подобра соработка за превенција и борба против насилниот екстремизам и тероризам . Државата треба да донесе дополнителни законски одредби за легитимизирање и уредување на активностите на локалните тела.

ЛИТЕРАТУРА;


- Aboul-Enien, Youssef H. Militant Islamist Ideology: Understanding the Global Threat. Annapolis, Maryland: Naval Institute Press, 2010.
- Alispahić, Fatmir. 40 izabranih kolumni: iz „Saffa“ 2003-2013. Tuzla: Off-set, Batva, 2012.
- Bojić, Mehmedalija. Historija Bosne i Bošnjaka. Sarajevo: Šahinpašić, 2001.
- Cigar, Norman. Al-Qa'idas' Doctrine for Insurgency: 'Abd Al-'Aziz Al-Muqrin's A Practical Course for Guerrilla War. Washington: Potomac Book, 2009.
- Др.Димовски Злате и Др.Илијевски Ице ,Меѓународен тероризам ,Факултет за безбедност Скопје,2011
- Др.Димовски Злате ,Тероризам - Графотранс,2007
- Др. Димовски Злате ,прирачник-Тактика на примена на стандардни процедури пост терористички напади ,Комора на РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за приватно обезбедување,2021
- Демири, Бејтула. Ислам и Политика: Политичко Искуство на Муслиманите, Скопје: Логос-А, 2009.
- Deliso, Christopher. The Coming Balkan Caliphate: The Threat of Radical Islam to Europe and the West. Westport, Connecticut: Preaeger Security International, 2007.
- Проф.Др.Ѓуровски Марјан, Проф.Др.Николовски Марјан,Проф.Др. Герасимовски Саше, -публикација-Безбедносни ризици и закани –третман,феноменологија и мапирање, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија,Факултет за безбедност -Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола-2020
- Emerson, Steven. American Jihad: The Terrorists Living Among Us. New York: The Free Press, 2002.
- Izetbegović, Alija. Islamska Deklaracija, Sarajevo: Bosna, 1970.
- Kohlman, Evan F. Al-Qaida's Jihad in Europe: The Afghan-Bosnian Network. Oxford: Berg, 2004
- Др. Мојановски Цане , Методологија на безбедносните науки –Факултет за безбедност,Скопје, 2012.
- Margetić, Domagoj. Islamistički Terorizam na Jugu Evrope. Zagreb: DM, 2006.
- Meddeb, Abdelwahab. The Malady Of Islam. New York: Basis Books, 2003.
- O'neill, Sean and McGrory, Daniel. The Suicide Factory: Abu Hamza and the Finsbury Park Mosque, London: Harper Collins Publishers, 2006.

- Др.Рајковчевски Раде ,Градење Безбедносна Политика,случајот на Република Северна Македонија
- Rahim, Jamal Abdul. Abu Musam al-Zarqawi, Sehikh of al-Qaeda in the Land of the Two Rivers. Cairo: Arabyah, 2005.
- Robinson, Adam. Bin Laden, Behind the mask of the terrorist, New York: Arcade Publishing, 2002.
- Roy, Olivier. Globalized Islam: The Search for a new Ummah, New York: Columbia University Press, 2004.
- Roy ,Olivier, „The paradoxes of the re-islamization of Muslim societies“, The Immanent Frame, September 8th 2011. 29.01.2015.< http://blogs.ssrc.org/tif/2011/09/08/the-paradoxes-of-the-re-islamization-of-muslim-societies/>
-
- „The Challenges of Euro-Islam“. ed. Adam Garfinkle. A Practical Guide Wining The War on Terrorism. Stranford University, Hoover Institution Press, 2004.
- Shay, Shaul. Islamic Terror and the Balkans. New Jersey: Rutgers - The State University, 2009.
- Др.Танески, Ненад. Нова ера на војувањето: стратегија за борба против асиметрични закани. Скопје: Априком, 2014.
- Др. Чамински Борче,специјалистички труд ,Милитантниот исламизам како закана по регионалната безбедност на Југоисточна Европа, 2015
- Jessica Stern , J.M.Berger- ISIS –The state of terror,2015
  - Глобални хибридни закани и асиметрични војни. Скопје: Априком, 2014.

- <u>Извештаи од институции од Република Северна Македонија;</u>
- Годишни извештаи на Регионален центар за гранични работи-Југ
- Извештај за поднесени обвиненија од ОЈОГКК Скопје
- Извештај за предмети и пресуди од Основен суд Скопје
- Извештај во сенка за постоечките стратегии и релевантната правна рамка запревенција и спречување на насилен екстремизам и рехабилитација иреинтеграција на странски терористички борци повратници и нивните семејства( студија за почетната состојба период 2018- 2021 )
- <u>Меѓународни документи ;</u>
- Др. Буљубашиќ Мирза,Насилен десничарски екстремизам во Западен Балкан,2022

- 33_CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE DEFINING THE NOTION OF SUICIDE ATTACKS December 2017 (SMO-za-web)
- CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE( Година 22, бр. 43, декември 2022 / Vol. 22, No. 43, December 2022) -THE INFLUENCE OF THE ARMED CONFLICTS ON THE REFUGEE CRISES IN THE MIDDLE EAST COUNTRIES,Nena NENOVSKA GJORGJIEVSKA 1 ( Современа Македонска Одбрана бр.43 . стр.100 )
- Frontex -Strategic Risk Analysis 2022.pdf
- KambovskiVlado, Lidija Georgieva,Naum Trajanovski COUNTRY REPORTS ON NATIONAL APPROACHES TO EXTREMISM-Framing Violent Extremism in the MENA region and the Balkans,NORTH MACEDONIA-декември,2020
- Studies
- UN SC CT Committee security-council-guiding-principles-on-foreign-terrorist-fig,2015 and 2018
- 2018 Compendium-biometrics-final-version-LATEST_18_JUNE_2018_optimized
- 2021 ODIHR BM and HR Draft Policy Brief for Design
- 2021 UNODC CTLTC_CT_in_the_Intl_Law_Context_1_Advance_copy
- 20211119 EU fra-2021-directive-combating-terrorism_and impact on Human Roghts_en
- GCTF HMM Adendum English-Addendum-to-The-Hague-Marrakech-Memorandum (1)
- GCTF HMM Adendum English-Addendum-to-The-Hague-Marrakech-Memorandum
- GCTF New_York_Memorandum_on_Good_Practices_for_Interdicting_Terrorist_Travel
    - GTI-2020-web-1
- UNCCT 1806953-en-ctitf-handbookhrscreeningatborders-for-web2
- UNCCT and GCTF-Good-Practices -BSM-ENG 1
- Интернет извори ;
- https://www.un.org/counterterrorism/sites/www.un.org.counterterrorism/files/2118451e-vt-mod2-urban_centres_final-web.pdf
- https://www.un.org/counterterrorism/sites/www.un.org.counterterrorism/files/2118451e-vt-mod3-tourist_sites_final-web.pdf
- https://www.internal-displacement.org/sites/default/files/IDMC_GRID_2022_HQ.pdf
- https://www.un.org/counterterrorism/sites/www.un.org.counterterrorism/files/2118451e-vt-mod1-introduction_final-web.pdf
- https://polis.osce.org/file/24154/download?token=13a_F4AR

- file:///C:/Users/Vase/Downloads/OSCE-AUS-RPT-4064-EN-3776.pdf
- https://www.visionofhumanity.org/wp-content/uploads/2022/03/GTI-2022-web-09062022.pdf
- https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117 (извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)
- https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf ( стр.18 )
- https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117(извештај на ЕУ 2023 за напредокот на РСМ)
- Странски терористички борци- Прирачник за институтите за судска обука од Југоисточна Европа-канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал,Виена
- BBC News. "Vienna shooting: What we know about 'Islamist terror' attack." BBC, November 4, 2020.; Pancevski, Bojan, Ruth Bender, and William Boston. "Vienna Shooting Kills Four, Injures Several in Terrorist Act." The Wall Street Journal, November 3, 2020.
- Arraf, Jane. "Suicide Bombings in Crowded Baghdad Market Kill at Least 32." The New York Times, January 21, 2021.
- Al-Araby. "IS claims Baghdad twin bombing that killed 32, wounded 110." Al-Araby, January 21, 2021.
- "Cabo Ligado Weekly: 29 March-4 April." Cabo Ligado Conflict Observatory, April 2021. https://www.caboligado.com/reports/cabo-ligado-weekly-29-march-4-april-…
- Christina Goldbaum. "ISIS Claims Responsibility for Mozambique Attack." The New York Times, March 30, 2021. https://www.nytimes.com/2021/03/30/world/africa/isis-mozambique-attack…; "Islamic State Claims Dayslong Attack on Mozambique Town." VOA News, March 29, 2021. https://www.voanews.com/africa/islamic-state-claims-dayslong-attack-moz…; Emilia Columbo and Austin C. Doctor. "Foreign Fighters and the Trajectory of Violence in Northern Mozambique." War on the Rocks, April 13, 2021. https://warontherocks.com/2021/04/foreign-fighters-and-the-trajectory-o…
- Christina Goldbaum. "ISIS Claims Responsibility for Mozambique Attack." The New York Times, March 30, 2021. https://www.nytimes.com/2021/03/30/world/africa/isis-mozambique-attack…

- Стратегии и правни документи:
- Одлука за именување на членови, заменици членови и секретар на националниот комитет за спречувањенасилен екстремизам и борба против тероризам
- Национална стратегија на Република Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022),достапно на: национална стратегија МК (vlada.mk)

- Национална стратегија за перење на пари и финансирање на тероризам, достапно на: h’ ps://ufr.gov-.mk/?p=495
- Национална стратегија за одбрана на Република Северна Македонија, достапна на:
- h’ ps://pretsedatel.mk/mk/стратегија-за-одбрана-на-република-се/
- Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странскивојски и членови на нивните семејства, 2020
- Кривичен законик, достапен на: h’ ps://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf
- Закон за спречување на перење на пари и финансирање тероризам, достапен на: h’ ps://ww-
- w.nbrm.mk/ns-newsarticle-zakon-za-sprecuvane-perene-pari-i-” nansirane-na-terorizam.nspx